**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Сто и единаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 октомври 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Дами и господа пратеници, ја отворам 111-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Стојан Андов, Милка Митковска, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Тито Петковски, Али Ахмети, Абдуладి Вејсели, Рафет Муминовиќ и Љубчо Георгиевски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Информиран сум дека се потпишани 59 пратеници, ќе причекаме и ги молам пратениците кои се во Клубот на пратениците да влезат, за да можеме да го дефинираме и да го усвоиме дневниот ред.

Потпишани се 60 пратеници, и затоа ги молам пратениците барем дневниот ред да го усвоиме, а потоа ако имаат работа нека ја напуштат седницата, за да не правиме пауза од половина час.

Ги замолувам пратениците да седат во салата и само тројца пратеници ни недостигаат за да почнеме со седницата. Сигурно, во Клубот на пратениците има уште пратеници.

Сега имаме 62 пратеници присутни во салата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет и заменикот на Претседателот на Државната изборна комисија.

Записниците од 101, 103 и 104-та седница на Собранието ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците? (нема)

Бидејќи нема, констатирам дека записниците од 101, 103 и 104-седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Согласно член 6 и член 101 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија со изборот за директор на Управата за имотно правни работи, констатирам дека на Недим Рамизи му престанува мандатот на пратеник во Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Каме Петров предлага на оваа седница да се разгледаат Предлогот на одлуката за огласување избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија и Предлогот на одлуката за огласување избор на судии на основните судови во Прилеп,Куманово, Крива Паланка и Охрид.

Заради рационалност пратеникот Каме Петров ќе ги образложи двата предлози, а гласањето ќе го извршиме за секој од нив одделно.

Го молам пратеникот Каме Петров да ја образложи основната и неодложна потреба овие предлози да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор пратеникот Каме Петров. Повелете.

**Каме Петров:** Благодарам.

Почитуван претседателе, основната и неодложна потреба на овие одлуки да бидат поставени на денешната седница на дневниот ред на Собранието на Република Македонија, веќе се цитирани во доставените писмени предлог одлукиу за огласување на избор на судии во повеќе основни судови и во Врховниот суд на Република Македонија. Цитиран е и членот 66 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, со што нема правна пречка денес да ги донесеме овие одлуки.

Значи, станува збор за одлуки, за огласување за избор на судии во итна постапка, а не за избор на судии во итна постапка и од тие причини предлагам денес овие одлуки да се донесат, со што ќе се потврди проодноста на Собранието на Република Македонија кон донесувањето на одлуките за судските органи. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на пратеникот Каме Петров, предлогот на одлуката за огласување на избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија да биде разгледан на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници во салата, 59 гласале, 58 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Предлогот на пратеникот Каме Петров Предлогот на одлуката за огласување избор на судии на основните судови во Прилеп, Куманово, Крива Паланка и Охрид да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници во салата, 57 гласале, 56 гласале за, еден воздржан, нема против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија.

Предлогот за верификација ви е поделен.

Го молам претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања да ја образложи итната и неодложна потреба верификацијата на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија да биде разгледана на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата Борис Кондарко.

Повелете господине Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам претседателе,

Како што и вие при информирањето за дневниот ред образложивте дека на пратеникот Недим Рамизи поради стапување на друга должност и неспоивост на функциите му престанува мандатот на пратеник во Собранието, согласно Деловникот на Собранието е должно на првата наредна седница да ја спроведе постапката согласно Законот за избор на пратеници да го верифицира мандатот на наредниот пратеник од листата, овој пат на ДУИ. Значи, од тие причини ние сме задолжени на наредната седница да го верифицираме мандатот,подоцна ќе ја образложиме и процедурата односно дека веќе ДИК на наредниот пратеник му издава уверение, така што треба да го ставиме како дополнување на дневниот ред на оваа седница, мислам таа точка.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на Комисијата верификацијата да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 пратеник присутни, 52 гласале, 52 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Пратеникот Марјан Ѓорчев предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Информација за штетните последици по лозарството и винарството во Република Македонија предизвикани од блокадата на Винарската визба "Тиквеш" -Кавадарци.

Информацијата ви е поделена.

Го молам пратеникот Марјан Ѓорчев да ја образложи итната и неодложна потреба информацијата да биде разгледана на оваа седница.

Има збор пратеникот Марјан Ѓорчев.

Повелете господине Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Целта на оваа информација е запознавање на пратениците во Парламентот на Република Македонија со евентуалните штетни последици по севкупното лозарско производство и производство на вино во Република Македонија, кое што е во овој момент, во овој актуелен момент на блокадата на жиро сметката на Винарската визба "Тиквеш" од страна на Министерството за финансии, спротивно на законските прописи на Република Македонија, актуелно.

Јасно е дека она што претставува винарската визба "Тиквеш" за тиквешкиот регион одделно, а посебно за севкупното македонско виногорје иницира една ваква итност во поставувањето на оваа точка на дневен ред, затоа што се работи за интерес на 5.000 коопeранти во оваа винарска визба, лозаро производители, со над 20.000 членови на општината Кавадарци и околните општини. Понатаму се работи за состојба на одржлив развој на еден капацитет кој што претставува со 55 милиони литри сместувачки капацитет и преработувачки капацитет, најголем капацитет на Балканот. Се работи за судбината на 370 вработени луѓе во винарскиот подрум "Тиквеш" и исто така се работи за локалниот инпакт што го има работењето на овој наш Македонски гигант во делот на соработката со над 70 фирми кои се добавувачи, транспортери или пак одржувачи на она што претставува капацитет од винарска визба "Тиквеш", со над 1.500 вработени.

Ако говориме за вредносните аспекти на она што значи овој винарски подрум, треба да кажеме дека само за оваа година се откупени над 40 милиони килограми грозје во вкупна вредност од близу 8 милиони евра, а во период од 2000-та година наваму секоја година винарската визба "Тиквеш" од Кавадарци ја откупува оваа количина на винско грозје во просек од 40 до 45 милиони килограми винско грозје. Исто така, локалниот инпакт за општината Кавадарци со развој на локалната инфра структура и севкупните плаќања , соработки со претпријатие кои што изнесуваат над 180 милиони денари и она што е најважно одржливиот развој на индивидуалното лозарство со навремено плаќање на откупеното грозје од страна на лозаро производителите. Затоа што, "Тиквеш" е граден пред се за развој на индивидуалното лозарство и претставува рбетот и стожер на економијата на град Кавадарци и пошироко во Тиквешкиот округ.

Од тие причини сметам дека Парламентот, законодавниот дом треба да ја разбере оваа ситуација кога неконтролираното работење на одреден владин ресор кој што може да предизвика криза во економскиот, политичкиот и правен систем во Република Македонија во делот, пред се, на регионалниот развој на една општина како што е градот Кавадарци и пошироко, мора да биде ставен на дневен ред и да се запрашаме дали на некого му е од интерес да се уништи Тиквеш како наш голем преработувачки капацитет со бренд и име познато вон просторите на Република Македонија.

Од тие причини барам да гласате за информацијата, да ја разгледаме, да дојдат тука и претставниците на Министерството за финансии, претставниците на Владата и да донесеме заклучоци кои што ќе бидат од интерес и на граѓаните на Република Македонија и за

нивните човекови права и слободи, пред се, на лозарите од град Кавадарци. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Ѓорчев.

Предлогот на пратеникот Марјан Ѓорчев го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 пратеници присутни, 58 пратеници гласале, 27 гласале за, 2 воздржани, 29 пратеници гласале против.

Констатирам дека Предлогот на пратеникот Марјан Ѓорчев не е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:
1. Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија;
2. Предлог за избор на претседател на Апелациониот суд во Штип;
3. Предлог за избор на судии во апелационите судови во Скопје и Битола;
4. Предлог за избор на судии во основните судови во Битола, Гевгелија, Скопје И- Скопје, Скопје ИИ- Скопје; Струмица и Тетово;
5.Предлог на одлука за огласување избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија;
6.Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови во Прилеп, Куманово, Крива Паланка и Охрид;
7. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за трговија со цивилни воздухоплови, со Предлог на закон.

8.Предлог за донесување на закон за ратификација на на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Белорусија за одбегнување на двојното оданочување и заштита од фисклана евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал, со Предлог на закон;

9.Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Шпанската Влада за одбегнување на двојното оданочување и заштита од фискална евазија по однос на данокот на доход и данокот на капитал, со Предлог на закон;

10.Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за украдените или незаконски извесените културни добра, со Предлог на закон;

11.Предлог на закон за хартии од вредност;

12.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси, со Предлог на закон;

13. Предлог на закон за радиодифузната дејност;

14.Предлог за донесување на закон за полиција;

15.Предлог за донесување на закон за филмскит фонд на Република Македонија;

16.Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за водните заедници со Предлог на закон;

17.Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за водостопанствата, со Предлог на закон;

18.Барање за давање автентично толкување на членот 9 точка 1 од Законот за денационализација, поднесено од пратеникот Ристе Бислимовски;

19.Предлог на декларација Земја по мерка на децата.

Дали некој има предлог за изменување на предложениот дневен ред, во смисла на тоа да се симне некоја точка од дневниот ред, бидејќи надополнувањето по член 66 го завршивме.(Нема).

Бидејќи нема, предложениот дневен ред го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници 51 пратеник гласале, 51 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Дали некој има забелешки на редоследот на точките.

Господине Ѓоргиев, повелете имате збор.

**Драган Ѓоргиев:** Благодарам претсеедателе, почитувани пратеници, членови на Влада,

Според член 74 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, барам поддршка од 10 пратеници заради измени во редоследот на точките од дневниот ред на денешната седница.

Имено, предлагам Предлогот на закон за радиодифузна дејност, да биде последна точка, имајќи ги предвид големиот број на амандманите зарради добивање на дополнително време за усогласување по некои од амандманите.

**Љупчо Јордановски:** Можам да видам поддршка од 10 пратеника?(Има)

Предлогот точката 13 - Предлог на закон за радиодифузна дејност да биде последна точка, односно 19-та, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

55 пратеника гласале, 53 гласале за, 1 воздржан и 1 против.

Службите нека го утврдат бројот на присутни пратеници во салата, бидејќи 55 е далеку од 61.

Во салата се присутни 63 пратеника, што знажи дека предлогот на господинот Драган Ѓоргиев е усвоен.

Дали има некој други слични предлози? (Нема)

Бидејќи нема, констатирам дека со оваа измена е утврден дневниот ред по кој што ќе работиме.

Во текот на седницата ќе го добиете конечниот дневен ред испечатен.

**Минуваме на точката 1 - Верификација на мандат на пртеник во Собранието на Република Македонија.**

Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања Ви е поделен.

Отворам претрес по Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања.

Ако има потреба му давам збор на претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања господинот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Мислам дека е редно кога се работи за верификација нна мандат на пратеник да го известиме Собранието дека Комисијата вчера го разгледа Извештајот на Државната изборна комисија. Државната изборна комисија за спровела постапката согласно Законот за избор на пратеници. Значи на местото на досегашниот пратеник Недим Рамизи, кој помина на друга должност, наредниот пратеник кој доаѓа од Пратеничката група на ДУИ е госпоѓата Назлие Даути која доаѓа од Изборната единица број 5.

Бидејќи нема никакви законски процедурални пречки согласно Извештајот на Државната изборна комисија, Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања му предлага на Собранието согласно Деловникот да го верифицира мандатот на пратеничката Назлие Даути од ДУИ. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавено за збор го заклучувам претресот.

Го ставам на гласање Извештајот и Предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања за верификација на мандатот на пратеникот Назлие Даути.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 64 56 гласале, 56 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Извештајот и Предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања се усвоени и дека со тоа е извршена верификација на мандатот на пратеникот Назлие Даути.

Во мое име, а претпоставувам и во името на пратениците и ја честитам функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точката 2 - Предлог за избор на претседател на Апелациониот суд во Штип**.

Предлогот за избор ви е доставен.

Отворам претрес, молам кој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот.

Предлогот Боге Илиев да биде избран за претседател на Апелациониот суд во Штип го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници, 46 гласале, 46 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Боге Илиев е избран за претседател на Апелациониот суд во Штип.

**Минуваме на точката 3 - Предлог за избор на судии во апелационите судови во Скопје и Битола.**

Предлогот за избор ви е доставен.

Отворам претрес, молам кој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот.

Предлогот Агрон Салиу да биде избран за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

54 гласале, 49 гласале за, нема воздржан, 5 против.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници.

Во салата беа присутни во времето на гласањето 63 пратеници.

Констатирам дека Агрон Салиу е избран за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Отворам претрес по Предлогот Зорица Шапуриќ-Хорват да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот.

Предлогот Зорица Шапуриќ-Хорват да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 пратеника, 51 гласале, 50 за, 1 воздржан,нема против.

Констатирам дека Зорица Шапуриќ-Хорват е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Отворам претрес по Предлогот Петкана Јадровска да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Битола.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот.

Предлогот Петкана Јадровска да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Битола го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 пратеника, 58 гласале, 58 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Петкана Јадровска е избрана за судија на Апелациониот суд во Битола.

Отворам претрес по Предлогот Мишко Стојковски да биде избран за судија на Апелациониот суд во Битола.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот.

Предлогот Мишко Стојковски да биде избран за судија на Апелациониот суд во Битола го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 пратеника, 59 гласале, 58 за, нема воздржан, еден против.

Констатирам дека Мишко Стојковски е избран за судија на Апелациониот суд во Битола.

Отворам претрес по предлогот Андроники Наставска да биде избрана за судија во Апелациониот суд во Битола.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Предлогот Андроники Настевска да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Битола го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 пратеника, 58 гласале, 58 гласале за, нема против, нема воздржан.

Констатирам дека Андроники Настевска е избрана за судија во Апелациониот суд во Битола.

**Минуваме на точката 4 - Предлог за избор на судии во основните судови во Битола, Гевгелија, Скопје I - Скопје, Скопје II - Скопје, Струмица и Тетово.**

Предлогот за избор ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот Миле Димовски да биде избран за судија на Основниот суд во Битола.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Предлогот Миле Димовски да биде избран за судија на Основниот суд во Битола го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 66 пратеника 56 гласале, 56 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Миле Димовски е избран за судија на Основниот суд во Битола.

Отворам претрес по предлогот Ристе Ристевски да биде избран за судија на Основниот суд во Битола.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Ристе Ристевски да биде избран за судија на Основниот суд во Битола го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 68 присутни, 54 гласале, 54 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Ристе Ристевски е избран за судија на Основниот суд во Битола.

Отворам претрес по предлогот Тодорка Цилковска-Димовска да биде избрана за судија на Основниот суд во Гевгелија.

Молам кој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот.

Предлогот Тодорка Цилковска-Димовска да биде избрана за судија на Основниот суд во Гевгелија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 68 пратеника 53 гласале, 53 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Тодорка Цилковска-Димовска е избрана за судија на Основниот суд во Гевгелија.

Отворам претрес по предлогот Славица Андреевска да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје I - Скопје.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот Славица Андреевска да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје I - Скопје, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 68 пратеника 56 гласале, 55 за, нема воздржан, 1 против.

Констатирам дека Славица Андреевска е избрана за судија на Основниот суд Скопје I Скопје.

Отворам претрес по предлогот Зоран Димитриевски да биде избран за судија на Основниот суд Скопје I Скопје.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Зоран Димитриевски да биде избран за судија на Основниот суд Скопје I Скопје, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 68 пратеника 54 гласале, 54 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Зоран Димитриевски е избран за судија на Основниот суд Скопје I - Скопје.

Отворам претрес по предлогот Елизабета Настов да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје II - Скопје.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Елизабета Настов да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје II - Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 67 пратеници 55 гласале, 55 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Елизабета Настов е избрана за судија на Основниот суд Скопје II - Скопје.

Отворам претрес по предлогот Зора Божиновска да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје II - Скопје.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Зора Божиновска да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје II - Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 67 пратеници 57 гласале, 57 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Зорра Божиновска е избрана за судија на Основниот суд Скопје II - Скопје.

Отворам претрес по предлогот Розалинда Ристевска да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје II - Скопје.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Розалинда Ристевска да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје II - Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 67 пратеници 56 гласале, 56 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Розалинда Ристевска е избрана за судија на Основниот суд Скопје II - Скопје.

Отворам претрес по Предлогот Ирена Костадинова-Ангелова, да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје II - Скопје.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Ирена Костадинова-Ангелова да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје II Скопје, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 67 пратеника51 гласале, 51 за, нема воздржани, нема против.

Сепак да го провериме бројот на пратениците.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници.

Ако нешто ви значи ќе правиме статистика во овој извештај каде што и непритискањето на копчињата ќе значи негласање и по тоа ќе заклучуваме дали сте присутни или не сте присутни.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Со тоа констатирам дека Ирена Костадинова Ангелова е избрана за судија на Основниот суд Скопје 2 - Скопје.

Отворам претерс по предлогот Славчо Тимов да биде избан за судија на Основниот суд во Струмица.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Славчо Тимов да биде избран за судија на Основниот суд во Струмица го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 пратеници присутни во салата, 57 гласале, од кои 26 пратеници гласале за, 1 воздржан и 30 против.

Констатирам дека Славчо Тимов не е избран за судија на Основниот суд во Струмица.

Отворам претрес по предлогот Мемет Мемеди да биде избран за судија на Основниот суд во Тетово.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Мемет Мемеди да биде избран за судија на Основниот суд во Тетово го ставам на гласање,.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 пратеници присутни во салата, гласале 54 пратеници, 54 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Мемет Мемети е избран за судија на Основниот суд во Тетово.

**Минуваме на точката 5 - Предлог на одлука за огласување избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници во салата, 54 пратеници гласале, 54 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија.

**Минуваме на точката 6 - Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови во Прилеп, Куманово, Крива Паланка и Охрид.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници во салата, 53 пратеници гласале, 53 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување избор на судии на Основните судови во Прилеп, Куманово, Крива Паланка и Охрид.

**Минуваме на точка 7 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за трговија со цивилни воздухоплови, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за трговија со цивилни воздухоплови.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 пратеника присутни во салата, гласале 53 пратеници, 53 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 претиника присутни во салата, гласале 57 пратеници, 57 претеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресто по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 пратеници присутни во салата, гласале 54 пратеници, 54 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата за трговија со цивилни воздухоплови.

**Минуваме на точка 8 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Белорусија за одбегнување на двојното оданочување и заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Белорусија за одбегнување на двојното оданочување и заштита од фискалната евазија во однос на данокот од доход и данокот на капитал.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 пратеници присутни во салата, гласале 55 пратеници, 55 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 претиник присутен во салата, гласале 46 пратеници, 46 претеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресто по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 пратеници присутни во салата, гласале 52 пратеници, 52 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација.

**Минуваме на точка 9- Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Шпанската Влада за одбегнување двојнот оданочување и заштита од фискална евазија по однос на данокот за добивка и данокот на капитал, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Шпанската Влада за одбегнување на двојното оданочување и заштита од фискалната евазија во однос на данокот на доход и данокот на капитал.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 41 пратеник, 41 за, нема воздржан, нема против.

Господа, притискајте, затоа што сега ќе паднеше овој предлог, ако мислите да помине предлогот. Немам коментари.

Службите нека го утврдат бројот на присутни пратеници во салата, бидејќи ова е навистина мала бројка.

(Службите го утврдуваат бројот на присутните пратеници).

Во моментот на гласање во салата беа присутни 60 пратеници, го поништувам претходното гласање, а сега имаме 61 пратеник во салата.

Ве повикувам повторно да гласаме.

Од 61 пратеник присутен во салата, гласале 57 пратеници, 56 пратеници гласале за, нема воздржани, еден против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 претиника присутни во салата, гласале 53 пратеници, 53 претеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресто по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 пратеници присутни во салата, гласале 59 пратеници, 59 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација.

**Минуваме на точката 10 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за украдените или незаконски извезени културни добра со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Господине Дојчиноски, повелете.

Јас се извинувам господине Дојчиноски, бев консултиран прво известител да даде збор, бидејќи вие определивте дека госпоѓа Самоилова е известител на оваа Комисија.

Дали сакате вие да земете збор?

Но добро, повелете.

**Киро Дојчиноски:** Почитуван претседателе, благодарам.

Почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, пред нас се наоѓа Предлогот за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за украдени или незаконски извезени културни добра, со Предлог на закон. Многу сериозна и корисна расправа може да се води по овој закон, но со оглед на тоа дека е ратификација, или работа која што веќе е доведена да се изјасниме дали да го прифатиме или не, во овој момент сигурно треба да обмислиме што е тоа, кои се резултатите ако го донесеме овој закон, односно кои би биле последиците ако истиот не биде донесен. Познато е дека Македонија како средиште е сериозно место каде што се укрстувале културите на Истокот и Западот и каде што настанувала автентична македонска култура со уште повисоки вредности. Познато е исто така дека практично долго време сме имале своја историја, но многу подоцна формиравме држава и институции за да можеа да ги сочуваат овие вредности. Важно е да се оцени и да се чувствува дека многу културни вредности што настанале на ова поднебје денес се експонати или делови на експонати или културни добра кои се наоѓаат во музеите на соседните земји, па и во подалечните. Многу значајни мисионери, добро намерни или недобронамерни успеале да ги разнесат во она време кога Македонија немаше држава. Но исто така морам да кажам дека пријатно е чувството дека овој закон пружа можност по пат на реституција дел од овие вредности да се вратат тука каде и што потекнуваат. Впрочем со овој закон на оваа генерација, па ако саката и на идните генерации, им се создава можност да ги комплетираат културните вредности на времето минато, на своето време и  можеби на времето кое доаѓа.

Со предложениот закон се создава неопходна правна рамка за концепцијата за зашта на културните добра кај нас. Донесувањето на законот за ратификација на Конвенцијата е предмет и во Европскиот прашалник, кој пред извесен период беше предмет на доставување до Европската заедница. Доколку не ја потпишеме, односно не го донесеме овој закон, ние ќе ја изгубиме можноста за легална постапка да се здобиеме со се она што значи културно богатство во поширока смисла на зборот, како што е претставено во самиот закон, во Анексот на законот, изразено преку 11 точки, кои што не се однесуваат само на експонати од археологијата или слично, ами се појавува еден многу поширок список на културни вредности.

Основна цел на Конвенцијата е да ја олесни реституцијата, односно враќањето на културните добра. Покрај тоа, со ратификацијата на оваа Конвенција ќе се придонесе за натамошниот развој и унапредување на поставениот нов систем на заштита на културните вредности во Република Македонија. Пожелна е оваа ратификација на Конвенцијата, тоа е потребно заради тоа што во Македонија навистина со неа ќе се дојде до едни нови вредности во она што е заминато откај нас. Ако сакате ...

**Љупчо Јордановски:** Господине Дојчиноски, би ве замолил за едно кратко известување.

Би сакал да ги поздравиме, тука е присутна делегација на Комисијата за европски прашања на Парламентот на Чешката Република која ни е овде во посета. Тоа е шесточлена делегација и од моја страна честитки што дојдовте.

(Аплауз).

Продолжете господине Дојчиноски.

**Киро Дојчиноски:** Но можеби овој текст на Конвенцијата при нејзиното усвојување на дипломатската конференција во Рим уште во 1995 година со присуство на 78 земји, ќе беше многу подобро доколку на неа учествуваше и делегација, односно преставници од Република Македонија, не затоа што ние сме попаметни, туку заради тоа што Република Македонија како дел од бившата СФРЈ има свои спесифики. Впрочем и самата СФРЈ со нејзиното распаѓање во оваа Конвенција не може да се најде, заради тоа што после распаѓањето добар дел од културните вредности што се најдоа во таквата заедничка држава не се ниту однесени ниту украдени, но со распаѓањето таму се затечени. И сега постапката за нивно враќање тече многу споро. Можеби во оваа Конвенција ќе се најдеа и елементи за проблемот на сукцесијата на културните вредности што се наоѓаат во југословенските трезори. Почитувајќи го принципот на провиниенција во времето кога постоеше единствена заедница на СФРЈ, многу културни вредности настанаа на тоа поднебје, а се однесуваа за Македонија. Затоа би било можеби потребно да се утврдат минимум активности бидејќи во оваа Конвенција тие ги нема, како би можело сукцесијата на одредени вредности, како што во самиот Анекс можете да видите дури и архивите, можат да се вратат. Десет години водиме одредени не би рекол успешни преговори, околу ваквото нешто и на крајот тешко можеме да дојдеме до тоа, а практично се однесува на работи кои се однесуваат на суштинско значење од делувањето на Македонската држава.

Тоа се, да речеме, документација како вредност која говори за културните наоѓалишта, рударските истраги, границите, меѓународни договори што се однесуваат на Македонија, а што во овој момент би биле од исклучително значење за Република Македонија.

Само уште едно прашање кое во оваа Конвенција, барем јас тешко можев да го видам, тоа е заштита на духовното културно наследство.

Пред некој ден видовте една иницијатива на нашиот министер за култура за заштита на "Танец", не случајно. Разни присвојувања на овој или на оној начин се случуваат и денеска. Јас пред некој ден можев да бидам непријатно изненаден кога на една од белградските телевизии слушнав дека одредена македонска песна чиј автор и исполнител беше нашиот познат Сариевски беше прогласена дека е од Република Србија и Црна Гора. Често пати ќе слушнеме песни баш во оригинал во телевизиските програми на соседните земји, па ќе ги наречат бугарски или не знам кои. Тоа не е ништо чудно. Културното богатство нема граници до колку е успешно, но, тоа има свое потекло, своја вредност односно има место на нејзино настанување.

Мислам дека тие елементи не се содржани и можеби нашите институции што се бават со оваа област ќе треба да направат одредена стратегија како би можело ова прашање да се заштити и за идните генерации и во овој момент сега. Благодарам.

Ќе ја подржам Иницијативата.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Дојчиновски.

Има збор пратеникот Цветанка Гашоска.

**Цветанка Гашоска:** Благодарам претседателе,

Законот за ратификација на Конвенцијата за украдени или незаконски изнесени културни добра го поддржувам. Како не би го подржала кога нашата културна ризница градот Охрид е соочен најмногу и најчесто со оттуѓување на непроценливо, вредно културно наследство.

Оваа Конвенција требаше да се ратификува порано токму заради фактот што сме свесни дека ни се случувале кражби на културните вредности. Но, не е доцна ако нешто добро се направи, а јас мислам дека е добро направено заедно со Законот за културно наследство кој е усвоен во ова Собрание.

Предноста на оваа Конвенција е што таа содржи минимум заеднички правни правила за олеснување на процедурата на враќање на културното наследство онаму од каде што тоа е оттргнато. Тие правила се во согласност со постарата конвенција од 1970 година која ј аиздала УНЕСКО.

Ова значи дека врз тој минимум можат да се применат мерки и одредби кои ќе имаат поширока и поголема обврзувачка моќ, што е за нас многу важно.

Пак ќе се вратам на нашиот Охирд. Повеќе пати повторена работа еден ден може да биде вистина, јас пак ќе повторам дека Охрид заслужува да има посебен закон и се надевам дека ќе го има и токму тогаш ќе се искористат овие минимум одредби што ги нуди оваа Конвенција. Тогаш ќе се искористат тие можности и привилегии под закрилата на УНЕСКО да си го поврати сјајот со многу вредности што се украдени и нелегално изнесени. За тоа има документација со писмо и слика.

Со Ратификацијата на Конвенцијата ќе се постигне, покрај заштитата на културното наследство и културна размена за различни цели, како и зајакнување на меѓународната културна соработка, а нелегалната трговија со културни добра ќе се замени со легална меѓународна соработка.

За тоа постои можност со развојо ти употребата на регистрите што се предвидени со Законот за ратификација и физичката заштита на археолошките локалитети што ќе потенцирам дека е од многу големо значење.

Морам да ја додадам и неизбежната забелешка-јакнење на поединечната свест кај луѓето кои се директно инволвирани во овој сегмент-истражувачите, археолозите и историчарите на

уметноста. Да станат свесни дека личното богатство не се споредува со културното богатство на оваа наша мала Македонија која е исклучително богата.

Затоа ќе го коментирам членот 3 точка 1 точно во смисла на афирмација. Оној кај кого се наоѓа културното добро што е украдено, треба истото да го врати. Но, морам да го коментирам и членот 4 точките 1 и 2 точно тие да бидат искористени во подготвувањето на останатите одредби и законски мерки кои би следувале.

Точката 1 вели: оној кај кого се наоѓа украдено културно одборо за кое е поднесено барање за реституција, има право на соодветен паричен надоместок во времето на извршување на регистрацијата, под услов да се докаже дека не знаел и не требал да знае дека доброто е украдено.

За нашата мала и сиромашна држава мислам дека е неизводливо да плати огромни суми за да си го врати она што е најзино. Мислам дека тука ќе треба да се бараат други можности.

Точката 2 вели: без да се повреди правото на имателот за надоместок што се однесува до ставот 1, ќе се преземат напори надоместокот да го плати лицето преку кое имателот го набавил културното добро. Ова ќе биде уште потешко, бидејќи никогаш не се знае тој кој го украл или никогаш тој не е директен продавач на културното добро.

Членот 5 точка 1 вели дека земјата потписничка може да поднесе барање до суд, тука би го искористила тоа што Охрид е под силна закрила на УНЕСКО и би барала вклучување на УНЕСКО како арбитер во овој процес и за наше добро односно тоа добро треба да го искористиме, зборува поглавјето 4-општите одредби каде постои добра можност отуѓените културни вредности да си ги бараме преку суд. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, има збор госпоѓа Ганка Самоиловска-Цветанова.

**Ганка Самоиловска-Цветанова:** Благодарам господине претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата.

На самиот почеток сакам да кажам дека давам, се разбира, безрезервна поддршка на Ратификацијата на оваа Конвенција со која би требало да се олесни процесот на реституцијата на културните добра односно процесот на враќањето на културните движни добра. Оваа Конвенција се заснова врз две клучни начела, а тоа се задолжително враќање на украдените и незаконски извезените културни добра и плаќање на правичен надоместок на совесниот држател на такви добра.

Би сакала да напоменам дека процесот на реституција е еден од најтешките процеси и најтешко остварливи процеси и, за жал, не би сакала да гаиме илузии пред нашата македонска јавност, би сакала да кажам дека процесот на реституцијата најчесто завршува безуспешно. Завршува безуспешно, бидејќи најголемите кочничари на процесот на реституцијата се токму оние држави во кои се наоѓаат најголемите музеи и културни центри и до колку тие се обврзат на процесот на реституцијата и се обврзат со вакви меѓународни конвенции, тоа значи дека најголемиот дел од експонатите кои се наоѓаат во нивните музеи ќе се вратат во оние држави од кои потекнуваат и музеите ќе останат полу празни. Во секој случај Република Македонија треба да ја ратификува оваа Конвенција, бидејќи Република Македонија е една од ретките земји која е навистина многу оштетена во смисла на незаконски изнесено културно добро од просторот на Република Македонија или јас би рекла дека Република Македонија буквално беше подложна на грабеж на културното добро особено во минатиот век и тоа во периодот за време на Првата светска војна, Балканските војни и Втората светска војна.

Една мала дигресија и како потврда на она што пред малку го кажав дека најголемите држави во кои се наоѓаат вакви светски познати музеи се кочничари на процесот на реституција, зборува и фактот дека оваа Конвенција, за жал, ја имаат ратификувано до сега само 10 земји од кои најголемиот број се земји Јужно-американски како што се Боливија, Гватемала, Перу и т.н., а од поголемите земји би ги издвоила, бидејќи единствено тие се потписнички Канада и Италија.

Во оваа прилика сакам да ја потсетам македонската јавност за незаконски изнесеното културно движно наследство од просторот на Република Македонија и сакам да кажам дека денес највредните средновековни ракописи, книги, најзначајните, највредните икони, археолошки предмети, предмети во резба и црковни реликвии се наоѓаат во туѓи музејски збирки.

Непроценливите ракописи и книги изработени со исклучителна орнаментика и илуминации во средновековните македонски книжевни центри, вредните дела на македонските зографи кои создавале во истиот период кога создавал Микеланџело, Давинчи и Висанти, ограбувачите за време на војните ги noселе во своите земји или ги продавале во други, а денес, за жал, тие се чуваат љубоморно дури далеку и од очите на македонската наука. Така во странските библиотеки и музеи се регистрирани 697 ракописи создадени во Македонија од 10-от до 18-от век и уште што други што македонската наука ги регистрирала индиректно, а само во Република Македонија се чуваат одвај нешто повеќе од 400 стари средновековни ракописи. Значи, имаме 400 во Република Македонија наспроти 800 стари вредни ракописи кои се наоѓаат во странски музеи.

Би ги спомнала центрите и музеите во кои се наоѓаат овие стари ракописи. Тоа се Белград, Загреб, Москва, Одеса, Санк Петербург, Софија, Пловдив, Краков, Цариград, Ватикан, Болоња, Париз, Лондон и многу, многу други светски центри.

Така на пример во Универзитетската библиотека "Светозар Марковиќ" во Белград се наоѓаат неколклу збирки стари ракописи одземени во периодот на војните околу 1913 година. Исклучително вредни ракописи има и во Српската академија на науките и уметностите, понатаму во Музејот на Српската православна црква во Белград, во манастирот Дечани на Косово и Метохија.

Народниот музеј во Белград располага со толку многу археолошки предмети, стотици и стотици икони од македонските цркви и манастири и стар накит што буквално од овие стари предмети и од ова археолошко и културно движно наследство може да се формира еден цел музеј со културно наследство од Република Македонија.

Еден друг наш сосед исто така поседува голем број на вредни археолошки и други експонати од Република Македонија. Така во Народната бибилотека во Софија се наоѓаат 398 ракописи од Република Македонија. Народниот музеј од Софија Бугарската Академија на науките во Народната библиотека во Пловдив има голем број примероци односно големо движно културно богатство што од Република Македонија е однесено во војните од 1912 до 1918 година како и за време на Втората светска војна.

Би издвоила еден исклучително значаен податок кој мислам дека не и е многу познат на македонската јавност, а тоа е дека Епископската круна на Охридските архиепископи се наоѓа во Народниот музеј во Софија и софиските стручњаци само вредните камчиња кои се наоѓаат на оваа круна ги проценуваат во вредност од 15 милиони евра.

Како што на самиот почеток кажав, процесот на реституцијата е најчесто неуспешен, не вродува со плод и за тоа во таа насока ние би требало да се сконцентрираме на превенцијата односно заштитата на културното наследство и тука би потенцирала дека е потребна континуиран ангажман и координирана акција на институциите кои се занимаваат со заштитата на културното наследство потоа на полицијата и царинските служби, значи треба да имаме и добро обучени цариници кои при евентуалниот обид за илегално извезување на културни добра од Република Македонија ќе бидат добро обучени за да истите ги препознаат.

Уште еднаш кажувам дека ја подржувам Ратификацијата на оваа Конвенција, но би сакала, бидејќи тука имаме и претставници од Владата, да напоменам дека за Република Македонија би било од исклучителна важност да ратификува една друга конвенција, станува збор за ревидираната Европска конвенција за заштита на археолошкото наследство од Валета, која, меѓу другото, се повикува земјите потписнички на оваа конвенција најпрвин самите соодветно да си го заштитат своето археолошко наследство. Поконкретно тоа подразбира чуварски служби, стандардизирани регистри, соодветно опремени депоа, музеи и т.н.

Значи, уште еднаш на самиот крај сакам да потенцирам за да не се доведеме во ситуација да се занимаваме со процесот на реституција, најдобро е да делуваме превентивно односно да посветиме исклучително внимание кое бара соодветен финансиски третман на заштитата на културното наследство. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Имате реплика? И по ова прашање?

Повелете три минути господине Дојчиноски.

**Киро Дојчиноски:** Јас не знам дали колешката Самоиловска оперираше со една бројка од времето кога беше министер или оваа најнова бројка што е дадена овде ја има испуштено. Сакам да кажам дека таа спомна дека Ратификацијата на оваа Конвенција ја имаат само 10 држави. Денеска сме информирани во овој текст дека до овој момент 24 држави ја имаат ратификувано оваа Конвенција. Мислам дека бројката треба да ја проверите. Во таа смисла овој процес оди и понатаму. Не е застанат на тие 10 држави во времето кога бевте министер.

**Љупчо Јордановски:** Една минута контра реплика за госпоѓа Цветанова.

**Ганка Самоиловска-Цветанова:** Овој податок не е од времето од еден претходен период, ова е еден податок кој го добив од нашите сегашни експерти, не е нешто што оперирам од претходниот период.

Инаку, јас повторно ќе кажам давам подршка на ратификацијата на оваа Конвенција, но не би сакала да гаиме илузии дека со ратификацијата на оваа Конвенција по автоматизам ќе се врати нашето културно наследство, движно наследство кое е изнесено по незаконски пат од Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и пред да пристапиме кон гласање по заклучокот, ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата, расправата заврши.

**Љупчо Јордановски:** Сега имаме присутни 61 пратеник.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за украдените или незаконски извезените културни добра.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале од 62 присутни 60 пратеника, 60 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни 59 гласале, 59 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на текстот на законот го ставам на гласање.

Од 63 присутни пратеници 60 пратеника гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Конвенцијата за укредените или незаконски извезените културни добра.

**Минуваме на точката 11 - Предлог на закон за хартии од вредност.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно подели.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 2 точка 22; член 14 став 1 точка б); член 18 став 1 и на член 24 став 3; член 33 став 1; член 36 став 1 точка в) став 2; член 41 став 3 точки а) и б); член 43 став 2 за додавање нова реченица; член 46 став 1 за менување на точка а) и на точка (д); член 47 став 1 и на став 3 за додавање нова точка д); член 60; член 77 став 1 и на став 2 точка в); за менување на член 80; член 82 став 1 и на став 3 точки а) и б); член 86 став 1 за додавање нова реченица; член 88 став 1 за менување на точка а); член 89 став 1 и на став 3 за додавање нова точка д); член 107 став 1 за додавање нова реченица и за додавање нов став 6 по ставот 5; член 112 став 3; член 113 за додавање нова реченица на ставот 2; член 132 став 2 точка а); на насловот на член 135 и на член 135 став 1; член 138 став 1; член 141 став 1; член 148 став 6 за додавање нова реченица; член 154 став 2 точка ѓ); член 160 став 3; член 163; член 182 став 3; член 183 став 2 во втората реченица, став 3 точка е), за менување на став 4,

точка а) и за став 5 за менување на воведната реченица и точка а) и на точка s) и за менување на став 6; член 186 за менување на став 1, став 2 точки а) и б), став 3 за внесување нова реченица и на став 4; член 187 ставови 1 и 2 и за додавање нов став 3 по ставот 2; член 189 став 5 и за бришење на точките а) и б); член 195 став 4; член 197 став 1 точка б), член 198 став 1 и на член 205 став 4; за менување на насловот на точка 4 по членот 198; на насловот на член 199 и на член 199 став 1 и за менување на став 2; член 200 ставови 1 и 3; член 201 ставови 1 и 3; на насловот на член 203 и на член 203; член 206 став 1 точка б); член 215 став 1 точка г) и на став 2; на насловот на член 222 и на член 222; член 229 став 2; за менување на насловот на член 230 и на член 230 став 1; член 233 став 1 точки 5 и 17; член 235 во воведната реченица, член 237 и на член 239 ставови 1 и 2; член 246 став 2; член 247 и на член 248; член 250; член 252 став 1 и за менување на став 2 и на член 256, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Илија Китановски поднесе амандмани на член 23 став 1; член 23 став 3; член 29 за бришење на точка (д); член 35 став 3; член 47 став 2 точка (в); член 55 став 2; член 60 став 1; член 110; член 112 став 3; член 183 став 3 точка (в) и на член 231 став 3, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 точка 22 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Никола Поповски:** Амандманот се прифаќа и ако тоа ја олеснува работата на Собранието сите 50 амандмани од Законодавно-правната комисија се усогласени со нас и ги прифаќаме сите.

**Љупчо Јордановски:** Значи, само ќе ги читам од Законодавно-правната комисија и ќе констатирам дека се дел од текстот на законот.

Значи, амандманот е прифатен и станува составен дел од Текстот на законот.

Амандманот на член 14 став 1 точка б), поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел на Текстот на законот.

Амандманот на член 18 став 1 и на член 24 став 3, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел на Текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 23 став 1, поднесен од пратеникот Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа, затоа што и Европското законодавство уредува успешност на емисија од хартија на вредност дека е успешна ако се реализирани над 50% од понудените акции.

Ние го предлагаме процентот од 60%, а предлогот со само една хартија ќе биде во спротивност во европскат легислатива, а е и лоша заштита на инвеститорите од хартии на вредност и затоа амандманот не го прифаќаме.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 пратеника присутни 55 гласале.

15 гласале за, нема воздржани и 40 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 23 став 3, поднесен од пратеникот Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Овој амандман не се прифаќа.

Мислам дека предлагачот има направено забуна во однос на зборовите "пред" и "по" во неговото толкување. Интенцијата на ставот 3 е токму тоа. Доколку се изврши емисијата над 60% од хартии од вредност, колку што е пропишано со законот дека е успешна да може тој што ја распишува емисијата на хартии од вредност, претходно да го затвори целиот процес, меѓутоа да дадат 15 дена од тој ден натаму ако некој сака да запише хартија од вредност, ако е успешна пред рокот од една година за која тој ги распишал.

Значи, интенцијата на овој член е да може и претходно да се затвори аукцијата на хартија од вредност како можност на тој што ја емитува хартијата од вредност и затоа таква можност е дадена.

Значи, амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Китановски имате збор.

**Илија Китановски:** Јас ќе го прочитам членот уште еднаш. Впечатокот зависи од начинот на читање и толкување, меѓутоа не треба да се остава нејаснотии за една ваква работа која што бара прецизност да може да се толкува вака или онака. Се сфаќа од целиот член дека пред 15 дена пред денот откако ќе ја затвори јавната понуда, меѓутоа не е експлицитно наведено ако не се случи тоа, односно ако истечат овие 12 месеци дека практично пред истекот на тие 12 месеци со овие 15 дена практично се влегува во тие 12 месеци. Мислам дека не е доволно јасно прецизирано и затоа е поднесен овој амандман, бидејќи впечатокот од толкувањето на тој член е таков каков што јас го добив.

**Љупчо Јордановски:** Има збор министерот за финансии, господинот Поповски.

**Никола Поповски:** Одредбата е јасна.

Со оглед дека господинот Китановски внесува забуна јас ќе го дадам примерот зошто тоа е така.

Запишувањето на хартија од вредност може да биде 365 дена од 1 јануари до 31 декември. Ако некој запише 70% од акциите на 1 септември, тој ја прогласува емисијата на хартии од вредност за успешна и сака да ја затвори затоа што го исполнил критериумот на успешност над 60%. Во тој момент тој не може да ја затвори пред да истечат уште 15 дена. Значи, тој на 1 септември ако исполнил сака да ја затвори, ќе го даде рокот до 15 септември, уште 15 дена за да ја затвори. Тука пишува прецизно. Значи 15 дена пред денот кога издавачот го определува како ден за завршување. Ако ја завршува треба уште 15 дена, ако некој сака да запише и тоа е јасно и нема што понатаму да го образложувам ова. Мислам дека расправаме за нешто што не постои.

**Љупчо Јордановски:** Господине Китановски повелете.

**Илија Китановски:** Ако издавачот го определи крајниот рок 12 месеци, 1 септември - 1 септември наредната година, тогаш должен е да извести 15 дена пред истекот. Тука е забуната, ако издавачот го определи максималниот рок на запишување.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 прсутни пратеника, 56 гласале.

6 гласале за амандманот, 2 воздржани и 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 29 за бришење на точка Д, поднесен од пратеникот Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерт.

Повелете господине министре.

**Никола Поповски:** Амандманот не се прифаќа затоа што се прави разлика помеѓу сериски хартии од вредност и другите. Овде се работи дека овие обврски не се применуваат во случај ако сертификатот не се издаде како сериска хартија од вредност. Значи, ако се издаде како сериска хартија од вредност, се почитуваат одредбите од оваа глава, што е многу јасно. За овие нема потреба и затоа не го прифаќаме.

**Љупчо Јордановски:** Не е прифатен амандманот.

Господине Китановски повелете, имате збор.

**Илија Китановски:** Тогаш имаме грешка во дефиницијата на сертификатите со депозит затоа што во неа стои дека тој се издава како сериска хартија од вредност.

Ако се издава како сериска хартија од вредност тогаш не може да биде третиран вака како што е третиран во член 29. Или едното или другото.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници 52 гласале за амандманот.

4 гласале за амандманот, 1 воздржан и 47 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 33 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 35 став 3, поднесен од пратеникот Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** За рокот од една година и ние имавме дилема, меѓутоа, сепак Владата останува на рокот од една година од следниве причини:

Ако некој се стекне со акции повеќе од 15% во депозитарот, правото на управување му е ограничено до 15%. Значи, ако тој стекне 25% од акциите нема да управува со 25%, ќе управува со 15%. Законот го има тоа направено како механизам на ограничување на управувањето и во тој случај цениме дека е подобро да се даде рок од една година за да не биде во ситуација како што е сега предложено три или четири месеци во кои ќе треба набрзина да ги продава акциите и под удар на пазарот да изгуби дел од вредноста која може да биде и поинаква. Една година е рок во кој пазарната вредност ќе се реализира сама по себе. Со оглед што нема право на управување во моментот кога ќе се качи над 15% од акциите во депозитарот, цениме дека нема потреба од ваков притисок врз сопственоста и пазарната вредност на акциите на евентуален акционер во депозитарот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Китановски.

**Илија Китановски:** И покрај образложението на министерот и дилемата што се поставува, сепак сметаме дека на овој начин со еден пократок рок многу побрзо ќе дојдеме до чисти односи односно до расчистување на ситуација која е санкционирана со овој закон и дека рокот од три месеци е сосема доволен за да се завршат сите процедури што се предвидени.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 пратеници 57 гласале, 8 гласале за 1 воздржан, 48 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 36 став 1 точка В) и на став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен на текстот на законот.

Амандманот на член 40 став 3 точка А и В) и на став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен на текстот на законот.

Амандманот на член 43 став 2 за додавање нова реченица поднесен од Законодавно-правната комисија е составен на текстот на законот.

Амандманот на член 46 став 1 за менување на точка А) и на точка Д) поднесен од Законодавно-правната комисија е составен на текстот на законот.

Амандманот на член 47 став 1 и на став 3 за додавање нова точка Д), поднесен од Законодавно-правната комисија е составен на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 47 став 2 точка В) поднесен од пратеникот Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Никола Поповски:** Амандманот не се прифаќа затоа што со бришење на зборовите" Деловно право", и да остане само зборот "право", тогаш Комисијата согласно законот би морала да даде согласност за именување на директор на депозитарот, ако на пример има завршено судии од областа на кривично право, што нема никакви допирни точки со работи од хартии од вредност или други видови на право. Затоа инсистираме да остане зборот "Деловно право" затоа што тоа е посебна и сосема специфицирана област од правните науки за која работата со хартии од вредност треба да биде со такво образование, а не и други видови на правно образование.

**Љупчо Јордановски:** Господине Китановски, имате збор.

**Илија Китановски:** И министерот и јас сме економисти па мислам дека многу помалку знаеме, меѓутоа сепак имаме искуство од колеги кои дипломирале на правниот факултет, барем, зборувам за државниот универзитет или универзитети, каде формално, навистина многу тешко во издадените дипломи може за некого да се тврди дека е експерт или дека завршил деловно право. Тоа е суштината. За кривично можеби и има такви експлицитни смерови, смерови и тн. Меѓутоа за деловното право, понатаму уште еден амандман се однесува односно е во иста смисла како и овој, во врска со експертите по деловно право каде е исто така многу тешко формално правно се дефинира кој е експерт по деловно право. Ги исклучувам сега новите универзитети, приватни и од релативно понов период каде можеби има односно се издаваат и такви дипломи. Меѓутоа овде се работи сепак за членови на Управни одбори, за директори итн., каде се бара и работно искуство и многу тешко ќе можете да најдете таков кадар. Суштински, се работи за тоа дека навистина тешко ќе се дефинира, ќе требаат веројатно дополнителни документи, процедури и тн., за

докажување дека човекот има завршено деловно право.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи повеќе нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 52 пратеници, 3 за, нема воздржани, 49 против.

Службите нека го утврдат бројот на присутни пратеници.

Го поништувам гласањето бидејќи во салата кога гласавме присутни беа 58 пратеници.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Сега во салата се присутни 63 пратеници.

Амандманот на господинот Китановски, на член 47 став 2 точка В) го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 пратеници, 57 гласале, 6 гласале за амандманот, нема воздржани и 51 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 55 став 2 поднесен од Пратеникот Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине министре.

**Никола Поповски:** Тоа што господинот Китановски, со овој амандман бара да се реши, веќе е решено во членот 46 став 1 точка Б), каде пишува дека Комисијата дава согласност на измена на правилата за работа и затоа нема потреба да се повторува. Мислам дека би било фер да се повлече амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме. Од 63 пратеници, гласале 56, за амандманот гласале 5, еден воздржан, 50 против.

Консатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 60, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 60 став 1 поднесен од пратеникот Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Претходниот амандман што го прифативме, од Законодавно-правната комисија, пред ова да го прочитате е идентичен со овој амандман, така што овој амандман веќе е прифатен, односно треба да се смета за веќе прифатен, од Законодавно-правната комисија, или овој, сосема се едно.

Значи амандманот е веќе прифатен.

**Илија Китановски:** Амандманот го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Амандманот на член 77 став 1 и на став 2 за точка В), поднесен од Законодавно-правната комисија е составен на текстот на законот.

Амандманот за менување на член 80 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен на текстот на законот.

Амандманот на член 82 став 1 и на став 3 точка А и Б), поднесен од Законодавно-правната комисија е составен на текстот на законот.

Амандманот на член 86 став 1 за додавање нова реченица, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен на текстот на законот.

Амандманот на член 88 став 1 за менување на точка А), поднесен од Законодавно-правната комисија е составен на текстот на законот.

Амандманот на член 89 став 1 и на став 3 за додавање нова точка Д), поднесен од Законодавно-правната комисија е составен на текстот на законот.

Амандманот на член 107 став 1 за додавање нова реченица и за додавање нов став 6 по ставот 5, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот начлен 110 поднесен од пратеникот Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете господине министре.

**Никола Поповски:** Амандманот на член 110 не се прифаќа затоа што токму интенцијата на овој член е да се поништи дозвола за работа. Господинот Китановски смета дека тоа е безпредметно затоа што се работи за нејзинот укинување. Меѓутоа, треба да се има предвид дека реченицата гласи, до крајот читана, само ако таа, се мисли на броќерската куќа, ги има намирено сите свои обврски кон клиентите. Со оглед што се намирени сите свои обврски кон клиентите нема никаква пречка да биде поништена дозволата за работа. Од тие причини амандманот не го прифаќаме.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Китановски имате збор.

**Илија Китановски:** Иако не сум правник, импликациите правни од зборот "поништување" можат да значат или може да се толкуваат, а не треба во закон да се оставаат можности за толкување вакви или онакви, дека и трансакциите што ги вршела таа брокерска куќа се ништовни или се доведуваат во прашање. За тоа мислев дека е и сеуште сметам дека е посоодветен збор "укинување".

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 пратениц, 55 гласале, 5 гласале за, еден воздржан, и 49 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 112 став 3, поднесен од пратеникот Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете министре.

**Никола Поповски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 112 став 3, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен на текстот на законот.

Амандманот на член 113 за додавање нова реченица на став 2 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен на текстот на законот.

Амандманот на член 132 став 2 точка А),поднесен од Законодавно-правната комисија е составен на текстот на законот.

Амандманот на насловот на член 135 и на член 135 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен на текстот на законот.

Амандманот на член 138 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен на текстот на законот.

Амандманот на член 141 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен на текстот на законот.

Амандманот на член 148 став 6 за додавање нова реченица, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен на текстот на законот.

Амандманот на член 154 став 2 точка Ѓ), поднесен од Законодавно-правната комисија е составен на текстот на законот.

Амандманот на член 160 став 3, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен на текстот на законот.

Амандманот на член 163, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен на текстот на законот.

Амандманот на член 182 став 3, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен на текстот на законот.

Амандманот на член 183 став 2 во втората реченица, став 3 точка Е), за менување на став 4, став 5, за менување на воведната реченица и точка А, и на точка Ѕ) и за менување на став 6 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 183 став 3, точка В, поднесен од пратеникот Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе,

Има збор министерот за финансии.

**Никола Поповски:** За овој амандман распрвавме. Останувавме на постојниот текст.

Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Китановски.

**Илија Китановки:** Сметам дека претходниот амандман кој се однесуаше на формално образование или формално правен доказ за завршено деловно право беќе побидно да се прифати отколку овој амандман, затоа што за овој амандман сепак постојат, кога се работи за експрти, постојат експерти за деловно право, меѓутоа и во овој сллучај и за овој амандман тоа се однесуваа на еден релативно мал број на луѓе, веројатно професори по деловно право или луѓе кои се својата струка , дали се тоа адвокати, се занимавале со таа дејност и сметам дека образложението што го кажа министерот и за претходниот амандман се со слична содржина, за овој повеќе држи.

Го повлекувам овој амандман со тоа што требаше да се прифати претходниот, што ќе внесе дополнителна забуна.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Амандманот на член 186 за менување на став 1, став 2 точки а) и б), став 3 за внесување нова реченица и на став 4 поднесен од Законодавно правната комисија е составен дел на текстот на Законот.

Амандманот на член 187 ставови 1 и 2 и за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од Законодавно правната комисија е составен дел на текстот на Законот.

Амандманот на член 189 став 5 и за бришење на точките а) и б) поднесен од Законодавно правната комисија е составен дел на текстот на Законот.

Амандманот на член 195 став 2 поднесен од Законодавно правната комисија е составен дел на текстот на Законот.

Амандманот на член 197 став 1 точка б), член 198 став 1 и на член 205 став 4 поднесен од Законодавно правната комисија е составен дел на текстот на Законот.

Амандманот за менување на насоловот на точка 4 по членот 198 поднесен од Законодавно правната комисија е составен дел на текстот на Законот.

Амандманот на насловот на член 199 и на член 199 став 1 и за менување на став 2 поднесен од Законодавно правната комисија е составен дел на текстот на Законот.

Амандманот на член 200 ставови 1 и 3 поднесен од Законодавно правната комисија е составен дел на текстот на Законот.

Амандманот на член 201 ставови 1 и 3 поднесен од Законодавно правната комисија е составен дел на текстот на Законот.

Амандманот на насловот на член 203 и на член 203 поднесен од Законодавно правната комисија е составен дел на текстот на Законот.

Амандманот на член 206 став 1 точка б), поднесен од Законодавно правната комисија е составен дел на текстот на Законот.

Амандманот на член 215 став 1 точка г) и на став 2 поднесен од Законодавно правната комисија е составен дел на текстот на Законот.

Амандманот на насловот на член 222 и на член 222 поднесен од Законодавно правната комисија е составен дел на текстот на Законот.

Амандманот на член 229 став 2 поднесен од Законодавно правната комисија е составен дел на текстот на Законот.

Амандманот за менување на насловот на член 230 и на член 230 став 1 поднесен од Законодавно правната комисија е составен дел на текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 231, став 3 поднесен од пратеникот Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Поповски, министер за финансии.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Амандманот ќе го прифатиме и ќе покажеме, еве, да речеме добра волја, кон ваквата иницијатива, со оглед дека пазарот на хартии од вредност во Република Македонија е прилично нов во последниве десетина години. Може да се толкува дека искуство од 10 години ќе биде големо ограничување за ваквата постапка, па ќе го прифатиме амандманот како што е поднесен.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Амандманот на член 233 став 1 точки 15 и 17 поднесен од Законодавно правната комисија е составен дел на текстот на Законот.

Амандманот на член 235 во воведната реченица и член 237 и на член 239 ставови 1 и 2 поднесен од Законодавно правната комисија е составен дел на текстот на Законот.

Амандманот на член 246 став 2 поднесен од Законодавно правната комисија е составен дел на текстот на Законот.

Амандманот на член 247 и на член 248 поднесен од Законодавно правната комисија е составен дел на текстот на Законот.

Амандманот на член 250 поднесен од Законодавно правната комисија е составен дел на текстот на Законот.

Амандманот на член 252 став 1 и за менување на став 2 поднесен од Законодавно правната комисија е составен дел на текстот на Законот.

Амандманот на член 256 поднесен од Законодавно правната комисија е составен дел на текстот на Законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата, треба да го гласаме законот.

Службите, утврдете го бројот.

(Службите го утврдуваат бројот)

Молам пратениците да влезат во салата.

Присутни се 59 пратеници.

(Во салата влегуваат пратеници)

Благодарам, сега сме 62 пратеници.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 пратеници, нема потреба да кажувам 62, бидејќи ги имаме, гласале 61 пратеник, се гледа, од нив 60 гласале за, нема воздржани, а еден е против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за хартии од вредност.

**Минуваме на точката 12-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за административните такси со Предлог на закон**

Предлагач е Владата на Република Македонија, а претставник Министерството за финансии.

Предлогот за донесување на зконот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни, 56 гласале вкупно, 55 гласале за, нема воздржани, еден против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

(Во отсуство на претседателот на Собранието со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието на Република Македонија , господинот Слободдан Најдовски).

**Слободан Најдовски:** Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници гласале 55, 55 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 3; член 4 точка 3 Тарифен број 7 подточка в); член 4 точка 9 Тарифен број 16 за преформулирање во два нови става на воведната реченица на став 2; член 4 точка 25 Тарифен број 90 во воведната реченица на став 1 и на член 4 точка 43 Тарифен број 114 за додавање нов став 2 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Илија Китановски поднесе амандмани на член 4 точка 18 потточки 1, 2, 3, 4, 5, 7, 8 и 9 и на член 4 точка 30 став 1 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4 точка 18 поточки 1,2,3,4,5,7,8 и 9 поднесен од пратеникот Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Дозволете кратко образложение да дадам. Амамндманот не го прифаќаме, меѓутоа господинот Китановски може од бројките што ги презентира и од зголемувањето, да стекне впчаток дека се прави некакво драстично зголемување. Меѓутоа, има причина зошто е тоа така и дозволете да објаснам.

Прво, со новиотІрински закон што го донесовме, Собранието веќе го донесе, процедурите за странките во царинската постапка се значително олеснети. Меѓутоа од друга страна тоа кај царинската служба создава дополнителни обврски и трошоци за да можат странките да имаат полесен пристап.

И, второто, ова се однесува на административни такси што според законот се плаќаат за отворање на царински склад, за одобрување на царинска постапка со економски ефект итн. Значи, сегашните административни такси се многу ниски. Царината се соочува со проблем со кој за 300 или 600 денари некој поднесува барање да отвори царински склад.

Сега, Царината треба да го потегне целиот механизам, да оди на лице место, да изврши увид, техничка процена, економска процена дали некој склад може да биде царински или не и да го одбие или прифати.

Со оглед дека административната такса за поднесување е само 300 или 600 денари, Царината е затрупана со барања што реално не ги исполнуваат обврските. А, ние според Законот сме обврзани да одиме и да извршиме процена. Трошоците на таквата процена, затоа што тие складови не се сите во големите градови се низ цела Република Македонија, треба да се оди таму со возило, со процена, со работни часови, со се.

Сакаме да го заостриме критериумот да не се поднесува ако не се исполнуваат условите. А, ако се исполнуваат условите, цената од 30.000 денари администрративна такса не е голема, затоа што ги покрива трошоците и дава сигурност некому кој инвестира во царински склад што чини 500-600-700 илјади евра, милион евра и повеќе, зависно од тоа колку е голем. Овој трошок од 500 евра е сосема занемарлив. Меѓутоа, ќе ги исклучи, како што кажав сите оние кои поднесуваат, зошто е скоро бесплатно, а после создаваат трошоци кај администрацијата да го одбие. Ние не можеме да кажеме не доаѓаме, мораме на лице место да извршиме увид и да направиме процена. Затоа сакаме да ги заостриме критериумите, да не се поднесува од било кого. Цената е во рамките на трошоците на оние што треба да се поднесат.

Од тие причини овој амандман не го прифаќаме, а вториот амандман ќе го прифатиме.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Значи, амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Китановски Илија.

Повелете господине Китановски.

**Илија Китановски:** Благодарам.

И во образложението кажав дека, сепак познато е дека таксите се редефинирани, постапките се редефинирани, поедноставени, меѓутоа министерот исклучиво се задржа само на таквите кои се плаќаат за отворање на царински складишта, што е навистина процедура што бара трошоци, секакви, материјални пред се, на Царината. Меѓутоа, можеби можело, сега веќе во рамките на овој амандман многу тешко моежеме тоа да го направиме, меѓутоа сепак е преддрастично зголемувањето, а само за таа постапка, за поднесување барање за отворање царински склад или некоја слична активност, можеби можело во смиот Закон да се издвои. Можеби тука ќе требаше интервенција во Царинскиот закон, не знам. Меѓутоа, бидејќи се однесува на царински постапки што не ја опфаќаат само оваа дејност, сметам дека, освен ова образложение што го даде министерот, за другите постапки зголемувањето е преголемо. Потребно е да има усогласување, бидејќи и старите бројки што постоеја се навистина мали. Меѓутоа овде, во некои од овие ставки е преголемо зголемувањето. До 1000%.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китановски.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата да преминеме на гласање.

(Пратениците влегуваат во салата)

Благодарам.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, 5 за, еден воздржан, 50 против.

Молам службите да го утврдат точниот број на пратеници за време на гласањето.

(Службите го утврдуваат борјот на пратениците во салата)

Во моментот на гласање беа присутни 61 пратеник

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 точка 18 потточки 1,2,3,4,5,7,8 и 9 поднесен од пратеникот Илија Китановски.

Отворам претрес по амандманот на член 4 точка 30 став 1, поднесен од пратеникот Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Го прифаќаме амандманот.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Констатирам дека нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот.

Пред да преминеме на гласање по Предлогот на законот, молам пратениците да влезат во салата.

(Пратеници влегуваат во салата)

Во ред, имаме присутни 61 пратеник.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник гласале 57, од тоа 56 за, нема воздржани, еден против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за административните такси.

Со оглед на тоа што настана измена во точките на дневниот ред, Законот за радио дифузија го ставивме како последна точка, одиме на наредната точка.

**Минуваме на точка 13 - Предлог за донесување на закон за полиција.**

Молам, претставникот на Владата, претставникот од Министерството за внатрешни работи да влезе во салата.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе,

Јас очекував дека воведно излагање ќе даде министерот, но без разлика, еве го причекавме, тој дојде. Со ова што го имаме пред нас како предлог за донесување на Закон за полицијата, мислам дека поголемиот дел и она што значи, она што треба да го извршува полицијата во Република Македонија, деловите што практично полицијата треба да функционира и да ги извршува како свои работни активности токму во тој дел мислам дека поголеми забелешки во однос на она што значи наше прво читање на Законот немаме. Моите забелешки се во однос на пооделни ставови, а посебно би сакал да кажам во делот на она што се однесува чисто за децентрализацијата на полицијата, што беше составен дел и зборување за европската иницијатива според која што ќе можеме и каде што ќе треба да функционира македонската полиција и да ги обавува своите функции заедно со локалната власт од изборот и од ингеренциите кои што ќе ги имаат тие командири на полициски станици и одговорноста и заедничкото работење заедно со локалната самоуправа, во однос на донесување на правилни решенија и известување на граѓаните. На крајот на краиштата полицијата токму за тоа е во служба за да може да го извршува.

Јас би почнал конкретно со моите забелешки. Би почнал со членот 5, став 1, алинеја 6 и алинеја 8. Моите забелешки се директни. Членот 5 кажува за полициски работи во смисла на овој закон, тоа се работи кои што се однесуваат на алинејата 6 и таа е на контрола на движење и престој на странци и ставот 8 обезбедување на определени личности и објекти. Алинеја 6, доколку ја сватиме буквално, а јас ја сваќам таква како што е прикажана во законот, не би се чувствувал многу пријатно некој да се грижи за моето движење како странец во било која држава во Европската унија или и оние кои не се членки на Европската унија, можеби вака грубо звучи, но немаме точно сознание дали се работи за следење на странци кои што влегуваат илегално или влегуваат на легален начин во државата, па треба да бидат следени, затоа што самата контрола на движење и престојот на странците дава една ситуација, која што верувајте ми и сигурно господата од ЕУ нема да го поддржат, затоа што вакви контроли едноставно мислам дека се некоја завршена работа, за која што говоревме пред многу години и не се чувствувавме пријатно токму од тие ситуации. Алинејата 8 обезбедување на определени личности и објекти, мислам дека со подзаконски акт или на било кој друг начин треба

да се обезбеди кои се тие личности и објекти. Претпоставувам сигурно дека се сите амбасади во Република Македонија според сите меѓународни договори и правила, но во секој случај определени личности не дефинира многу. Значи, тука можеме да земеме личности за кои што во последно време гледаме дека некои полицијата заштитува и се поставуваат прашања од граѓаните дали е тоа така и зошто е тоа така.

Понатаму, во членот 15, став 4 алинеја 2, тоа го има и во некои други ситуации каде што се работи за стажот кој што треба да го имаат единиците т.е. регионалните центри за гранични работи, централните полициски служби. Тука имаме работно искуство во полицијата од најмалку 12 години, од кои 6 години на раководно работно место. Во многу закони среќаваме вакви ситуации каде што, верувајте ми, тие 12 години се сепак премногу. Јас го ценам искуството во секој случај, но меѓу време се случија големи технички промени, прво, од областа на техниката, од областа на она што значи нови млади кадри кои можат ова да го направат. Значи, луѓе кои завршиле полициска академија, луѓе кои владеат со сегашната техника и начинот на работење со неа, така што 12 години стаж и 6 години работно искуство на раководно работно место мислам дека е нешто неиздржано. Мој предлог е ова да се преполови 6 со 3 години и покрај тоа што гледаме дека работно искуство и во однос на директори на одредени претпријатија секаде стои 5 години работно искуство. Но, во овој случај ценам дека полицијата има посебни активности, но сепак она што пред 12 години значело нешто, начинот на кој што се развива цела технологија и се ова што значи напредок во техниката, ќе донесе ситуација сигурно помладите ќе имаат поголема предност во оваа ситуација. Понатаму, членот 16 мислам дека треба да најдеме начин за да се допрецизира. Допрецизирањето би се однесувало уште во стартот "заради заштита на безбедноста на Република Македонија кога јавниот ред и мир е нарушен во поголем обем", ова второто или "заради спасување на луѓето и имотот при природни непогоди и други несреќи" е во ред. Директорот на Бирото може од полициските службеници да формира полициски единици за извршување на определени задачи. Значи, јавниот ред и мир е нарушен во поголем обем. Тоа треба да го знаеме што е, затоа што и вие како министер и Владата или власта што во тој момент владее, мислам дека можеме да донесеме една погрешна одлука во однос на нешто што го предвидуваме дека е нарушен јавниот ред и мир во поголем обем, а тоа да биде дали некој собир или некоја манифестација која што на тој начин може да се свати многу погрешно. Затоа, дали подзаконски акт, дали во самиот закон во членот 16 трпи и има можност што значи тоа нарушување на јавен ред и мир во поголем обем. Мислам дека тоа треба да се дефинира.

Во членот 19 повторно имаме со Секторот за внатрешни работи раководи началник, каде што повторно имаме во алинеја 2 да има работно искуство во Полицијата од најмалку 12 години, од кои 4 на раководно работно место и повторно предлагам ова да биде намалено на половина, што значи 6 со 2 години. Началникот на Секторот за внатрешни работи, а тоа е став 3, го назначува и разрешува министерот во транспарентна изборна постапка. Тренспарентна изборна постпка во оваа ситуација апсолутно не е потребно, затоа што сигурно вие тоа ќе го направите. И транспарентноста или треба да се прикаже со она што е оглас и начин на кој што вие ќе предложите кандидати и во оваа ситуација мислам дека овие зборови после министерот, запирката би била точка и тука би завршило како предлог за понатамошната втора фаза.

Во членот 21 мислам дека е еден од клучните за она што досега говоревме, а тоа е локалната самоуправа. Начинот на кој што во членот 21 се избира командирот за командир на полициска станица дава неколку можности, од кои што познавајќи ја моменталната ситуација и начинот на кој што политички сме сите еве на некој начин позиционирани, може да доведе и до ситуација вакви командири ги нема повеќе време и да дојде до онаа ситуација која што сигурно не ја сака никој и тогаш да се доведе во ситуација за сите овие командири да имаме ситуација во која што директно министерот, во оваа ситуација сте вие, понатаму можеби некој друг, ќе биде во состојба да го избира овој командир. Мислам дека соработката со локалната самоуправа, градоначалникот, советот на општините, мора да биде поголема во секој случај, затоа што, еве за информација на јавноста, командирот се избира со мнозинство гласови од вкупниот број советници од страна на советот на општината во која што е сместена полициската станица од општа надлежност на Министерството, од листа која содржи најмалку тројца кандидати и предложена од страна на министерот, меѓу кои барем еден кандидат припаѓа на заедницата која е во мнозинство во тие општини. Тоа е првиот став.Вториот став, ако советот на засегнатата општина не избере ниту еден од предложените кандидати во рок од 15 дена од денот на доставувањето на листата, министерот ќе предложи втора листа која содржи најмалку тројца нови кандидати, меѓу кои барем еден кандидат припаѓа на заедницата која е во мнозинство во тие општини. Тоа е вториот дел, кој што вие повторно ќе го предложите, што значи 6 кандидати. Ако и по спроведувањето на постапката од ставот 4 на овој член, советот на засегнатата општина повторно не избере ниту еден од предложените кандидати во рок од 15 дена од денот на доставувањето на листата, министерот по консултација со Владата ќе го избере командирот на полициската станица од општа надлежност, од двете листи на кандидати предложени од министерот, како и тројца дополнителни кандидати предложени од страна на советот на засегнатата општина. Значи, доаѓаме во ситуација кога од 9 кандидати ќе избереме еден и повторно ќе го избере

министерот или Владата на предлог на министерот. Мислам дека оваа комуникација помеѓу локалната самоуправа и Министерството за внатрешни работи мора да биде поголема, затоа што и граѓаните и оние кои што ја водат локалната самоуправа, сигурно дека ги познаваат луѓето во своите подрачни единици од МВР имаат свои мислења, имаат и свои комисии кои што работат токму на полето на безбедноста и дека во консултација може да се донесе многу подобро решение. Се разбира, за стручноста и за квалитетот на предложениот кандидат, сигурно дека министерот ќе биде последниот што ќе го даде својот глас, но пред изборот да не се случуваат овие работи девет кандидати да се направи во една локална единица во самото Министерство за внатрешни работи, а после тоа само може да претпоставите која ситуација ќе биде за понатамошното работење во истата полициска станица. Мислам дека ќе биде многу страшно.

Во членот 23 став 3 алинеја 2 повторно тука се работи за регионален центар за гранични работи, каде што раководи началник и алинејата 2 повторно зборува за искуство од 12 години, од кои 4 години на раководно работно место. Колку што мене ми е познато овој регионален центар за гранични работи се формира токму сега и дека Полицијата сега ги превзема овие ингеренции. И, такви луѓе кои ќе имаат 4 години раководно место и 12 години работен стаж во Полицијата е во ред, но овие 4 години работно искуство на било кое работно место, за мене е неприфатливо затоа што сепак вие самите знаете едно е во Полиција да биде човек чиновник, друго е човек оперативец и тука во оваа ситуација каде што се работи за гранична полиција, која што првпат се воведува и која што превзема големи ингеренции од Министерството за одбрана, мислам дека треба да се најдат правите луѓе и оние што во моментот ги имате на располагање, без разлика на работниот стаж, работното искуство и она што треба да го направат. Затоа што, овие регионални центри сигурно ќе бидат она што понатаму Република Македонија ќе ја држи и затоа што нашата Армија, знаеме и самите, кон што не води. Останува Полицијата понатаму да се грижи за границите на Република Македонија,

Во членот 62, став 3, намерата за спроведување на снимање на јавните места и собири пред започнување со активноста, Полицијата може јавно да ја соопшти. Јас ,мислам дека зборот "може", апсолутно не стои тука. Или зборот "мора" или без него. Значи, Полицијата јавно да ја соопшти дека има снимање на јавни места и собири пред започнување со активностите. Зборот "може" да биде отстранет.

Во членот 84, употреба на огненооружје спрема лица. За мене има две нејасни работи и можеби не сум голем познаник на ситуацијата во МВР, но гледајќи што се се случува низ Република Македонија, посебно би го коментирал ставот 2 алинеја 2 и 3. Алинеја 2 и 3, пошто се работи за употреба на огнено оружје, полицискиот службеник е овластен да употреби огнено оружје кога е тоа апсолутно неопходно и кога со употреба на другите средства за присилба, полициските работи не можат да бидат извршени. Алинејата 2 говори да спречи извршување на кривично дело за кое може да се изрече казна затвор во траење од најмалку 4 години, да спречи бегство на лице затекнато во извршување на кривично дело, за кое може да се изрече казна затвор од 10 години или потешка казна или лице за кое е распишано потерница, заради извршено такво кривично дело. Вториот дел од алинеја 3 е во ред. Но, еден полицаец во извршување на својата работа за да спречи извршување на кривично дело за кое може да се изрече казна затвор од најмалку 4 години, мислам дека е многу некоректно во смисла да е многу непрецизно и дава сега за право сите полицајци треба да бидат правници и во дадениот момент да знаат дали е тоа 4 години или 3 години или 3,5 години, па да употреби оружје или да не употреби оружје. Мислам дека тука треба да се дефинира за кој и какви дела полицаецот може да употреби службено оружје, освен она што се другите алинеи и ставови каде што полицаецот мора да употреби службено оружје во самоодбрана и во другите услови кога треба да биде прогонет или фатен извршител на кривично дело.

Понатаму, членот 99 мислам дека ќе предизвика бура од реакции и ќе морате да го дефинирате. Би коментирал, полицискиот службеник може да извршува самостојна или дополнителна стопанска или професионална дејност по претходна согласност со министерот на начин и под услови утврдени со посебен закон. Тоа е ставот 1. Ставот 2, полицискиот слкужбеник и дејноста од ставот 1 на овој член е должен да ја врши надвор од работното време во Министерството и на начин вршењето на таа дејност да не влијае врз законското и правилно извршување на полициските работи. Дали ова значи дозвола за луѓето кои што се вработени во Полицијата да работат во агенциите за обезбедување. Дали на овој начин надвор од работното време некој ќе може да ги ангажира и полицаец да го имаме во ситуација да биде ангажиран како професионалец во Агенција за обезбедување, а од друга страна да работи во Министерството за внатрешни работи. Ако е тоа овој член, тогаш мислам дека треба да се размисли и ако има таква можност дали тоа со ваша согласност или со подзаконски акт, ќе мора да се дорегулира. Зашто, вака како што стои мислам дека не е во ред.

На крајот, имам уште една забелешка на членот 104 каде што се говори за психофизичката и општата здравствена состојба на полицискиот службеник за вршење на полициските работи, ја оценува Здравствената комисија. Ставот 2, Здравствената комисија од став 1 на овој член ја формира министерот на предлог на Бирото и има 5 членови од кои најмалку тројца лекари.

Јас мислам дека ако се работи за општата здравствена состојба и психофизичката состојба на полицајците, оваа Комисија може да биде од седум члена, но во основа треба да има психолог, тестирање на физичката опрема, сигурно дека неколку луѓе од факултетот за физичка култура, а нормативите и стандардтите треба да ги определи бирото, или вие како министерство со некој подзаконски акт. Во секој случај тука ледарската комисија изричито треба да биде составена од лекари, кои што на крајот на краиштата, ќе донесат одговор дали полицаецот и наредните две години е способен да ги извршува своите работи.

Мислам дека секаде во светот тоа е така и сигурно, вие ќе тежнеете да имате спремни полицајци во секој момент не некои, не од бирото, туку чисто лекарската комисија да гарантира за нивната психофизичка состојба и можноста, бидејќи извршува една многу одговорна задача, можнста како полицаец понатаму да работи во МВР.

Значи, овие се моите забелешки, после првото читање, се надевам дека дел од нив министерот ќе прифати, ако не, имаме втора фаза во која после јавната расправа, ќе се донесат и други решениа, кои понатаму ќе донесат еден добар закон, за кој што понатаму ќе говориме дека е во ред и дека може да се примени. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Има збор пратеникот Абдулаким Адеми.

**Абдилаќим Адеми:** Благодарам господине потпретседател, почитуван министер, почитувани пратеници.

Пред нас го имаме предлогот за донесување на закон за полицијата. Закон кој што по мое мислење е многу значаен, затоа што уредува едно прашање кое што е многу чувствително и значајно.

Секако дека, со донесувањето на секој закон, дури и на овој закон, секогаш треба да се има предвид дека законот треба да биде усогласен со Уставот, да биде усогласен со другите закони, кои што веќе се донесени во Парламентот на Република Македонија со разните конвенции кои што исто така ги има усвоено. Значи треба да биде усогласен и со други значајни документи, кои што се обврзувачки за имплементирањето пред соодветните надлежни органи во Република Македонија. Ограни кои што на непосреден начин ги засегнува законот за полиција се: Законот за внатрешни работи, кој што ние веќе го имаме усвоено и дополнето неколку пати. Тука е и Законот за локална самоуправа, додека еден од најзначајните документи за Република Македонија, секако дека е и Охридскиот ранковен договор. Духот на Рамковниот договор треба да се одрази и во самата полиција. Полицијата во целина претставува одраз, слика на законодавна држава. Значи, колку полицијата ги почитува законите и позитивните прописи во една држава, толку државата се карактеризира колку е законска или не.

Доколку тргнеме од поранешните искуства на полицијата во Република Македонија, мислам дека во оваа фаза, ние сме во фаза на реформи и структуирање на полицијата и МВР во целина и затоа треба да се искористи моментот, полицијата на Република Македонија во прв ред го измени својот имиџ кој што е за жал, досега многу негативен и создаден е таков пред неколку години и овој курс на реформи да се искористи за довербата на граѓаните кон полицијата.

Владата на Република Македонија во осмиот месец 2003 година ја има усвоено стратегијата за реформи во МВР и во полиција и затоа, како што реков и порано, овие реформи треба да ја одразат на непосреден начин довербата и измената на имиџот на полицијата.

Од друга страна,ние како држава имаме и еден предуслов за интегрирање на Република Македонија во НАТО, ги имаме реформите кои што треба да се одвиваат во секторот на безбедноста, кое што го опфаќа Министерството за одбрана и Министерството за внатрашни работи и од тоа што можеби може да се види во прв ред и да се забележи, може да се констатира дека Министерството за одбрана можеби е чекор понапред со реформите, отколку Министерството за внатрешни работи и може да се констатира едно заостанување со реформите кои што ги одвива МВР. Меѓутоа, ова не треба да значи дека не се одвиваат реформи во МВР и во полицијата. Реформите течат, меѓутоа, не со динамиката која можеби ние како граѓани на Република Македонија би сакале да течат. Затоа, овој закон ќе треба да придонесе во забрзувањето на динамиката на реформите во Секторот за внатрешни работи, за да се помогне во интегрирањето на Република Македонија во Евроатланските структури.

Јас во продолжение ќе се задржам на некои забелешки кои што ги имам кон овој закон за полиција и притоа ќе кажам на непосреден начин за неколку члена кои што мислам дека треба да претрпат измени, или ќе треба да се поправат.

Во членот 7, каде што се вели дека полицијата укажува на органите за спроведување на судските одлуки, овде треба да се стави уште една одредба, која што би дефинирала она што значи помош на полицијата во административните органи. Затоа што, често пати, административните органи било да се централни, или локални, наидуваат на потешкотии во текот на спроведувањето на одлуките кои што истите органи ги имаат усвоено. Тука можам да спомнам неколку случаи на локалната самоуправа, како што се Тетово, Гостивар итн, каде што на локалните органи им е потребна полициска помош за спроведување на одлуките на органите кои што самите ги имаат усвоено.

Потоа, во истиот член, втора алинеа, каде што се вели дека барањето за асистенција се поднесува

до полицијата и тоа во рок од пет дена и не се дефинира на кое ниво и до кој орган на полицијата може да се поднесе барањето. Може да се поднесе до станицата која што е со општи надлежности, или во некој друг сектор за внатрешни работи, така што мислам дека тука треба да се дефинира до кој полициски орган ќе треба да се поднесе барањето.

Во членот 8 кој што по мое мислење е многу значаен член, затоа што го дефинира начинот на поднесување на представките на полицијата, во случај полицијата да ги надминува своите надлежности во текот на спроведувањето и на реализирањето на определени должности. Тука се вели дека во рок од триесет дека, ќе треба лицето на кое што му е одредено тоа право да поднесе своја претставка до полицијата. И тука не се дрфинира до кој орган.

Доколку повредата на правото и слободата на човекот го има направено еден сектор на полиција или една полициска станици, тогаш нема смисла до истиот орган да се поднесе претставката за жалба. Затоа, мислам дека можеби тука не е добро дефинирано, или со подзаконски акти е дефинирано да има посебна комисија во рамките на Министерството за внатрешни работи, односно во полицијата, која што комисија ќе ги прима овие претставки и ќе ги разгледува. Често пати во текот на надминуваето на надлежностите од страна на полицијата се формираат и комисии и тука во Парламентот на Република Македонија за разгледување на овие случаи и на крјот секогаш се вели дека полицијата имала право и тука ќе треба да се дефинира малку подобро овој член.

Во членот 9 каде што се дефинира дека министерот го информира Парламентот на Република Македонија, тука мислам дека треба да стои полицијата или Министерството го информира на редовен начин Парламентот на Република Македонија, а не по барање на Парламентот и за истиот извештај, работните тела на Парламентот на Република Македонија и на пленарна седница на Парламентот ќе треба да расправаат за истиот извештај. Доколку се констатираат повреди и Парламентот да не го усвои извештајот што го има поднесено МВР, тој да произведе ефекти за разрешување или недоверба итн, кон министерот.

Во членот 13 каде што се дефинира дека полициските службеници се должни во секое време да превземат неопходни мерки заради заштита на животот или личната сигурност на луѓето. Ова е во ред, меѓутоа, во членот 99 се вели дека истите полициски службеници можат да вршат и други работи, надвор од работното време. Затоа овие две члена треба добро да се усогласат еден со друг, затоа што се во спротивност.

Во членот 14 каде што се говори за Бирото за јавна безбедност и се набројуваат надлежностите, мислам дека и тука е дефинирано дека Бирото има само директор. Јас мислам дека Бирото за јавна безбедност врз основа на надлежностите кои што ги има и врз основа на тоа што ќе ја следи работата на сите раководни лица во полициските станици, мислам дека Бирото за јавна безбедност ќе треба да има и заменик директор, затоа што може да се случи директорот во некој момент или неколку дена да отсуствува од работа поради некои свои службени обврски и ќе нема во тој момент некој да го заменува и ќе нема кој да ги врши работите во Бирото за јавна безбедност. Или пак во екстремни случаи доколку евентуално се случи директорот на Бирото за јавна безбедност да умре и нема кој да го замени.

Во членот 15 каде што се вели дека началникот на централните полициски служби го именува министерот во непосредна постапка. Мислам дека тука треба да се дефинира јасно која е таа постапка дали е конкурс, именување, избор или нешто друго. И да се дефинира мандатот на овој началник, дали е две години, четири години, или пак да се дефинира дали има право на реизбор или нема право на реизбор. И во четвртата алилеја точка 2, каде што се вели дека треба да има најмалку 12 години работно искуство и 6 години на раководно работно место, мислам дека тука треба да се намали, како што рече предходниот говорник, да биде 6 со 2, затоа што на почетокот нагласи дека Република Македонија сега развива реформи во системот на безбедноста. И доколку, евентуално дозволивме лицата кои што имаат над 12 или 15 години работно искуство и тоа на раководни места, мислам дека овие реформи никогаш нема да се одвиваат затоа што тие кадри во прв ред се школувани и работеле во еден сосема поинаков систем и со едно разбирање и предрасуди кои се сосема поинакви и мислам дека реалноста која што треба да се изгради во Република Македонија , иднината која што треба заедно да ја изградиме, тешко дека ќе ја изградиме со тие лица да бидат раководни лица во тие многу знажајни сектори.

Во членот 16, каде што на директорот на Бирото за јавна безбедност му се дава право за посебни случаеви дефинирани во овој член да формира и посебни единици, мислам дека ова право и оваа надлежност на директорот на Бирото за јавна безбедност е малку претерано и непотребно и во Законот за внатрешни работи, во членот 11 ова е дефинирано дека овие единици можат да се формираат само по препорака на Владата. Владата може да ги формира овие единици, а не директорот на Бирото за јавна безбедност. Тука, освен другите работи што се дефинирани дека директорот не може да ги направи овие единици, јасно да се дефинира и рокот до кое време може да се формира таа единици. Дали до надминувањето на кризата, или до надминувањето на поплавите, како што е тука предвидено, или во други случаеви. Значи, да се дефинираат надлежностите и врз основа на стратегијата која што ние сме ја усвоиле стратегијата за одбрана и безбеднст, сме

формирале и центер за менаџирање на кризи. Една од препораките за формирање на вакви единици може да биде од истиот тој центар за управување со кризи. Мислам дека на директорот не му е потребна оваа надлежност. Дури во членот 14 не се набројува таа надлежност тој да формира посебна единица, или специјална единица во посебни специјални случаи.

Во членот 17 каде се дефинираат секторите за внатрешни работи, се формираат се на се осум сектори. Тука се набројуваат критериумите врз основа на кои се основани овие сектори.

Сепак, овде се набројува бројот на населението, површината на тие општини кои што ги опфакаат овие сектори, бројот на кривичните дела итн.

Господине потпретседател, доколку има можност јас тука би прекинал пред паузара и потоа би продолжил по паузата, затоа што ќе говорам малку подолго.

**Слободан Најдовски:** Во ред ако можете за пет до десет миниути да заврштие да причекаме. Ако не, тогаш да прекинеме.

**Абдилаќим Адеми:** Ми е потребно повеќе време.

**Слободан Најдовски:** Во ред тогаш објавувам пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 15,00 часот)

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.

Има збор пратеникот Абдилаќим Адеми.

Повелете господине Адеми.

**Абдилаќим Адеми:** Благодарам господине потпретседател.

Почнувам со членот 17, со моите забелешки на тој член, каде е дадено формирањето на сектори за внатрешни работи и критериуми за основање на истите сектори. Се споменуваат неколку критериуми, но не ми е јасно кои се приоритетите за основање на овие сектори. Мојата дилема е во поглед на тоа дека овие сектори можеби треба да се дефинираат во Законот за внатрешни работи,а не во Законот за полиција, бидејки освен полициските работи што треба да ги вршат овие сектори, имаат и други управни работи под своја контрола. Врз основа на тие критериуми кои се спомнати во членот 17 и врз чија основа Република Македонија е поделена на 8 региони, доаѓаме до констатација дека врз основа на бројот на жители имаме: од 133 илјади жители што ги опфаќа Секторот за внатрешни работи во Велес, до 578 илјади жители кои ги опфаќа Секторот за внатрешни работи во Скопје. Во овие сектори за внатрешни работи се распределени и полициските станици со општи надлежности, така како што е дефинирано и во членот 20. Но овие полициски станици со општи надлежности не се распределени на правичен и рационален начин, пропорционално во сите региони врз основа на бројот на жителите и врз основа на подрачјето. Колку за илустрација да кажам секторот за внатрешни работи во Скопје има 9 полициски станици со општи надлежности или 64 илјади во една полициска станица. Секторот за внатрешни работи во Битола, кој има приближно 250 илјади жители има 6 полициски станици со општи надлежности или 41 илјада жители за една полициска станица. Секторот за внатрешни работи во Битола кој има 133 илјади жители има 3 полициски станици или 44 илјади жители по полициска станица. Секторот за внатрешни работи во Охрид кој има 210 илјади жители и 4 полициски станици со општа надлежност, има 52 илјади жители за една полициска станица. Тој во Струмица кој има 170 илјади жители има 4 полициски станици или приближно 43 илјади жители за една полициска станица. Секторот за внатрешни работи во Тетово има 300 илјади жители и има 2 полициски станици, што значи приближно 150 илјади жители во една полициска станица, а тој во Штип со 200 илјади жители има 7 полициски станици со околу 29 илјади жители за секоја полициска станица.

Зошто ги споменувам овие податоци? Бидејки полициските станици со општи надлежности, освен што ќе имаат за должност да го чуваат редот и мирот, имаат надлежност да издаваат и лични документи за граѓаните како пасоши, лични карти, доказ за државјанство, извод од матична книга на родени и т.н. Значи не е направена соодветна распределба на полициските станици врз основа на подрачјето и ако како поеклатантен пример земеме 150 илјади жители во Секторот за внатрешни работи во Тетово, кој ги опфаќа сите општини на Тетово и Гостивар, треба 250 илјади жители да одат во една друга полициска станица со општи надлежности да стекнат лични документи. За мене ова е голема концентрација на граѓани и овде треба да се изнајде решение, да се отворат полициски станици или нови станици со општи надлежности, или да се прошири бројот на сектори. Има други случаи во други сектори за внатрешни работи, на пример, Секторот во Скопје. Сите се сконцентрирани во урбаните општини на градот Скопје и се иземени руралните општини од Скопје, за да има полициски станици со општи надлежности кои ќе им овозможат на граѓаните да имаат служби што поблиску, а што е еден од клучните атрибути на процесот на децентрализација. И во овој случај би рекол дека треба да се нарпави една деконцентрација на овие полициски станици. На пример, Сарај со околу 35 илјади жители нема ниту една полициска станица со општи надлежности или Арачиново, Студеничани, Петровец и т.н. Истиот случај е со Секторот за внатрешни работи во Куманово, каде на пример над 20 илјади жители од Липково или од Старо Нагоричани и т.н. повторно треба да одат до Куманово за да извадат еден значаен документ. И овде образложението од претставникот на Министерството за внатрешни работи ќе биде дека не секоја полициска станица може да издава лични документи, но тие лични документи можат да се издадат во друг центар и да се распределат од таму каде што е поголема концентрација на граѓани, каде што е поголемо барањето од страна на граѓаните.

Затоа, имам забелешка на членот 17, или да се зголеми бројот на сектори за внатрешни работи или да се зголемат во членот 20 полициските станици со општи надлежности. Ги спомнав причините зошто ова го барам.

Во членот 19 каде се говори дека со Секторот за внатрешни работи раководи началник, и во Законот за внатрешни работи не се споменува началник туку се спомнува раководно лице, а овде во неколку случаи се спомнува началник. Значи терминологијата на овој закон треба да се усогласи со Законот за внатрешни работи.

Исто така, имам забелешка во однос на искуството на раководното лице кое раководи со Секторот за внатрешни работи каде се дефинираат 12 години работно искусвто и 4 години како раководител, и овие години треба да се преполоеат и да биде 6 години и 2 години, како што спомнав и малку претходно. Една друга причина зошто ова треба да се преполови е поради фактот што со ова работно искуство, со овој закон како што се утврдува, може да биде и пречка за имплементација на Рамковниот договор од аспект на правична застапеност на сите етнички заедници, бидејки има многу малку припадници на етничките заедници кои имаат 12 години работно искусвто и 4 години работно искусвто на раководна функција. Затоа, тоа треба да се преполови и да се види и од овој аспект. Не случајно на почетокот на мојата дискусија го спомнав и духот на Рамковниот договор, кој треба да се имплементира во овој закон.

Понатаму во членот 20, секторите за внатрешни работи, не се дефинира кои ќе бидат надлежностите на овие сектори.

Во членот 21, кој е можеби еден од најпроблематичните членови, бидејки овде се дефинира именувањето на командирот на полиција. Тука стои "командир на полиција", а веќе реков дека овој закон треба да се усогласи со Законот за внатрешни работи, односно да се усогласат дефинициите и поимите во овие два закони. Во Законот за локана самоуправа во членот 36 е дефиниран начинот на избирање на раководното лице кое раководи-во тој закон се вели "со подрачните единици на регионалните единици", но со Законот за внатрешни работи тоа сме го измениле и сме рекле не "подрачните единици" туку "полициска станица со општи надлежности". Тоа не е проблемот, туку проблемот е во именвуањето на лицето кое раководи со полициските станици. Овде е дефинирано дека тоа го врши Советот на општината, односно засегнатата општина, додека во Законот за локална самоуправа се вели дека треба да даде согласност или сите со општински совети кои припаѓаат на таа засегната полициска станица. Во практичното спроведување на овој закон од општинските совети може да создаде една конфузија, па би апелирал до минситерот за внатрешни работи овде јавно да ни објасни како ќе се реши ова прашање, за да им се објасни на општинските совети кој закон ќе го спроведуваат при изборот на овие лица, Законот за локална самоуправа, Законот за внатрешни работи или Законот за полиција, значи кој од овие закони ќе го спроведуваат.

Овде не е дефиниран мандатот, на колкав мандат се избираат овие раководни лица, односно командири на полициски станици: со 4-годишен мандат, 2-годишен, 3-годишен, 5-годишен или се доживотно на таа функција.

Понатаму, на минситерот му се остава право за разрешување на ова раководно лице, што воопшто не е спорно, бидејки вака е со Законот за локална самоуправа и Охридскиот рамковен договор. Но овде јасно треба да се дефинира постапката како се разрешува тоа раководно лице и кои ќе бидат критериумите минситерот да одлучи за да го разреши тоа раководно лице. На пример, јас можам да говорам хипотетички, до колку и по два предлога кои ги прави министерот со 6 имиња, Советот на општината повторно ќе избере еден од тие 6 предложени лица, но на минситерот тоа не му се допаѓа и врз основа на овој закон сега има право веднаш да го разреши тоа лице. Затоа, треба да се дефинира, да се утврди како се разрешува ова лице.

Во членот 22 се вели дека ова раководно лице ќе ги информира сите општински совети кои ги засега таа полициска станица. Но што до колку еден од општинските совети или мнозинството на општинските совети, не ја донесат инфорамцијата која тој им ја доставил, дали ова ќе биде причина или дали ќе произведе правен ефект, минситерот за внатрешни работи да го разреши раководното лице на полициската станица со општи надлежности.

Вториот став од членот 22: се вели дека општинскиот совет дава препораки до раководното лице и дали ќе се земат предвид препораките кои тој совет ги дава до раководното лице, кој ќе биде пристапот на тоа лице во однос на инфорамцијата, ја доставува ли на советот во однос на раководното лице и т.н. Но што ќе се случи доколку тоа раководно лице не ги земе предвид препораките кои ги доставува едниот општински совет. Каде е овде одговорноста?

Во членот 23 каде се утврдуваат регионалните центри за гранични работи, за гранична полиција е дефинирано дека за регионот Југ центарот е во Кавадарци, за регионот Исток седиштето е во Делчево, за Север седиштето е во Скопје и за Регионалниот центар-Запад седиштето е во Охрид. Веднаш се поставува прашањето кои се критериумите според кои се утврдени овие центри. До колку се погледне картата и позицијата на овие градови кои ги прочитав, веднаш може да се коснтатира дека за Југ добро е утврден центарот Кавадарци бидејки е во центарот на пограничниот појас, истото важи и за Исток, тука е Делчево, истото важи и за Скопје, но уште подобро би било овој регионален центар да биде во Куманово за контрола на Северната граница. Воопшто не е јасно како се утврди Охрид да биде регионален центар за Западниот дел. До колку ја видиме позицијата на градот

Охрид, ќе утврдиме дека воопштоне е во центарот на граничниот појас Запад, туку е на југозапад од земјата. Во овој случај многу е логично центарот да беше Дебар или Кичево како регионален центар. Значи членот 23 и посебно точката 4 за мене се неприфатливи.

И овде каде што се зборува за работното искуство 12 години и 4 години истото важи, како и за претходните членови што ги спомнав.

Во членот 39 се зборува за повикување во полиција на информативни разговори, кои треба да се одвиваат во полициската станица и во членот 41, членот 39 е во ред, значи треба да има вакви случаи, но треба да се дефинира во кои случаи можеш да повикаш лице во полициска станица за да добиеш информација, а не кога на некое раководно лице во полициска станица ќе му падне на памет да покани трети лица за да дадат информации за одреден случај.

Во членот 41 се вели дека полицискиот службеник е овластен да повика усмено или преку телекомуникациските средства, што значи ќе може да го повика преку телефон, преку една порака, месиџ или преку интернет. Според мене

зборовите "преку телекомуникациски средства" треба да се избришат, бидејки во ниту еден момент не можам да констатирам дека лицето кое се наоѓа од другата страна на телефонската линија е токму овластеното лице од полицијата да ме повика на информативен разговор.

Во истиот член во ставот 2, се дава можноста и преку средствата за јавно информирање лицата да се повикаат во полициска станица, но сметам дека ова треба да се избрише и да не постои во овој закон.

Во членот 42 се говори за приведувања. Сведоци сме дека полицијата при приведувањата прави и разни снимања. Ова е во ред бидејки може да се случи некоја несреќа неочекувано во однос на полицијата во тој случај, но во ни еден случај не треба овие снимки кои полицијата ги прави при приведувањата да бидат јавни, бидејки на овој начин влегуваме длабоко во приватниот живот на приведеното лице и вршиме нарушување на човековите права. Ова се случувало во праксата на полицијата во Република Македонија, се приведува едно лице и уште вечерта преку сите медиуми се прикажува начинот како е приведено соодветното лице, или како се екстрадира соодветното лице, како се симнува од хелихоптер, како следат едно лице врзано со лисици и како го следат 20 специјални полицајци. Мислам дека ваквите демонстрации сега се демодирани, залудни и припаѓаат на минатото.

Исто така, сведоци сме и на последните случаи кои се случуваат со таканаречената Алфа полиција. Мислам дека во неколку случаи премногу се изложуваат на медиумите и се фалат од јавни лица дека вршат многу позитивни работи, но во некои случаи тие ги пречекоруваат нивните надлежности. Затоа, во овој закон или во Законот за внатрешни работи можеби треба да се изнајде еден модел тие да се внесат и на јасен начин да се знае кој ги контролира и кој им дава налози да излегуваат на терен.

Во членот 46 се говори за задржување во полициска станица по приведување и ова не треба да биде подолго од 24 часа. Но, досегашната пракса кажува дека ова не се почитувало секогаш и можеби токму во овие 24 часа се случуваат најголемите малтретирања како физички така и психички.

Што ќе се случи доколку лицата вработени во Министерството за внатрешни работи приведат едно лице повеќе од 24 часа во полициските станици, кој ќе сноси одговорност, пред кого одговараат, пред кого даваат отчет, бидејќи во досегашната пракса никој не одговарал, го имаме последниот случај каде вие бевте присутни господине министре во Теарце кога не се почитуваше закон, а никој не одговараше за тоа или не сноси одговорност за истото.

Последниот став од истиот член треба да се дефинира кој дозволува отпуст пред 24 часа на тоа приведено лице. Може да се случи лицето да се задржи два-три или 20 часа, ќе треба да се ослободи, а кој ја дава дозволата за ослободување на соодветното лице кое е приведено.

Во членовите 54 и 55 каде се говори за одземање на ствари и стока, мислам дека треба јасно да се дефинира што доколку стоката и предметите имаат определен рок, може да им истече рокот, како ќе се чува таа стока, што, доколку се случи некои работи да се расипат. Кој ќе ја плати таа штета?

Во членот 65 став 2 каде се вели дека службените лица имаат право да сликаат, да снимаат со видео или аудио под услови утврдени со закон. Колку што се сеќавам во овој Парламент го изменивме Уставот, но во парламентарна фаза и законот за следење на комуникациите. Тој закон сеуште не е донесен. Членот 65 би требало да биде една преодна норма и да се каже дека овој закон ќе влезе во сила во моментот кога ќе влезе на сила и законот за следење на комуникациите. Мојот сомнеж во овој случај е, бидејќи законот сеуште не е донесен, законот за следење на комуникациите, се труди на одреден начин преку одредбите од овој закон да се легализира прислушувањето и следењето на одредени лица.

Ова е дефинирано во тој закон дека може да се направи само со судска одлука на ни еден друг начин за кои кривични дела можат да се следат одредени лица.

Во членот 86-употреба на хемиски средства, мислам дека и овде треба јасно да се утврди да не се остави простор за злоупотреба. Во кои случаи можат да се употребат овие хемиски средства?

Во членот 90 каде се дефинирани работните односи, овој член би требало да се усогласи со членот 48 од Законот за внатрешни работи. Дискутабилен е вториот став од членот 90, бидејќи во ставот 1 се дефинираат критериумите

кој може да се вработи во Полиција, во овој став се вели со актот за систематизација можат да се утврдат и други услови за вработување. Јас разбирам дека во Полицијата се работат специфични работи и се бараат специфични услови за вработување, но овде би требало да се дефинира јасно за кои работни места се бараат специфични критериуми.

Во членот 91, тоа што се сака да се постигне преку овој член е во ред, но овој член би требало да се усогласи со уставниот амандман каде се говори за правична и соодветна застапеност на граѓаните, бидејќи врз основа на тоа што можам да го прочитам во овој член овде се врши една категоризација. Овде се вели при вработување во Полиција да се обезбеди правична застапеност и за граѓаните кои припаѓаат на другите етнички заедници. Како може да се коментира, значи дека Полицијата е резервирана за една етничка заедница, во овој случај за македонската етничка заедница и да се обезбеди за другите заедници, но Министерството за внатрешни работи и Полицијата се за сите граѓани, а не само на една етничка заедница. Ајде сега да овозможиме правична застапеност и на другите заедници.

Целта на овој член е многу добра, но да се усогласи со уставниот амандман.

Членот 99, по мое мислење, е сувишен и треба да се избрише. Зошто го велам воа? Бидејќи полициските службеници, како што е дефинирано, можат да вршат и други работи како економски и стручни, токму ова стручни ќе ни донесе многу големи проблеми во секојдневниот живот, бидејќи вработените во Полицијата и Министерството за внатрешни работи токму ова можат да го искористат надвор од работното време да работат на обезбедување на јавни и приватни објекти, приватни лица како телохранители и тн. Во членот 13 што го спомнав претходно, таму се вели дека службение лица треба во секое време да бидат подготвени за да го штитат животот на граѓаните и нивниот живот без оглед каде се наоѓаат.

Сега, членот 13 и членот 99 се во спротивност. Мислам дека членот 99 треба да се брише. Тука треба да го имаме во предвид Законот за работни односи.

За резервниот состав на Полицијата во членот 112 се вели дека за припадниците на резервната полиција за вработување важат истите услови како и за редовниот состав на Полицијата. Мислам дека треба да се направи едно изземање на годините на лицата кои сакаат да бидат припадници на резервната полиција. Да се зголеми до 30 години.

Ова беа забелешките кои ги имав по однос на законот за Полиција и уште еднаш ќе повторам дека е краен момент да се измени имиџот и да се создаде доверба на граѓаните во однос на Полицијата. Законот треба да се усогласи со Уставот, да се усогласи со Законот за локална самоуправа, со Законот за внатрешни работи и сите поими кои се користат овде треба да се усогласат со терминологијата со законите кои ги спомнав претходно.Ви благодарам на вниманието.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Адеми.

Дали некој од пријавените е за реплика? (Никој).

Продолжуваме понатаму.

Следен за дискусија е пратеникот Јанаќе Витановски.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре.

Очигледно денеска имаме еден исклучително важен закон за Република Македонија, впрочем и пријавените кандидати од пратениците за дискусија кажуваат дека има голем интерес за овој закон и мислам дека оваа расправа ќе придонесе да направиме добар и квалитетен закон.

Денеска пред нас пратениците и Парламентот е Предлог за донесување на закон за полиција и денеска треба да ја изгласаме потребата од донесување на закон за полиција.

Давам поддршка и ќе гласам за потребата од донесување на овој закон, сметам дека потребата ќе биде изгласана од сите колеги пратеници.

Прво, давам позитивна оценка и мислење на постапката за донесување на овој закон кој оди во две фази, од причина што на тој начин ќе имаме можност сите пратеници преку своите дискусии преку комисиите и преку оваа парламентарна расправа да дадеме свој придонес за донесување на овој закон и можноста на сите експерти и јавноста да дадат свое мислење и забелешки на текстот на законот.

Единствена цел ќе биде да донесеме квалитетен закон, закон кој ќе биде применлив во пракса и кој ќе овозможи да направиме ефикасно полициско работење, законито работење, организираност, стручност, одговорност и мотивираност на вработените, а полицијата да биде сервис на граѓаните. Мислам дека оваа цел полицијата ќе ја достигне со донесувањето на овој закон.

При изготвувањето на овој текст на закон гледаме дека се земени во предвид меѓународните закони и искуства, а пред се текстот на општата Декларација за човековите права од ООН, Препораките и насоките содржани во Европскиот кодекс на полициската етика и Европската полициска повелба.

Исто така во изготвувањето на овој закон Министерството за внатрешни работи ги користел искуствата од Германија, Шведска, Полска, Бугарија, Унгарија, Словенија и Хрватска и нивните искуства дел од тие закони се вградени во овој закон, а мислам дека се добри и ќе бидат применливи и кај нас.

Истовремено овој закон е изготвен и во согласност со стратешките документи на МВР, а

тоа е Стратегијата за реформи во полицијата и Акциониот план за имплементација на процесот на реформи во полицијата.

Од ова што го наведов сега и од текстот на законот кој е предложен, сметам дека МВР и Владата изготвиле квалитетен текст на закон на кој од овие дискусии веројатно ќе има некои измени и дополнувања.

Сметам дека овој закон е лекс специјалис, посебен закон со кој се уредуваат полициските работи, организацијата на полицијата, полициските овластувања, правата и обврските што произлегуваат од работниот однос на полициските службеници во МВР.

Значи, Законот за внатрешни работи регулира некоја друга материја и тоа регулира надлежност, делокруг на работа, организација на МВР и други работи, а овој закон ги утврдува полициските работи. Со самото влегување во сила на овој закон само дел од Законот за внатрешни работи ќе престане да важи. Тие се утврдени во членот 123 од овој Закон, а останатиот текст од Законот за внатрешни работи ќе важи, постои паралелност со овој закон за полицијата.

Иако моите колеги дадоа свое мислење во текот на оваа расправа, јас ќе дадам свои забелешки по овој текст на законот.

Со предложениот закон се уредуваат полициските работи, организацијата на полицијата, полициските овластувања, правата и обврските што произлегуваат од работниот однос на полициските службеници во Министерството за внатрешни работи.

Основната цел на законот е поефикасно извршување на полициската функција за заштита на темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија и почитување на основните човекови права загарантирани со Уставот.

Сметам дека овој закон ќе ја постигне целта.

Треба да се истакне новото решение во законот кое е наведено во членот 2 став 2, воведена е категорија полициски службеник како овластено лице задолжено за преземање на полициските работи во рамките на полициската организација базирана врз демократски принципи, европските стандарди и искуства.

Понатаму законот го дефинира поимот полиција како дел од Министерството за внатрешни работи.

Сега повеќе ќе се осврнам на организацијата. Со законот се предлага една нова шема, нова организација на полицијата.

Имено, во членот 14 е предвидено дека полициските работи во Министерството ги врши Бирото за јавна безбедност како орган во состав на Министерството.

Новата организациона поставеност и новата шема на полицијата во овој Предлог-закон би изгледала на овој начин:

Имаме највисоко тело кое ќе раководи со полициските работи, тоа е Бирото за јавна безбедност и ќе имаме осум сектори за внатрешни работи во кои ќе имаме еден наалник. Секој сектор ќе си има свој началник. Значи, имаме осум сектори за внатрешни работи, а претходно имавме 12.

Ќе имаме 38 полициски станици со кои ќе раководи командир, имаме четири регионални центри со кои ќе раководи началник.

Во однос на оваа новина во оранизација на полицијата некои мои колеги дадоа свои забелешки и свои видувања, па и јас ќе ја искористам таа можност и ќе дадам свои забелешки и видувања.

Во однос на организационата поставеност, бидејќи овие осум сектори за внатрешни работи се формирани врз основа на големината на подрачјето, бројот на населението, бројот на кривичните дела, географската положба. Сметам дека овие осум сектори за внатрешни работи кои ги опфаќаат подрачјата еден е во Скопје, Битола, Велес, Куманово, Охрид, Струмица, Тетово и Штип.

Сметам дека има место да се размислува за уште еден нов сектор, а тоа е секторот за внатрешни работи Гевгелија, бидејќи тоа е на граница на Република Македонија спрема Грција, има три гранични премини, тоа се Дојран, Богданци и Гевгелија-железничкиот премин, покрива територија од околу 50 илјади жители и фреквенцијата на граѓаните кои поминуваат од Македонија спрема Европската унија и Грција тоа е голем број. Исто така тоа е голем број на фреквенција на возила, има веќе две-три казина, се отвора уште едно, тука е илегалното преминување на доста странци и наши лица кои илегално ја преминуваат границата, тука е Дојранското Езеро така што има основ да се размислува и ако МВР го прифати да има уште еден сектор за внатрешни работи, тоа би бил секторот Гевгелија.

Во однос на назначување на началниците за кои зборуваа моите претходни колеги, со Секторот за внатрешни ќе раководи началник кој началник ќе го назначува и разрешува министерот за внатрешни работи. Мислам дека тоа е сосема во ред и забелешките од страна на некои мои колеги на комисиите и сега на оваа пленарна седница е во однос на условите кои треба да ги исполнуваат овие луѓе кои треба да бидат началници на овие сектори. Мислам на посебните услови.

Сметам дека не треба да се менуваат овие посебни услови од причина што за вршење на полициските работи е потребен висок степен на специјализација, бидејќи началникот извршува специфични и сложени задачи за полицијата. Сметам дека посебните услови се да има завршено високо образование, да има работно искуство во полиција од најмалку 12 години од кои четири години на раководно работно место, не би требало да се менува и овие посебни

услови за началниците треба да останат како за началниците на секторите за внатрешни работи истото и за началници за регионалните центри за гранични работи.

Во однос на полициските станици имаме нова шема да имаме полициски станици од општа надлежност во 38 центри кои се наведени во самиот закон. Со овие полициски станици ќе раководи командир.

Сега, според Законот за локална самоуправа начинот на избирање на овој командир е веќе утврден, тоа ќе биде на предлог на министерот кој ќе предлага тројца кандидати, а советниците Советот ќе избира кој ќе биде избран.

Имам забелешка на последниот став од членот 21 каде што министерот го задржува господењето за разрешување на командирот на полициска станица од општа надлежност во согласност со овој закон.

Понатаму во Законот нема никаде наведено под кои услови и под кои критериуми министерот може да го разреши командирот. Да не дојдеме во коализија, во законот мора да се наведе министерот под кои услови, под кои критериуми ќе ги разрешува командирите, бидејќи сега министерот ги разрешува а изборот го врши Советот на општината. Значи, во Законот да се наведе под кои услови и критериуми ќе може министерот да го разреши командирот.

Во однос на условите за исполнување на посебните услови на кандидатот за командир е сосема во ред, мислам на условите кои се дадени во законот.

Во однос на командирот на полициската станица член 22 каде што се вели " да ги информира редовно и на барање Советот на општината, односно ќе има обврска командирот на полициската станица да дава информации за неговото работење.

Во законот е наведен еден збор "редовен", јас мислам дека треба да го прецизираме и овде да се направи измена, на пример, да кажеме "на секои шест месеци", за да се знае кога е.

Уште една дилема има кај мене, бидејќи вели дека командирот ќе го информира Советот и за работите од јавната безбедност и безбедносната заштита на патиштата. Дали јавната безбедност односно дали инспекторите од општ криминалитет, надозволена трговија со дрога, оружје, економија, останува во надлежност на командирот односно на полициската станица.

Во однос на граничните центри сметам дека овие регионални центри како што се дадени во Законот, во членот 23, регионален центар Југ - Кавадарци Исток - Делчево, регионален центар Север-Скопје и регионален центар Запад со седиште во Охрид, се сосема во ред и ја покриваат целата територија на Република Македонија. За ова веќе еднаш е расправано, овие центри веќе работат, таму има луѓе, за миг разгледувавме и еден закон и мислам дека нема потреба од нови регионални центри, бидејќи овие четири регионални центри југ, исток, север и запад, ја покриваат целата територија на Република Македонија.

Во однос на полициските овластувања не би имал некои забелешки. Во однос на повикувањето, приведувањето и задржувањето и останатите полициски овластувања сметам дека се сосема во ред како што се дадени во законот, како што кажа и колегата дека има некои забелешки во однос на приведувањето, но приведување може да има само со судски налог. Сметам дека овие одредби кои се дадени се сосема во ред.

Се согласувам со колегата како што рече за употребата на хемиските средства, каде што треба да се внимава со употребата на хемиските средства кои треба да бидат употребени и во кој период и на кој начин да се употребуваат.

Понатаму, законот ги разработува работните односи.

Во однос на работните односи во законот е наведено само за засновањето на работните односи. Мислам дека овде е сосема во ред, полициски службеник заснива работен однос врз основа на јавен оглас. Тоа е сосема во ред. Овде се разработени сите работи.

Во однос на правичната застапеност сметам дека нема потреба законот да го обременуваме бидејќи правичната застапеност е уредена со уставните амандмани и мислам дека нема да има никаква дилема за негова примена односно за правична застапеност на граѓаните.

Во однос на работните односи имам една забелешка бидејќи ова е закон лек специјалист, за ова зборував и на Комисијата и сметам дека во овој закон можеби треба да најде место и престанокот на работниот однос односно престанокот на работниот однос со пензионирање, бидејќи исто таква едн одредба постои во законот за пензиско инвалидско осигурување, тоа е членот 101 каде што се вели дека работник на Министерството за внатрешни работи кој има најмалку 25 години пензиски стаж, од кои најмалку 15 години ефективно поминати на работни места за кои стажот за осигурување се смета за зголемување и маж кој што има 55 години старост односно жена 50 години може да оствари право на старосна пензија ако работниот однос му престане по потреба на службата.

Сметам дека оваа одредба која што важи, која што постои ја има во Законот за пензиско и инвалидко осигурување, со 25 години пензиски стаж и со 50-55 години старост да можат да остварат старосна пензија. Мислам дека има место во овој закон, во овој дел од Законот, Глава 5, од работните одниоси да најде место или да се стави една одредба дека ќе важи одредбата од законот за пензиско инвалидско осигурување. Истата работа е и во законот за внатрешни работи наведена, која што си останува и важи. Во однос на звањата и чиновите нема никакви забелешки. Мислам дека тоа е сосема во ред. Сега ќе имаме нови чинови и

звања и тоа ќе го имаме како што е наведено во членот 93, ќе имаме полицаец, виш полицаец и главен полицаец.

Во однос на инспекторот ќе имаме помлад инспектор, инспектор, виш инспектор и самостоен инспектор, главен инспектор, а во однос на советници ќе имаме полициски советник, виш полициски советник, главен полициски советник и генерален полициски советник. Ова е сосема во ред и мислам дека ова ќе се уреди и со подзаконските акти.

Во однос на давањето на полицаец изјава во Законот или во подзаконските акти треба да се наведе пред кого полицискиот службеник ќе ја даде оваа изјава за стапување на работа, која е предвидена во членот 95, бидејќи не е дадена во Законот. Дали пред неговиот претпоставен, пред командирот, пред началникот. Значи, треба да се наведе и во членот 95 или во подзаконските акти кои што треба да ги изготви Министерството за внатрешни работи. Овде не е наведено, туку наведено е само дека полицискиот службеник е должен при вработување во полицијата да потпише изјава, а нема пред кого. Исто така, во членот 96 каде што е наведено за износот на средствата на плата за извршување на полициски работи се зголемуваат за 30%, во законот треба да се наведе од која плата.

Она за кое што зборуваат моите колеги претходно, и јас имам забелешка, меѓу другото и на членот 99 - полицискиот службеник да извршува самостојна или дополнителна стопанска или професионална активност по предходна согласност на министерот на начин и услови утврдени со посебен закон. Ова постоеше и до сега и сметам дека треба да се размисли малку и да се усогласи со законот за работни односи, дали полицискиот службеник може да врши и кои самостојни и дополнителни дејности. Дали тие дејности кои што ги врши професионално, или сосема некои други. Треба да се размисли сосема добро за членот 99 од Законот.

Во однос на оценувањето на работењето на полициските службеници во членот 111 е наведено дека полициските службеници се оценуваат во втората половина на месец декември на тековната година и дека го оценува непосредниот раководител повисок од него. Нема никаде во законот и во оваа одредба 111, што ако е оценката за работењето на полицискиот службеник негативна. Бидејќи овде нема, кои се реперкусиите ако некој полициски службеник добие повеќе пати негативна оценка и што ако некој полициски службеник позитивна оценка. Тоа не е разработено. Мислам дека тоа треба да се разработи во правилникот кој ќе биде донесен највеactive од страна на министерот, за критериумите и начинот на оценување и работа на полициските службеници. Значи, тоа треба да се наведе во правилникот или евентуално во законот, бидејќи оценувањето ќе значи и наградување на некои полициски службеник, тој што ќе добие позитивна оценка, еднаш, двапати и треба да биде унапреден од полицаец па натаму. Затоа пак ако некој добие негативна оценка треба да се деградира. Заради тоа во Законот треба да ги има овие работи.

Во однос на прелазните и завршните одредби сметам дека во определениот рок ќе бидат донесени овие акти, бидејќи без тие акти не ќе имаме квалитетен закон кој што ќе биде во функција на самиот закон односно на полицијата и на граѓаните.

Сметам дека со овој закон ќе имаме поефикано извршување на полициската функција за заштита на темелните вредности на Уставниот поредок на Република Македонија и дека со овој закон ќе ги заштитиме основните човекови слободи и права загарантирани со Уставот.

Се надевам дека со овие забелешки и забелешките кои што ги дадоа моите колеги, како и колегите кои што се пријавени за дискусија ќе ги има во предвид министерот за внатрешни работи и она што е добро и ќе го земат и ќе направиме еден закон кој ќе биде применлив закон во Република Македонија,.

Јас имам толку почитуван потпретседател. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодрам господине Јанаќе Витановски.

Има збор Марија Којзеклиска.

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпретседателе,

Почитуван министре, дами и господа пратеници,

Значи, еве расправаме за предлогот за донесување на закон за полицијата, меѓутоа пред да започнам да зборувам за овој закон би сакала само нешто да потсетам.

Дванаесет месеци или една година пред изборите некако многу од министерствата, вклучувајќи ги и Министерството за надворешни работи и Министерството за внатрешни работи, доставуваат предлог до Собранието за донесување на закон, а ако од друга страна го споредиме тоа со она што е дадено во причините и она што врз основа на кое е изгтвен, оној закон, тоа е стратегијата за реформи во полицијата усвоено од Владата на својата седница одржана дури на 11.08.2003 година, и верификувана од структурите на Европска комисија во Брисел и

второ, акциониот план за имплементација на процесот на реформи во полицијата, усвоени на Владата на седницата одржана на 11.01.2005 година, значи дури десет месеци од усвојувњето на акциониот план, ние го имаме на маса предлогот за донесување на закон за полиција, значи во прва фаза. Незнам кои се причините дали се наоѓаат во делот на подобро согледување и споредување на компаративните искуства кои ги има полицијата во другите земји или пак нешто друго е во прашање не знам. Меѓутоа факт е дека премногу долго се чека овој предлог за донесување на закон да дојде во нашата собраниска процедура. Тоа е во тој дел.

Важноста на овој закон за полиција, извира од фактот што полицијата е почитувани колеги е единствен орган на државата кој постапува преку легална присила и поради спецификите на работењето од сите други органи во државата. Значи, со закон на полицијата им се дава со легална присила да ги остваруваат функциите на полицијата.

Фатк е и тоа дека ниту еден друг орган со своето дејствување не може да влијае на психичкиот и на физичкиот живот на луѓето и на граѓаните и на интегритетот на човекот, како што тоа може да го прави полицијата. Значи важноста на овој закон извира токму од овие сегменти.

Животот, психичкиот и физичкиот интегритет на човекот се неприкосновени, а слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случај утврдени со Уставот на Република Македонија како највисок правен акт. На секој граѓанин во Република Македонија му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот, на неповредивоста на домот и на личните податоци. Овие слободи и права имаат фундаментална и егзистенционална важност за личниот и општествениот статус на секој граѓанин односно од нивната реализација или ограничување од страна на државните органи, во конкретнит случај ќе се вратам на предлогот за донесување на закон за полицијата, од многу зависи оценката на степенот на демократијата во државата. Од тие причини почитувани колеги Предлогот за донесување на закон за полиција треба да си најде соодветно место во општествениот живот во Република Македонија, затоа што се работи со граѓани на оваа држава.

Би сакала накратко да кажам некои свои размислувања и можеби со некој дел ќе се поклопам со колегите или ќе посочам на некои од нивните дискусии и она што се зборуваше на комисиите, а тоа е во делот на тоа дека постојниот закон за внатрешни работи во себе ги содржеше и полициските работи. Сега со овој предлог за донесување на закон, ние ги вадиме од Законот за внатрешни работи полицијата, им ги даваме овие надлежности кои ќе бидат и во втората фаза допрецизирани се надевам, а Законот за внатрешни работи ни останува како посебенн сегмент, кој секако јас верувам дека и министерот ќе се сложи, дека треба да претрпи и соодветни измени, со оглед на фактот дека ние ги вадиме надлежностите на полицијата, даваме посебен закон за полицијата, кој досега беа во состав на Законот за внатрешни работи. И секако со овој предлог на закон има најверојатно имплементирано доста подзаконски акти од начинот на работа на полицијата кој сега се дигаат на ниво на закон. Некои од колегита го спомна претходно, меѓутоа јас ќе го потенцирам членот 9, во кој се вели дека министерот за внатрешни работи до Владлата доставува писмен извештај за извршените полициски работи најмалку еднаш годишно, меѓутоа во ставот 2 ме иритира тоа што факултативно е спомнат извештајот кој треба да дојде до Собрание на Република Македонија, кој на крајот на краиштата го избира министерот за внатрешни работи, независно од каде доаѓа, и тоа само по нивно барање, значи без задолжителност како што е тоа наведено во ставот 1 на членот 9. Можеби Министерството во наредната фаза треба да размисли дека таквото доставување на извештај од министерот за внатрешни работи, писмен извештај, за извршените полициски работи најмалку еднаш годишно задолжително да ги достави до Собранието на Република Македонија.

Значи имаме нов начин или нова организациона структура дадена со ова. Колега Јанаќе Витановски го кажа, како ќе изгледа политичката поставеност, структурата, се сложувам до некаде со критериумите кои се дадени за она што треба да го исполни началникот на Секторот за внатрешни работи, на командирот на полицискат станица, сепак луѓето треба да имаат доволно искуство за да можат да ја обавуваат таа функција која им се дава. Со овој закон се регулираат и обезбедувањето на државната граница и контролата на преминување со формирање на четири регионални центри за гранични работи, и сега во Глава 4 имаме имаме детално разработување на полициските овластувања или тоа е членот 25, значи 18 наведени политички овлатувања кои се детално до танчина дадени во овој Предлог за донесување на закон дури и при употреба на службено куче, кога треба да ја носи корпата и кога не треба да ја носи корпата. Значи до таму, до тие детали има отидено МВР, меѓутоа би сакала да го посочам членот 41 кој се однесува на повикувањето а во врска со членот 39 во кој се вели дека полицијата е овластена да врши усно повикување.

Меѓутоа, не се наведени причините или случаите кога може да се врши усното повикување, во исклучителни случаи, или во некои други околности кои бараат итно тоа лице да биде повикано. Меѓутоа, во колизија е со членот 39 во кој е наведено дека е овластена писмено да ги повикува граѓаните. Ако веќе сакаме исклучок, тогаш согласно членот 41 требало-по исклучок заради голема опасност од извршување на кривични дела итн, може да биде повикано лицето и усно.

Во членот 59, полицискиот службеник е овластен да изврши собирање, легитимирање, преглед или претрес на лице, превозно средство и багажот кој лицето го носи со себе, кога тоа е неопходно заради наоѓање на предмети погодни за напад или за самповредување, или кога постојат основи на сомневање дека кај нив ќе се најдат траги на кривично дело и предмети кои можат да послужат како доказ. Сега овој дел не ми е јасно дали ќе се употребува во сите случаи, или ќе се врши по пат на случаен избор затоа што се работи за сопирање, легитимирање, или по претходно укажување дека лицето НН ќе се

движи по тој пат, или ќе оди таму, па полицискиот службеник ќе може да го сопре и да го легитимира како, на крајот на краиштата, полицискиот службеник ќе утврди дали тие предмети се погодни за напад, или пак се погодни за самоповредување. Значи обврска имаат полициските службеници на кои им се даваат нови обврски со овој предлог за донесување на закон.

Во врска со она што колегите претходно го спомнуваа, мислам дека беше употреба на огнено оружје спрема лица. Полицајците значи треба да бидат обучени и да знаат за кои кривични дела може да се изрече казна затвор во траење од најмалку 4 години, за кои кривични дела ќе може да се изрече казна поголема од 10 години или потешка казна. Значи постојана едукација на полициските службеници е неопходно потребна ако сакаме да се имплементираме во Европската Унија.

Во членот 62, снимање на јавни места, ставот 2 вели:"Кога постои опасност на јавните собири да се загрози животот, здравјето на луѓето и имотот, полицискиот службеник е овластен да врши видео снимање или фотографирање на јавен собир". Дали тоа исклучиво се однесува само кога постои опасност, или во секој друг случај, затоа што години наназад ние сме сведоци на тоа дека и без опасност, дефинитивно досега били без опасност, јавните собири и митинзи итн, беа снимани од страна на полицијата или соодветни служби во полицијата. Сега намерата со ставот 3 од овој член-за спроведување на снимање полицијата јавно ќе ја соопшти. Тоа е нешто ново. Меѓутоа, јавното соопштивање дека таму и таму ќе се снима, дали ќе оди преку средствата за јавно информирање или на некој друг начин. Во секој случај е некоја новина, а дали ќе заживее, тоа допрва треба да го видиме. Ќе потенцирам, досега имавме снимање од страна на полицијата, посебно кога се однесува на јавните собири.

Употреба на средствата за присилба, ставот 4 вели:"Полицискиот службеник секогаш ќе употреби средство на присилба со кое, со најмалку штетни последици ќе ја оствари целта". И така да е како што е наведено во Предлогот за донесување на закон, факт е дека треба да се има искуство, посебно полициско искуство за да се оцени колку ќе бидат штетни последиците од примена на присилба, за определени лица. Значи искуството кое треба да го поседуваат полициските службеници мора да биде на високо ниво за да немаме после претстапки до МВР, па Јавниот обвинител, па загрозување на физичкиот интегритет на лицата итн, и потоа постапка за утврдување дали полицијата ги пречекорила своите овластувања или не ги пречекорила.

И членот 75, последниот став кој вели "Полицискиот службеник е должен да обезбеди лекарска помош на повредено лице спрема кое е употребено средство на присилба, доколку тоа е неопходно и ако тоа го дозволуваат околностите". Значи, доколку се случи од определена употреба на присилба лицето да биде повредено, полицискиот службеник е должен да му обезбеди лекарска помош, ако дозволуваат околностите до соодветен медицински центар или здравствен дом за да му биде укажана лекарска помош.

Членот 76 вели :"Основаноста, оправданоста и правилноста на употребата на средството за присилба во секој конкретен случај, ја оценува непосредниот раководен полициски службеник. Непосредниот раководен полициски службеник го известува надлежниот јавен обвинител за секоја употреба на огнено оружје". Дали се мисли, откако ќе биде употребена, или дека имаат намера да употребуваат огнено оружје. Вака како што е наведено, полицискиот службеник за секоја употреба на огнено оружје мора да го извести наделжниот јавен обвинител, доколку се работи за подрачје на Основен суд.

Јас би сакала да укажам, почитувани колеги, нанешто друго. Тоа е членот 76 став 3, каде оправданоста, основаноста и правилноста на употребата на огненото оружје и употребата на средствата за присила кога е предизвикана тешка телесна повреда или настапи смрт на некое лице, или кога средстсвото за присилба употребено против повеќе лица, ги оценува организационата единица на Министерството, надлежна за вршење на внатрешна контрола, кое ги разгледува околностите под кои е применето средството за присилба.

Колку што знам во МВР постои Сектор за внатрешна контрола и професионални стандарди за случаите за пречекорување на овластувањата и утврдување на дисциплинска одговорност на полицајците.

Сметам дека со овој закон МВР треба поголемо внимание да посвети на внатрешната контрола во работата на Комисијата, како резултат на спречување на постоењето на големиот број на преставки кои доаѓаат од граѓаните. Тоа е во едниот сегмент и во вториот сегмент како превенција од постоењето на такви постапки.

Секако дека министерот за внатрешни работи и Министерството имаат контакти со надлежните министерства во останатите земји. Сметам дека во овој закон многу малку внимание е посветено на внатрешната контрола, посебно на превенцијата на настанување на случаи на пречекорување на овластувањето од страна на полициските службеници. Мислам дека Министерството треба да посвети малку поголемо внимание во делот на внатрешната контрола.

Задолжително го имаме членот за рамноправност на припадниците.Нема закон а да немаме таков член со кој ќе се почитуваат и критериумите на стручност и компетентност.

За членот 99 и членот 100 кажуваа претходните колеги. Значи на полициските службеници им се дозволува , овие два члена се нови во функционирањето на полицијата. Значи членот 99 се однесува на вршење на дополнителна самостојна дејност на полициските службеници

со согласност на министерот, ако тоа го дозволува посебен закон И членот 100 се однесува на фактот дека на полицискиот службеник му се дозволува членување на политичка партија, со самата формулација на членот 10 и со одреден број на забрани во спроведувањето на вршењето на својата професионална дејност. Така што ова е навистина новина во законот за да им се дозволува на полициските службеници да бидат членови на определена политичка партија. Можеби некои други закони ќе мора да претрпат, не во делот на полицијата или МВР, затоа што знаеме дека избраните и именуваните и сите други вработени во органите на Државната управа се членови на некоја политичка партија. Добро Министерството што увидело на време дека не можат на своите вработени да им го забранат членувањето во политичка партија, секако со ограничувања кои се дадени во членот 100.

Јас коментирам и на Законодавно-правната комисија за членот 104, за психофизичката и општата здравствена состојба на полицискиот службеник за вршењето на полициските работи и за здравствената комисија која треба да го оценува тоа. Овој член мора да се гледа во корелација со членот 111 во кој се вели дека работата на полициските службеници се оценува во втората половина од месец декември за тековната година. Меѓутоа, оценката овде се формира врз основа на податоците кои се однесуваат за стручноста, знаењето, способноста, работната дисциплина и работните карактеристики, пожртвуваност, уредност итн. Меѓутоа, никаде го немаме критериумот психофизичката способност.

Знаејќи ги спецификите на вршењето на полициската служба, сметам дека најмалку барем на две години, да не е на секоја година, меѓутоа на две години, секој од полициските службеници на кој се однесува законот, значи лица кои се и униформирани и неуниформирани, а се со полициски овластувања треба да бидат подложни на психофизичка и општа здравствена состојба, токму заради фактот на работните задачи што ги имаат , немаат ограничено работно време, работа и за време на викенд и навечер и за време на празници, така што не мора секогаш повредата на работи и професионалното заболување да биде причина за преоценка на психофизичката способност, токму заради наше побрзо имплементирање или имплементирање на полицијата во современите полициски структури кои неопходно се наметнуваат во последно време и различните видови на криминал, различни облици на криминал кои се појавуваат, како што е транснационален криминал од сите можни области.

Членот 107 се однесува на лице кое по барање на полициски службеник укаже помош на полицијата и по тој повод биде повредено, се разболе или биде спречено за работа најмалку 3 месеци, а не е осигурено по друг основ, има право на лекување на трошок на Фондот за здравствено осигурување, а во случај на инвалидност или телесно оштетување има право на пензиско осигурување на товар на Министерството, како и полициските службеници.

Сметам, почитувани колеги, ако веќе лицето кое по барање на полициски службеник дало помош на полицијата и во случај на негова инвалидност или телесно оштетување, со тоа што да не заборавиме, телесното оштетување може да биде од 10 па до 100%. Не може да се прави разлика во случај ако има телесно оштетување, или ако настапила инвалидност да биде на товар на Министерството, а во сите останати случаи ако не е осигуран по ниеден друг основ, да биде на товар на Фондот за здравствено осигурување. Ако веќе тука е на товар на Министерството истото лице, тогаш зошто да не биде и лицето кое било повредено, било спречено или се разболело кога укажувало помош на полицијата. Министерството требало да размисли дали ова нема да предизвика дополнителни промени. Ќе бара дополнителни промени во Законот за здравствено осигурување каде се регулирани надлежностите на Фондот за здравствено осигурување и правилниците, што значи повлекување промена на правилниците со кои се уредуваат начинот и правата на осигурениците при задолжителното здравствено осигурување. Тоа како укажување.

Во тој контекст, во преодните и завршните одредби е дадено дека министерот во согласност со министерот за здравство, да донесе подзаконски акт за здравствените и психофизичките способности што треба да ги исполнува лицето кое треба да заснова работен однос во полицијата, начинот на нивното утврдување, роковите, начинот на контролата на здравствената и психофизичката способност на полициските службеници, токму во делот за кој јас зборував во членот 104, континуирана контрола на здравствената и психофизичката состојба.

Јас би сакала тука да завршам и да кажам дека важноста на овој закон извира токму од фактот дека полицијата е единствен орган кој може со присила, легална присила да ја врши својата функција. Значи непосредно се однесува на граѓаните на Република Македонија, на личниот интегритет на граѓаните. Добро е што во вака голем број на одредби, ќе повторам, се допрецизирани во детали, начинот на постапување на полициските службеници. Секако дека во одредени сегменти Министерството ќе ги прифати забелешките кои доаѓаат од колегите и оние забелешки, најверојатно, кои ќе следат од експертите. Така што јас ќе го поддржам Предлогот за донесување на закон за полиција, со надеж дека определени забелешки ќе бидат прифатени при изготвувањето на текстот на Предлогот на законот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

На ред за збор е господинот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе,

Почитувани пратеници почитуван министре,

Еве денес, можеби со право поминавме многу точки од она што ни е на дневен ред. Беше очекувано оваа точка да предизвика внимание и расправа.

Секогаш е пракса во Собранието кога доаѓа еден закон кој се разгледува во прва фаза или Предлог за донесување на закон, да посветиме повеќе внимание на она што ни се нуди, на потребата од тоа .

Законот заслужува внимание од повеќе аспекти.

Јас, прво, заложник сум, кога се предлага некој закон, да оди во редовна процедура и кога дискутираме во првата фаза да ги кажеме сите наши забелешки и верувам дека претставникот на Владата, затоа тука седи и цел ден, да ги сослуша нашите забелешки, да ги прочита стенографските заблешки, се со цел да се дојде до едно подобро решение и да се дојде до еден закон кој треба да биде имплементиран и кој треба да ја оправда својата основна цел поради која и се нуди. Тоа е една причина поради која сум заложник на една ваква процедура, па од тој аспект еве пофалба за предлагачот.

Од друга страна, секогаш кога се нуди закон што во правниот систем во Република Македонија го нема, значи не постои, навистина заслужува внимание да се разгледа по сите основи.

Закон за полиција во Република Македонија до ден денеска немало. Ова е прв пат, текст што се нуди и прво решение што предлагачот го нуди во насока на тоа да имаме еден посебен закон за полиција, иако, можеби, зборот полиција не е нов, ниту она што овде е наведено како задачи, цели, надлежности и тн., не ни се непознати работи, што до сега во еден најголем дел беше апсолвирано во Законот за внатрешни работи.

Но, ние и граѓаните на Република Македонија сме навикнати, на некој начин, секогаш кога ќе се спомне МВР тоа да ни асоцира на полиција. Јасно дали можеме да правиме разграничување помеѓу оние цивилни служби внатре во самото Министерство за внатрешни работи и сето она што го подразбира Министерството, вклучувајќи ја највисоката точка, тоа е министерот, па се надолу по една хиерархиска поставеност и тн. Сето она што го има внатре во МВР како посебни служби.

Можеби од тие причини, не можеби,туку сигурно една од тие причини е тоа што со законов за полиција се дефинира токму полицијата. Она што претставува служба што и до сега и од сега треба да го чува и обезбедува јавниот мир, ред и мир и да се грижи за безбедноста во Република Македонија. Од сето тоа, јасно е дека овој закон е лек специјалис. Тоа е неспорно. Сепак, бидејќи со овој закон, предлагачот не предлага да престане да важи Законот за внатрешни работи, тој останува да важи, овој сега ги издвојува членовите што во тој закон беа регулирани полициските работи, сега се издвојуваат во еден посебен закон, така што и едниот и другиот повторно ја правата целината, со тоа што сега добиваме еден лек специјалис за одредена служба, што овој пат е дефинирана во посебен закон.

Меѓутоа, почитувани колеги, секогаш кога разговараме, барем јас поаѓам од таа основа, кога разговараме за еден закон што во секој случај, повторно ќе кажам е сепак новина, не може а да не се запрашаме сите овде дали воопшто имаме потреба од донесување на ваков закон. Значи, интенцијата на Владата во оваа расправа е токму таа. Дали е потребно да се донесе овој закон, имаме ли потреба?

Ако одиме по многу критериуми, јас едниот веќе го кажав, дека во правниот систем не постои ваква регулатива, од тој аспект неминовно е добредојдено што не е регулирано и тн. Од тој аспект е јасно.

Второ, дали тоа што за мене можеби е клучно прашање, што сакам сите пратеници колеги овде да го размислат и во своето размислување да го апсолвираат тоа што сакам да кажам како причина, се надевам дека министерот за внатрешни работи ќе го испровоцирам да размисли тука, дали со овој закон, тоа што овој закон ќе го регулира во смисла на полициските работи од организацијата на полицијата, полициските овластувања, правата и обврските и тн, и тн, ние на тој начин ќе дојдеме до подобра безбедност во Република Македонија? Или, можеби основната задача на полицијата, на МВР е што поголема безбедност, односно граѓаните во Република Македонија да се чувствуваат што побезбедни.

Покрај оние причини што овде се наведени, како наше прилагодување кон европското законодавство, акциониот план на Владата и тн. и тн., не би сакал да ги повторувам, ниту да ги искажувам, ниту да ги оправдувам, ниту тоа за мене е клучно прашање, дали ние сега со посебен закон правиме некаква реорганизација во МВР со тоа што ги издвојуваме полициските работи, полициските овластувања во посебен закон, со тоа што правиме една реорганизација на полицијата, со тоа што даваме одредени надлежности, што правиме на некој начин структурно разграничување, реорганизирање, отпишуваме кои се тие организациони единици и тн, и тн., тука сепак има доста новини, дали тоа ќе придонесе во Република Македонија да дојдеме до поголема безбедносна состојба? Тоа е основното прашање.

Ако е појдовен мотив на предлагачот дека, сепак, ниту Република Македонија е изолирана од светот, ниту Република Македонија е некоја посебна држава надвор, на некое пусто острово, тоа е факт, меѓутоа факт е и тоа дека ние сме секој ден изложени на што поголем криминал, изложени сме на се поголема несигурност. Можеби тоа не потекнува само од Република Македонија, можеби се рефлектира и од другите

земји но факт е дека и како Влада и како Парламент и она што значи надлежни институции да се бориме против тој криминалитет. Нормално е да се постави прашањето, начинот на организацијата, начинот на кој што до сега беше организирана целата оваа работа односно полицијата, дали може тука да се најде главната причина поради која што имавме во одредени случаеви неефикасни случувања, неефикасни мерки и тн, и тн, не би сакал конкретно секој случај да го елаборирам.

Се покажа и во праксата и сите овие 15 години дека во многу случаеви, можеби токму поради таквата организирана екипираност на полицијата, можеби заради тоа што не постоеше ваков закон, заради тоа што немаше јасни одредби кој е што во рамките на полицијата и се случуваа работи што јас овде не би сакал да ги потенцирам, но сите добро ги знаеме, каде што секој еден граѓанин си го поставуваше прашањето дали ние воопшто живееме безбедно во Република Македонија.

Одговорот е, почитувани колеги, не. Ние не живееме безбедно и јас би сакал и се надевам дека, еве нека почне со овој закон, нека се направи како што треба во смисла на реорганизација, во смисла на една почетна иницијатива како закон и се она што следува како подзаконски акти да дојдеме до поголема безбедносна состојба во Република Македонија.

Оттука, морам веднаш да се задржам, не ми е целта да одам по ред по членовите, туку онака како што јас сметам дека е можеби многу битно или можеби не е битно, но морам да се задржам на она што овде низ членовите ни се нуди како новина. Тоа е начинот на организацијата на полицијата, што е сето регулирано во членот 14 па натаму. Можеби најинтересните членови се членовите 17, членот 12, 19 и тн.

Би сакал, почитуван министре, почитувани колеги, за ова што сакам сега да го зборувам да не ме сфатите од аспект на локал-патриотизам. Факт е дека со вршењето на полициските работи сега се прави една нова измена. Ги немаме повеќе оние служби за внатрешни работи или управи за внатрешни работи, сега воведуваме сектори. Ако до сега такви сектори или такви служби во Република Македонија имало 11, сега ги сведуваме на 8.

Читајќи го членот 17, ставот 2 не можам а да не се запрашам, а за да се запрашам морам да го прочитам ставот за да биде појасно, значи, "Секторите за внатрешни работи ќе се формираат во зависност од големината на подрачјето", ќе потенцирам, "од големината на подрачјето, бројот на населението, бројот на кривичните дела и прекршоци, како и значењето на патните правци и географската положба". Ставот нема мани. Тоа е факт дека така треба да бидат формирани.

Меѓутоа, почитуван министре, не го сфаќајте ова лично, се обраќам кон вас бидејќи сте овде претставник на Владата, а тоа се однесува на Владата бидејќи таа е предлагач, не можам да сфатам ако овој критериум во ставот 2 е битен да сега направиме сектори за внатрешни работи од 11, ги намалиме на 8 или 12 колку биле, можеби е прифатливи. Не е битно.

Меѓутоа, во сета таа работа Прилеп да не биде посебен сектор за внатрешни работи, не дека сум прилепчанец, но навистина е изненадувачка работа. Големо изненадување. Ќе ви кажам и зошто. Еве, да одиме со ред, според критериумите.

Ако тргнеме од големината на подрачјето, прво, Прилеп воопшто не е мал град. Прилеп е град, не знам точно колку по број на жители кој би дошол, но сигурно некаде петти-шести во Република Македонија. И, не само по број на жители, туку и по се друго што значи во оваа Република Македонија сепак Прилеп има некое свое посебно место. Требало да поминат години да Прилеп се издвои како еден центар за да не биде под Битола, како што некогаш бил во многу сектори, а сега да се враќаме повторно во Битола. Тоа е едната работа.

Ако тргнеме од големината на географското подрачје, по бројот на населението кажав, не е проблем само градот Прилеп, околу градот гравитираат села, места и тн. што во секој случај можат да бидат една посебна целина. И биле. Како да го земете и како територијална организација па дури и со Законот за територијална организација каде се организира на локално ниво, Прилеп има посебна единица. Дури и со Законот за територијална организација Прилеп го доби она што претходно го има изгубено. Не ми е сфатливо да сега го губи секторот за внатрешни работи, заради некој критериум што можеби кај предлагачот, кој сака да создаде некакви региони во кои што, навистина, нема оправдување Прилеп да биде исфрлен во рамките на Битола. Тоа е втор критериум.

По бројот на кривични дела и прекршоци, ова го разбирам почитуван министре, дека во тие подрачја е битно дали има повеќе кривични дела, дали има помалку кривични дела и од тој аспект се прави некаков регион. Значи, на одреден регион треба да има некаква рамнотежа во делот на извршувањето на кривичните дела и прекршоците. Од он што го знам, почитувани колеги, Прилеп, во секој случај, можеби е на највисоката скала по извршување на кривични дела. И сега, дали треба да го издвоиме сам, тука, во делот на таа институција, во рамките на посебен сектор да го решава тоа прашање или да го препуштиме на некого во Битола да го решава тоа што во Прилеп, навистина, претставува зло? Не треба да ги спомнувам сите оние настани и ситуации, случаи што ги имаме во континуитет.

Ако е, пак, награда или можеби казна заради, токму бројот на кривичните дела што се случуваат токму на таа територија, казна во смисла дека овој сектор или оваа служба до сега

не знаела да си ја врши работата, тогаш тоа можеше да се изведе на поинаков начин отколку да се одземе секторот целосно.

Мојата главна забелешка, а тоа чинам дека и другите пратеници овде од Прилеп или кои потекнуваат од Прилеп ќе го кажат, се надевам во моја поддршка, повторно ќе кажам не од аспект на некаков локален патриотизам, но од аспект на правичност овој член 17, ставот 3, точката 2 да се измени. Односно, од Секторот за внатрешни работи - Битола да се изземе Прилеп, да се изземе Кривогаштани, Пласница, Долнени и тн. Тоа е и во Извештајот на Комисијата за политички систем и бидете сигурни дека на некој начин, ние, како пратеници, барем тие кои сме од Прилеп, се надевам и тие кои потекнуваат од Прилеп ќе се бориме ако треба и амандмански да го вратиме она што треба.

Затоа што, почитувани колеги, ако некогаш Прилеп беше гордост, можеби како град, денеска кај се е уништено во Прилеп, па да му го земеме и Секторот за внатрешни работи, и онака веќе се му одзедовме, веќе нема по што да го препознаеме Прилеп, барем да го препознаема по некоја служба за внатрешни работи, да не го сведеме на полициска станица како, на пример, полициска станица во село Коњаре или не знам кое друго село, Тополчани и тн.

Најмногу се плашам, почитувани колеги, повторно ве повикувам да размислувате вие кои гравитирате околу Прилеп, што треба со една ваква одредба да докажеме или да потврдиме дека Прилеп е едно од поголемите села во Република Македонија, па го ставаме во рамките на Битола?! Не. Прилеп бил град, останал град и треба да биде. И не може да се израмнува заедно со Могила, заедно со Новаци и да биде во состав на тој регион заедно со тие.

Еве и претседателот ме потсетува, навистина првата пушка пукна во Прилеп. И тоа треба да се респектира.

Шегата на страна, ова најсериозно го мислам, се надевам, повторно ќе кажам дека ќе има многу овде обрнувања на вниманија ова да се елиминира и да се направи една попрецизна, односно онака како што кажав. Тоа е тоа што на почетокот сакав да го кажам, дека ова не е никаков локал-патриотизам.

Што е сега она што овој закон го нуди и тн. Навистина, има доста решенија што заслужуваат внимание. Можеби некој ќе ги пофали, можеби некој ќе ги критикува, за тоа е оваа фаза и затоа ја правиме.

Тоа што заслужува внимание е како е оррганизационо поставена полицијата. На прво место би дошло Бирото за јавна безбедност, со свои надлежности прецизирани во членот 14. Со Бирото раководи директор. Го именува и разрешува Владата, за време од четири години.

Почитуван господине министре, овде би сакал да ви искажам моја забелешка, членот 14, последниот пасус или ставот 2 зборува дека со Бирото раководи директор кого на предлог на министерот го именува и разрешува Владата на Република Македонија за време од четири години. И толку. Мислам дека овде недостасува став 3 во кој што треба да се утврди какви услови и кои посебни или општи услови треба да ги исполнува кандидатот кој треба да биде директор. Неспорно е дека ќе го бира Владата, неспорно е дека ќе го разрешува Владата, но какви критериуми треба да исполни тој директор за да може да биде предложен и да може да биде избран.

Аналогно на ова, ако тргнеме да ги следиме сите членови каде зборувате и за началник на Секторот за внатрешни работи, командир, секаде имате предвидено услови. Општи и посебни, да има завршено тоа, работно искуство толку. Мислам дека е неправедно да се изостави ако Бирото за јавна безбедност, која се става како хиерархиски повисока институција да остане без услови. Според мене, треба да се додаде став 3, со што мислам дека ќе се согласат и другите колеги дека или е испуштено од технички аспект или не ја гледам логиката да може да биде директор на Бирото, да може да биде секој.

Од друга страна, ако интенцијата на предлагачот на овие високи места, дали е Бирото, дали е Секторот за внатрешни работи, дали е полициска станица, ако е интенцијата на предлагачот, а гледам дека е интенција, да во таквите места раководни луѓе бидат оние кои работеле во полицијата, со големо искуство, да има најмногу 12 години или не знам колку години стаж во полицијата, 4 години или 6 години на раководно, јасна е интенцијата дека треа да се оди кон стручност за да дојдеме до подобри резултати отколку да ни се случува како во сите изминати години, која власт ќе дојде така да става началник, затоа што едниот бил од СДС, другиот од ВМРО, третиот од ДУИ и тн.

Според тоа, за да се спречат токму таквите работи, за да можеме да ставаме началници од каде ќе ни текне, а после да кажуваме зошто ни е безбедноста таква и зошто не се интервенирало, каде се интервенирало, интенцијата ја поддржувам да имаме висок стручен кадар, да имаме професионален кадар и така да продолжиме. Но, тоа треба да се дефинира и кај директорот за јавната безбедност. Бидејќи надлежностите што се наброени во членот 14 навистина бараат стручни надлежности. Треба да имаме стручен кадар.

Тоа е веќе продолжено во членот 15, сето она што јас сега го кажувам. Кога се зборува за началникот кој раководи со Секторот, треба да исполнува високо образование, најмалку 12 години работно искуство во полиција од кои 6 години на раководно место. Тоа е она што јас го нарекувам професионализам и тоа е таа интенција што треба да продолжи, ако одиме кон тоа.

Би сакал овде да посочам една дилема, до вас почитуван министре. Кога говориме за началникот на Секторот за внатрешни работи,

тоа член 15 последниот став, началникот на централните полициски служби го назначува и разрешува министерот во транапарентна изборна постапка. Е сега, прво, не ми е јасно што значи "транспарентна изборна постапка". Да го објавиме во средствата за информирање, дали тоа значи, да соопштиме на медиумите дека сме избрале некаков началник или таа транспарентност треба да се однесува на кандидатите кои се кандидирале, кои лица биле, дали е гледана нивната стручност и тн. и тн.

Мислам, начинот транспарентна изборна постапка треба да биде прецизно дефинирана. Или ако не во законот, во некои подзаконски акти вие што ги наведувате, но во секој случај не треба да остане само збор, затоа што е апсолутно нејасен. За некои можеби е јасен, меѓутоа ќе прави проблеми. Под транспарентна постапка може да се мисли се. Тоа е едната дилема.

Втората дилема е, ако Бирото за јавна безбедност, согласно овие надлежности што ги има, на некој начин има некое директно влијание врз секторите, што не ја гледам логиката зошто министерот да ги поставува или ако веќе министерот ги поставува и ги разрешува, тогаш треба да има малку поголема контрола, а не тоа да се препушти само на Бирото. Мислам дека една поголема синхронизација, барем во делот на изборот кај началниците, да стои уште еден збор, да речеме, на предлог на Бирото и на директорот на Бирото кои го бираат министерот. Сето тоа треба да се направи, за да има некоја хиреархиска поврзаност ако е Бирото некеков си орган повисок од тој сектор. Сепак, да има некаква улога со оглед Бирото да води сметка за многу работи што се случуваат, ја следи таа состојба, дава сугестии, дава мислење, значи да има некоја позадина на која што треба да се базира.

На пример, еве го членот 16 каде што се зборува дека директорот на Бирото може од полициските службеници да формира полициски единици за извршување на определени задачи. Тука завршува членот, а сега повторно ќе го кажам она што предходно го отворив како прашање, ако директорот на Бирото формира такви полициски единици, специјални единици или како да ги наречам, заради безбедност на Република Македонија, дали на тие единици треба да има некаков началник, треба да има некаков командир или не знам што и кој треба него да го бира. Министерот. Добро, јас ова го наметнувам само како дилема. Членот 17 го апсолвиравме.

Сега, аналогно на она што во членот 17 зборував за Прилеп, требало членот 20 да се избрише - полициска станица Прилеп. Тука да се додадат другите.

Не би сакал почитувани колеги, да го отворам прашањето на членот 21, само сакам да ви скренам внимание, овој член внимателно да го прочитете, и мислам дека на него треба уште усогласување согласно Законот за локална самоуправа.

Интересна е одредена одредба од членот 30, сега каде што веќе отидовме кај полициските овластувања, сакам да укажам уште на неколку члена за кои што сметам дека ете јас имам поинакво гледање. Значи, членот 30 кој зборува за примената на полициските овластувања, при таа примена повикување, приведување и задржување, полицискиот службеник мора веднаш да го извести лицето на јазик што го разбира. Се мисли на лицето за причините на повикувањето итн. Сега, овде се отвара прашањето колку јазици треба да знае полицаецот. Затоа што, во Република Македонија имаме толку многу етникуми ако на секого му објаснуваме на тој јазик што го разбира, бидејќи овде многумина се прават дека не разбираат друг јазик освен нивниот, ќе треба во полициските служби, во законот за полиција или на полициските службеници да им одржуваме секојденвно курсеви по јазици, за да ги научиме. Сигурно, тоа ќе биде еден голем проблем. Ми се чини дека не е јасна одрадбата на јазик кој што го разбира оној кој го приведуваме, сепак оваа наша држава да има дефинирано што е службен јазик, па ако не го разбира ќе го научи. Мислам дека толку многу не треба да му се даваат права, затоа што кога ние некого таму приведуваме и приведуваме, додека му кажеме тој да разбере, ќе ни избега како што е впрочем во пракса во последно време. И мислам дека тука не треба да стои, на јазикот кој го разбира, затоа што се знае кој е службен јазик во Република Македонија и полицијата треба да си го користи службениот јазик нема што друго.

Членот 39 е сега таканаречено повикување доста досега користен термин информативен разговор, место каде што се случуваше во праксата да има доста злоупотреби, така што буквално секој можеше да повикува на информативни разговори за разни причини, јас мислам дека овој член дефинира што значи повикуање, што знажи информации и информативен разговор. Тоа го дефинира членот 1. Меѓутоа, во ставот 3 на член 39 каде што се зборува дека повиканото лице може присилно да се доведе само со судска наредба и потоа продолжува "и само тогаш кога очигледно ..." итн, не би сакал да ги чита, правнички не е во ред, ако веќе еднаш се каже само со судска одлука и понатаму да наведуваме по тоа и по тоа, значи не е само, не е единствено, што значи има повеќе начини и јасно е дека има повеќе начини. Значи едно е судска наредба, второ е доколу одбегнува да се јави на уредна достава и трето е доколку своето недоаѓање не го оправда. Зборчето "само" не би требало да стои, затоа што не е само со судска наредба. Кога може лицето да се повика од 6 до 22 часот, тоа е новина. Досега за стариот закон немаше некоја одредба до кога и како или се однесуваше на работното време итн. Не би сакал повеќе да се осврнувам на сите овие членови, сметам дека во основа законот е добро напишан, текстот е

добар, нема многу грешки и тоа сме го забележале и на комисиите. Она што е спорно како забелешка тоа тука го кажуваме.

Би сакал уште една дилема почитуван министре, тоа е членот 99 и членот 100. Членот 99 каде што се зборува дека полицискиот службеник може да извршува самостојна или дополнителна, стопанска или професионална дејност по претходна согласнот од министерот на начин и под услови утврдени со посебен закон. Ставот 2 кажува како тој службеник треба и да ја обавува оваа дејност. Ми се чини дека можноста да се даде на еден полицаец или полициски службеник можност да работи дополнителна дејност, која можеби нема да има блага врска со неговата професија, отвора некој проблеми, кои навидум сега можеби не се толку очигледни, но можеби ќе бидат. Не би сакал да претпоставувам, но јас би укажал со еден пример, да речеме, како тоа би изгледало. Јас разбирам и ценам се согласно со министерот и услови пропишани со посебен закон, но сакам да укажам дали воопшто треба да се даде таква можност. Според мене, не би требало, затоа што да претпоставиме една ваква состојба. Полициски службеник работи во работно време како полицаец, а надвор од работното време држи некаков кафиќ во негова сопственост. Сега не треба да апсолвирам и да кажувам, на сите ни е јасно и познато што се случува во тие кафиќи, дека не се почитува закон, дека она точење на малолетни алхохол не треба да се дава, а истото се прави дури во присуство на полициски службеници и таквата можност сега да му ја дадете на некој полициски службеник. Мислам дека тоа би станало честа пракса. За тоа треба сериозно да се размисли, дали со тоа тој службеник го губи дигнитетот или ако се смета и мисли, но тоа треба сериозно да се разграничи во тој посебен закон. Да речеме да може да работи во некоја агенција за обезбедување итн, тоа би било на некој начин соодветно. Значи, ако веќе се дозволува можноста, во она што значи посебен закон, сепак треба да се ограничи кои се дејности би можеле или не би можеле да ги обавува.

Исто така и членот 100 каде што зборува полицискиот службеник со членување во политичка партија и со учество во нејзините активности не смее да го доведува во прашање вршењето на полициските работи. Мислам дека оваа одредба е чиста декларативна, тука треба да се разграничи, или полицискиот службеник може да членува во политичка партија или не може да членува во политичка партија. Тоа треба јасно да се каже, затоа што вака да го доведе во прашање вршењето на полициските работи е декларативна работа и тука никој ништо ниту ќе може ниту нешто ќе може да спречи. Значи, почитувани колеги, почитуван министре ова се отприлика моите забелешки што јас имав да ги кажам на овој текст и на ова форма на закон. Значи повторно ќе кажам јас ќе гласам позитивно, ова е прва фаза. Сакам да му дадеме преодност, да му дадеме можност да дојде до финален текст, да се регулира некоја област која десега не е регулирана, со една огромна забелешка и апел до предлагачот, пред се, Прилеп да го задржи Секторот за внатрешни работи или ако веќе тоа не е можно да ги слушнеме аргументите од министерот или тој што е предлагач, зошто не може итн. Тоа е едната најголема забелешка, како и оние неколку што можат да се квалификуваат како поситни забелешки на текстот што јас мислам дека треба да претрпат измени. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Караџовски. Добро е што половина час говоревте и вреди, како што рековте, дека ова е прв пат да имаме ваков закон, вреди да се продискутира, а и во пријавените пратеници се гледа важноста на овој закон.

Господине Флоровски повелете.

**Александар Флоровски:** Почитувани пратеници, министре.

Законот за полиција во прва фаза, ред беше една ваква работа да се направи, иако постоеше Закон за внатрешни работи кој го покриваше работењето на МВР и на самата полиција, се со цел и во интерес на македонските граѓани, што е и основната улога на Министерството за внатрешни работи. Заштита и интегритетот на државата итн, да не ги набројувам работите кои се општо познати на сите нас.

Но, има една основна работа за да може овој закон да заживее онака како што е напишан, а претпоставувам дека е напишан професионално, го работеле професионалци, иако од моето скромно искуство во Комисијата за ДБК два мандати, ми говори за некои пропусти кои ќе ги набројам. Сметам дека тие можат да се исправат или да се најдат поквалитетни решенија или во краен случај да се бришат. Тука вие имате главна улога, вие со вашите работници, што е тоа што треба да доведе до поквалитетно работење на самата полиција и поефикасно во секој случај. Во една Македонија во каква што се наоѓаме, во една Македонија каде што буквално секојдневно не дај боже може да ти се случи, како што се случи пред некој ден на пластичарската улица. Ова не го говорам за да набедам некого дека можело тоа да се спречи. Некој ако наумил нешто да направи, ќе го направи, а полицијата има задача после тоа да го брка. Правам една мала парадигма на работите кои што се случуваат во државата. Во тој контекст е и вашата изјава овде во Македонија дека АЛФИ-те имаат уапсено 950 души, што е една бројка за респект, а имало 550 напади на полицајци. За да не се случуваат такви работи и се да биде во една законска рамка се донесува овој закон.

Министре, има еден друг проблем. Не може да очекувате ефикасно работење од полицајци кои основица од плата имаат 11.900 денари во почетокот, а за стажот да не говорам, кој се добива со годините на работње 0,5 посто секоја година. Не можете да очекувате со 12.000,00 денари некој полицаец да става глава во торба.

Ако се земам себеси за пример, по некоја случајност заработив како полицаец и треба некаде да интервенирам, а имам зад себе две деца и жена, семејство кое треба да го прехранам, говорам народски, македонски како што размислува и секој обичен човек, за време на таа интервенција постои опасност некој нешто да ми направи или да ми ја скине главата, верувајте дека јас ќе се тргнам настрана, и ќе го соберам паднатиот, тој што останал, па ќе го притиснсм него да ми даде информации кои биле учесниците. Значи, првиот мој апел е едно валидно и вистинско размислување дека вие како министер за внатрешни работи кога ќе се носи Буџетот за државата, буџетот на МВР мора да се зголеми и платите на обичните полицајци. Кога говорам обични полицајци, сите ние сме обични луѓе, иако ги имаме овие функции, денес ги имаме утре ги немаме, не се ни битни, се е минливо и менливо, барем да им се качат за 50 посто, ако не и повеќе, ако сакате да имате професионално и успешно работење. Дури и тогаш знак на прашање дали некој свесно ќе стави глава во торба во овие матни времиња кои ни се случуваат во државата во еден поствоен период, каде што на секој чекор има оружје од разноразни профили. Недај боже може да налетате на некој будала и не сте му симпатични, па во грб да ве застрела. Има секакви луѓе. значи, инсистирањето од министерот Поповски да го зголеми буџетот на МВР, а вие таму да ги распределите по ставки, апсолутно држи и треба да се спроведе и треба да имате подршка од овој Парлалмент овде, без разлика на политичките опции, ако сакате да имате успешно работење, ако сакате да се справите со криминалот, на крај да обезбедите безбедност и на обичниот македонски граѓанин. Кога говорам македонски граѓанин, се подразбира говорам за граѓаните на Република Македонија. Не говорам за граѓаните кои по потекло се етнички Македонци, говорам за сите и секој има право на безбедност. Тука ќе имате апсолутна подршка кога ќе се носи оваа работа. Значи, со 12.000,00 денари со минатиот труд и со ноќниот труд, не може да ви работи полицијата онака како што треба. Говорам за делот кој е опфатен со самиот закон, а не говорам за тајната полиција која си има посебни фондови и треба да најде посебни фондови. Ако не најде тоа значи не ги бива луѓето, но потребни се и пари и за соработниците кои утре ќе даваат информации на полицајците од јавниот сектор за исто така поуспешно сузбивање на криминалот. Ова го кажувам како пример, како почеток дека не само овде, секаде во светот се тргнува и завршува со парите.

Напорите што ги правите за зближување на македонската полиција до македонските граѓани преку разните спотови, преку разните манифестации, се е тоа во ред и не треба да се жалат пари, затоа што министре, имам чувство за да имате успешна соработка, мора да сте блиски до граѓаните. А, за да сте блиски до граѓаните, мора да изградите еден квалитетен однос, да не кажам хармонија.

Правило број еден во македонската полиција, а верувам дека и на Запад е така, впрочем, вие подобро ги знаете работите, прво што се гради, се гради довербата, да не кажам еден хармоничен однос меѓу припадниците на МВР со и без униформа и греѓаните на дотичната држава. Тоа се само за да можете да лиферувате валидни информации, се во служба на ваше поквалитетно работење. За пример ќе ви ја посочам најстарата демократска држава во светот Велика Британија. И во минатото следејќи еден бивш југословенски весник НИН кој беше многу почитуван, пишуваа пера од почит од тогашна бивша Југославија.

Во Велика Британија постоеше едно непишано правило кое граѓаните на Велика Британија го почитуваа и го спроведуваа. Значи ако некој граѓанин на Велика Британија ќе отпатува во било која држава како турист и наслушал дека некаде лошо се зборува за британската империја значи тој не беше обврзан да оди во Министерството за внатрешни да каже, самоиницијативно одеше во првата полициска станица и она што го имаше слушнато го кажуваше. Но таму не добиваше третман на кодош, туку добиваше третман на граѓанин кој се грижи за сопствената држава, т.е. за Велика Британија. Ова писание го имам читано многу одамна можеби пред 20 години, во една бивша држава, но ми падна во очи. Значи самите граѓани водеа сметка за сопствената држава. Кај нас таквите информации мораат да се платат, дали тоа ќе биде ручек, дали тоа ќе биде вечера, дали ќе биде притисок, има милијон модуси, ако сакат да се извлечат информации од луѓето и таа мрежа си постои, што е нромална работа. Без таа мрежа не може да функционира ни една полиција. Значи примерот со Велика Британија може да го земеме како парадигма или пример за некои идни односи во македонската држава, меѓу полицијата и македонските граѓани. Но чувството дека таа блискост не постои е повеќе од очебијно. На пример, во време на вашиот претходник, па во времето на екс премиерот, господин Црвенковски, Хари Костов. Верувајте дека имаше страшна омраза кон обичниот полицаец, ни крив ни должен. Затоа што методите со кои работеа, да не кажам беа рурални. Постојат посуфестицирани методи. Не можете луѓето да ги водите среде Скопје со лисици на рака, бивши функционери. Повикате го, никој нема да избега, мора да се врати, овде му е фамилијата, овде му е државата, каде ќе оди по белиот свет, кој го сака. Значи ова го говорам од едноставна причина што полека треба да се создава таа доверба. На пример во еден минат период за време на министерувањето на госпоѓата Димовска. Имаше еден сосема подруг третман кон обичните граѓани. Ова се е во функција на законот кој го говорам. Зашто овде многу глави, многу членови говорат токму за овие работи. Нив ќе ги набројам. Еве ќе завршам со општиот дел. И во времето на Љубе Бошковски, постоеа симпатии према полицијата. За жал, пред вашите двајца претходници се создаде една

зла клима. Можеби не господинот Сиљан, така мислам се викаше тој во ДБК, но господинот Хари Костов, зад себе остави пустош кога говорам во однос полицаец макеоднски граѓанин. Зошто? Дали се потребни такви работи. Потребно ли е да се создава зла крв. Кога само на обичниот полицаец може да му помогне само обичниот македонски граѓанин. Дали со информации, дали со физичка помош во даден момент и т.н. Ќе мораат да се бараат други модуси. Односот на граѓанинот на Велика Британија со обичниот полицаец кој се вика Боби. Еден нормален однос, не гледат одбојност во него. Кај нас се гледа одбојност. Но се создава веќе една позитивна клима, можеби благодарјеки на вашето работење. За да дадам оценка морам да направам и анализа. Валидна анализа не можам да направам но она што го слушам од обичните граѓани се менуваат, не се како што беа. Велат, човекот е професионалец и работи професионално. Тоа се однесува на вас. Дека не работи партиски. Тоа го говорат ваши вработени, членови на ВМРО. Значи не говорат против вас, говорат со една позитивна комотација, што мене ми дава за право сето ова што го говорам и што ќе го кажам понатаму дека работите се движат во некој позитивен правец. И тоа е добро. Со репресија не се владее. Зла крв, раѓа зла крв. Затоа е потребен професионализам и соработка од сите што можат  да помогнат во одредени дадени моменти и се во интерес на државата и на граѓаните на Република Македонија.

Значи една од силите на овој закон е и зближување на МВР со граѓаните. И како таков, сакам да го поздравам.

Самиот текст е професионално напишан, колку што е моето умеење и знаење и верувам дека овој закон и во практика кога ќе се донесе, затоа што сеуште важи стариот Закон за внатрешни работи, ќе може да заживее во вистинска смисла. Јас не знам тајмингот кога го планирате, но пожелно е според мене, да ги помине фазите што побрзо. Значи со тоа сакам да ви кажам дека имате подршка во донесување на овој закон, иако припаѓам на опозицијата, припаѓам на БМРО, не велам на кое ВМРО, зашто сум ВМРО-вец и не можам друго да бидам. И патриот по некоја случајност и домашно воспитување. Треба да се има домашно воспитување за некој да ве научи да си го цените прво сопствениот народ. Значи, она што го говорев до сега е опфатено во членот 3, каде што вели главна цел на полицијата е одржување на јавниот ред и мир и поредокот во општеството и така натаму да не говорам. Но министре, лебди едно прашање вака. Дали тој јавен ред и мир или поредок функционира на цела територија на Република Македонија. Ако сакате да го слушнете гласот на обичниот граѓанин, знаете ли што ќе ви каже? Да, има ред и поредок каде што живеат Македонците, но во северозападниот дел од Македонија никако да се воспостави.  Сега можеби вие ќе излезете со одредени параметри ќе ме демантирате, но јас ви говорам што и како размислува обичниот македонски граѓанин. Значи не само Македонец, во случајот, припадници на разни националности, да не кажам малцинства. Како што е нормално секаде во светот, но  ние секогаш измислуваме топла вода, те народности, те националности. Тие се малцинства и крај. Без разлика во Уставот што пишува. Тој Устав е донесен под притисок и не би дискутирал, тука ќе завршам со тој дел. Значи, дали на цела територија на Република Македонија е воспоставен тој нормален поредок кој треба да го имаме. Мојот впечаток е дека чудни работи ни се случуваат, почнувајки од Куманово, Скопска Црна Гора, па ќе свртиме кај Тетово и ќе стигнеме до Дебар. Ова не е покажување на некоја верзија кон одредени малцинства. Таквите работи постојат. Колку вие успешно се справувате, дали имате доволен кадар. Колку што занм имате 14 илјади полицајци, од кои, барем јас мислам дека една третина добро работи, а другите две третини или преспиваат, или гледаат денот да им помине, зашто има и такви работи. Не може да правите споредба меѓу човекот кој се бори со криминалот на улица и тој курир кој треба две тајни писма да пренесе до шефот на Кабинетот на Претседателот на државата. Тука да расчистиме. Немаат иста тежина. Друго е да си на улица, а друго е да разнесуваш пошта и да добиваш иста плата. Значи тие работи мора да ги избалансирате. Мора да се покрене механизам, а механизмот на покренување работи за полицаецот, е мотивот. Не само за полицаецот и вашиот, и мојот, мотивот во секој нормален свет е да се платат. Кога ќе дојде, здравје боже, да се говори за Буџетот на Министерството за внатрешни работи, ќе станам и ќе ви дадам максимална подршка да се одвои добар дел, зашто основен стожар на една држава е Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана. Без тие два сегмента нема држава. Ќе ја снема државата на кои многумина атакуваат. Затоа сакам да ви дадам подршка и на вас и на тие полицајци кои чесно работат. Но и чесно да се платат. Со 12 илјади, никој нема желба и воља да работи. Мислам дека овде грото пратеници без разлика на политичките опции, размислуваме исто кога се работи за работењето на македонската полиција, која има тешки маки не само со криминалот. Треба да кажете дека е овој транзитен центар за многу други работи. Дека овде работат милијон и една служба, роварат. Тоа е можеби една тема за еден затворен парламент.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски, да не поминеме на една голгота за еден член, еве поминаа 20 минути.

**Александар Флоровски:** Еве ги имам претседателе нотирано.

**Љупчо Јордановски:** Ајде почнете.

**Александар Флоровски:** Значи мојата порака е претседателе добронамерна.

**Љупчо Јордановски:** Три пати ја слушнавме.

**Александар Флоровски:** Треба да ја почувствувате, филингот.

**Љупчо Јордановски:** Ја чувствуваме.

**Александар Флоровски:** Дали овој човек кој говори има лоши намери, или добри. Излагањето е во позитивна комотација, или во негативна.

**Љупчо Јордановски:** Ве молам, поминете на законот, зашто вовед од 20 минути е сосема доволен.

**Александар Флоровски:** Пледоае можам да држам и два часа ако сакате, не е проблем да говориме.

**Љупчо Јордановски:** За еден член 5 часа.

**Александар Флоровски:** Да, ама оваа е општа расправа, каде што можам да говорам и за членовите, можам да говорам и за самиот текст општо гледајки ги работите, но сега ќе поминам директно на членот 8.

Членот 8 за мене е нејасен. Имаме два три настана кои ги следевме на Македонската телевизија, а и другите приватни медиуми ги даваа. Двајца луѓе, значи едниот млад човек, кој е прикажан пред два дена, претепан од полицијата, дали беа припадници на АЛФИ-те, јас не знам и претходно некој постар човек кој исто така го снимаа со некакви повреди на главата. Членот 8 го регулира ова на некој начин и вели вака: кога некое лице ќе оцени, Флоровски го тепале и јас оценувам дека имам место да се жалам и давам претставка до полицијата во рок од 30 дена. Значи од денеска натаму 30 дена имам право да се жалам до Министерството за внатрешни работи.

Вториот пасус вели вака: полицијата е должна да изврши проверка по наодите од претставка од став 1 од овој член и во рок од 30 дена од денот на приемот на претставката во писмена форма да го извести подносителот на преземените мерки. Јас можам да верувам и на портпаролот на полицијата кој ги негира овие работи, можам да верувам и на оние двајца кои беа прикажани по медиумите. И се прашувам: дали во нашата држава постои пречекорување на полицијата, или не постои.

Според портпаролот на Министерството за внатрешни работи, кој е гласноговорник на ставовите на целиот колегиум, тоа не е само ваш, вие сте прв човек таму кој раководите, но мора да имате тим, екипа. Вели дека такви работи не постојат. Но кога ќе ги видите снимките, кога ќе ги видите луѓето џигеросани, ќе речете па навистина, некој ги тепал. Кој мене ќе ми верува како обичен граѓанин јас ако се пожалам. Значи, доаѓаме во еден втор момент. А тоа се вика кодекс на однесување. Јас овде некои работи сретнав на еден кодекс на однесување на македонската полиција. Така јас си го нареков. Мора да постои. Колку што е можно во оваа држава да се избегнува употребата на физичка сила. Затоа што многу повеќе ќе сознаете со еден добар збор, отколку со насилие. Тогаш проработува човечкиот инат. Значи да се навлезе во психологијата на обичниот човек. Тука постојат разно разни злоупотреби и членот 8 го ставам под знак на прашање, на кое може да ми одговорите, може да не ми одговорите, може го има во некои закони превземени од Запад и постоечки. Можеби и не постојат такви работи, но го ставам како дилема. Тука мора да бидеме јасни и децидни. Ќе градиме ли граѓанска држава, каде што Парламентот ќе биде највисок орган каде што отворено ќе разговараме за вакви проблеми, или ќе одиме по линија на помал отпор, да ги заташкуваме работите. Ако некој вистински згреши, еднаш сакајќи, друг пат несакајќи, мора соодветно да одговара. Кај тој несакајки, казната треба да биде помала. Ако тоа го направил сакајки, па и во некоја блажена состојба, тоа е ептен лоша работа и не заслужува да ја носи униформата која ја носи. Ако носи униформа. Ако е во цивил, нека си остане во цивил и нека си седи дома. Затоа што при 400 илјади невработени, ако распишете конкурс, ќе ви се јават мал милијон луѓе, кои сакаат да се вработат во Министерството за внатрешни работи. Тоа ви го гарантирам.

Членот 9, овде направив една мала споредба, да не кажам паралела меѓу членот 9 и членот 22. Зошто ова го велам? Членот 9 ставот 2 вели вака: "министерот доставува писмен извештај за извршените полициски работи и до Собранието на Република Македонија". Значи не е обврзувачко, "и работните тела на Собранието по нивно барање, Комисијата за ДБК, за внатрешна политика и т.н". Ова е на едно високо ниво.

Членот 22 вели сосема друга работа. Т.е. иста работа кажува, но во пракса е малку поинаку. Не говорам за нивото. Вие се обраќате до Паралментот, а командирот на полициската станица од член 21 ги информира редовно на барање на Советот на засегнатата општина. Дали не би било подобро да имате подршка од овој Парламент и да ни се обраќате редовно по круцијални прашања, кои се многу битни, за да може да ви дадеме целосна политичка подршка и проблемите да ги споделите со нас, отколку да се обраќате кога вие ќе процените. За жал, живееме во едни турбулентни времиња, каде што неопходна ви е подршката од Парламентот. Без разлика дали припаѓаме на позиција или опозиција. Ова што овде го говориме го слушаат сите. И сите зад нас имаме одредена групација гласачи.

Значи, членот 9 ставот 2, дали може да добие некое подобрување министре, тоа останува да го одработат вашите стручни служби. Јас повторно ќе кажам не сум експерт за ова прашање, но имам некое искуство од 8 години и на некои работи ме научи тоа 8 годишно искуство, работејки во таа матична комисија која го покрива работењето на Министерството за внатрешни работи, ДБК, Агенција за контраразузнавање и т.н.

Членот 10 се е во ред. Информациите, добро стои, да ги дава овластен работник, овластен од

министерот, т.е., портпаролот, тука нема што да одземам.

Членот 12 исто така е во ред. И да не го нотиравте, се подразбира дека полицијата соработува со странски полициски служби меѓу разни полициски организации, што исто така е во ред, но логично би било до колку ваква формулација не би стоела. Без ваква соработка, не би можеле да навлезете во разни пори. Не обичниот криминал. Страшен е тој кој не го гледаме. Тој е подземен. Затоа го викаме организиран криминал.

Членот 13. Една мала дилема роди кај мене. Вели вака во ставот 1: полицискиот службеник е должен во секое време да превземе неопходни мерки заради заштита на животите и личната сигурност на луѓето. Тоа значи кога е само на работа во униформа, или седи во кафана со сопругата, а е полицаец и носи цивил и не е на работно место. Тука мора да разграничиме. Ако дошол како цивил, а не е на работно место, значи не носи униформа, не можеме да очекуваме ако некој атакува врз нас да стане да не брани. Тие работи мора да ги расчистиме, за да ги знаеме. Значи се однесува само на времетраењето додека ја носи униформата, за тие 8, 9, 7 или незнам колку саати. Претпоставувам дека се 8 саати.

Во членот 15. Тука јас така би размислувал.

Мислам дека овде решението ви е многу лабаво. Јас би бил поригорозен, од едноставна причина што само ефикасна и професионална полиција и луѓе со долгогодишно искуство на раководни функции мора да се справат со она што се случува не само во Македонија, туку во сите посткомунистички, да не кажам постоцијалистички земји како што е Македонија, иако се поминати 15 години. Тоа е многу краток период за градење на една држава.

И во членот 15 точката 2 се вели вака: да има работно искуство, значи началникот, со централните полициски служби раководи началник. Тој мора да има високо образование, што се подразбира и мора да биде така, затоа што со неуки луѓе многу тешко ќе се разберете, со човек што е едуциран полесно ќе се разберете. Вториот момент е да има работно искуство во полицијата најмалку 12 години, од кои 6 години на раководно работно место. Јас би понудил едно подруго решение и кога ќе биде амандманската расправа јас ќе понудам сопствени амандмани, да има најмалку работено 15 години од кои 8 години на раководна функција, ако сакате да имате професионални полицајци. Ако сакате да имате аматери, а цел товар да паѓа на вас како министер и на самото Министерство, тогаш одете на едно пониско решение. Значи јас сум тука поригорозен, да одиме на 15 години од кои 8 да има поминато на раководни функции, затоа што материјата која ја работи е суптилна и тешка, затоа што имате работа со живи луѓе, немате работа со маси, со дрва, со седишта, имате работа со живи луѓе кои треба да ги набљудувате 24 часа дневно. Тоа бара концентрација, бара знаење, умеење и пред се бара искуство. Затоа предложив 8 години на раководно работно место.

Во членот 19 слична забелешка имам. Со Секторо за внатрешни работи раководи началник, кој треба да има завршено високо образование, што е во ред, и да има работно искуство во полицијата 12 години од кои 4 години на раководно работно место. Ова е едно пониско скалило од она претходното што го говорев, но може да важи истото решение: 15 години во полиција, 8 години на раководно работно место. Зошто да не се изедначи? Затоа што и тој носи одредена одговорност, одговорноста можете да ја попримите само со искуство. Друго е 4 години да сте во Парламент, друго е 8 години, друго е 12 години, има огромна разлика. Значи тука би апелирал, доколку сте во можност, да се направи една ваква измена, инаку амандмански ќе реагираме, а дали ќе прифатите или не, тоа веќе не е моја работа, негледајќи дали тоа ќе бидат кадри на СДСМ, ВМРО или незнам која политичка партија. Мора да се професионалци и искусни во сопственото работење. Верувам дека тука ќе имам поддршка од моите колеги пратеници, освен ако партиски и политички поинаку не им е наложено, што во полицијата многу лошо би се одразиле таквите партиски директиви. Говориме за професионализација на полицијата до максимум ако сакаме да се справиме со сите тие работи кои ни се случуваат и пред видното поле и подземно, добро обучени, искусни, чесни, добро платени-тоа да не се заборави.

Во членот 21 се вели дека со полициската станица раководи командир, кој ги врши работите во полициска униформа, што е јасно. Потоа се вели да има завршено високо образование, да има работно искуство во полицијата најмалку од 10 години. И тука е прашање дали се доволни тие 10 години или треба нешто повеќе да има, затоа што имате луѓе кои работите побрзо ги контаат и побрзо сфаќаат и побрзо се вклопуваат, имате луѓе кои потешко стигнуваат до одредно ниво, ако можам да кажам, ментално за да спроведат одредени работи што се од нивна надлежност, дадени во самиот член 21.

За членот 22 говорев во контекст на членот 9 дека командирот редовно ги информира и на барање на советот на засегнатата општина, како Чаир, Кисела Вода, Бутел. Чучер Сандево и тн. во таа смисла јас спомнав дека добро би било вие да се обраќате овде во одредени моменти кога државата се наоѓа на стаклени нози, а сме доаѓале до такви моменти и битна ќе ви биде поддршката од сите нас овде, без разлика на партискиот дрес кој го носиме. Во таков момент дресовите ќе ги заборавиме, сите ќе дишеме еднакво македонски за доброто на оваа држава Република Македонија. Јас барем така ги гледам работите, можеби некој друг поинаку мисли, но јас што да кажам? Зачаурен сум во сопственото

национално его и не можам да избегам од тоа, па можеби затоа така дискутирам.

Едно лошо решние, да не кажам катастрофално, е членот 30. Значи при примената на полициските овластувања, повикувања, приведувања, задржувања полицискиот орган мора веднаш да го извести лицето на јазикот што го разбира. Ве молам, човекот што го апсиме ако е од Пакистан каде ќе најдеме преведувач кој ќе му го преведе тоа на пакистански јазик, а не говори англиски, не говори германски, не говори еден од јазиците кои се говорат во светот или доаѓа во државата од Јужна Индија. Ќе го прашате на македонски! Па ако треба ќе дојде таму човек да му преведе. Каде ние во моментот ќе му најдеме некој да му преведе? Со пантомима ќе објасни, ќе каже, затоа што службен јазик е македонскиот. Или дојде некој Кинез од провинцијата Минг, доста е различен од официјалниот кинески јазик, па мора да барате преведувач.

Член 39-мислам дека овие забелешки моите колеги ги дадоа, ќе гледам да бидам побрз, еве 17,30 часот е - полицијата е овластена писмено да повикува граѓани заради барање потребно изјаснување во врска со собирање информации, известувања неопходни за извршување на полициските работи. Ова народски кажано се вика информативен разговор. Колку што се сеќавам од тој прв Парламент една ваква одлука избришавме, сега повторно се воведува, но министре, страшно е што се злоупотребува, а знаете за милион такви случаи каде што имаме злоупотреба на таканаречениот информативен разговор кој овде не се вика така, но фактички е тоа. Многу лошо звучи, во времето на едноумието ги повикуваа на информативни разговори, па имаше двајца полицајци, едниот добар, едниот лош, едниот се закануваше, другиот божем те бранеше, колку да пропееш. Видени, знаени работи. Овој член 39 може да биде злоупотребуван, а јас верувам дека вие не можете секаде да стигнете во секоја полициска станица, во селска или помала градска, па да знаете што се случува, па ќе имате еден куп претставки до Комисијата за ДБК, како што стигнуваа додека јас бев потпретседател на таа Комисија во минатиот Парламент. Имаше еден куп претставки на луѓе кои се жалеа на однесувањето на полицијата. Вели ме викнаа за едно, ме прашуваа сосема друго, немаше врска со она што беше повикот. Има една добра новина, луѓето ги оставате малку да поспијат. Инаку насабајле за неплатена казна за сообраќаен прекршок доаѓаа во 03,00-04,00 часот, ми звонеа на врата, еве ќе употребам ваков збор, како индијанци упаѓаа внатре и прашуваа каде е човекот, а се работи за тоа што не платил 1500 денари мандатна казна. Господе златен, за мандатна казна! Тоа мене ми се има случено, односно не мене, туку на син ми во 04,00 часот сабајле, па ги замолив луѓето да чекаат, им реков чекајте луѓе, ќе одам во суд да ви донесам документ дека е платено. Ама добивме налог од судијата. Па судијата потфрлил исто или судскиот соработник дека е платено. Еве сега повторно плаќам некоја казна, па повторно може да се изгуби, пак за сообраќајка, па да ми дојдат сега не во 04,00 туку во 06,00 часот, терминот е поместен од 06,00 до 22,00 часот. Мора тие балкански манири да ги забораваме, да бидеме пософистицирани, покултурни во однесувањето. Да ви кажам со тоа насилие и таквото однесување се создава одбојност, а таман почнуваа работите да тргнуваат, нешто да поправате од она што претходните двајца ваши претходници буквално срозија, еве, ви говорам најотворено. Немаше граѓанин кој не ги пцуел, верувајте, не постоеше. За вас не се изразуваат вака, говорам отворено.

И уште една работа. Полицискиот службенк е овластен да повика лице усмено и преку телекомуникациски средства, значи преку телефон. Од каде да знам за што ме повикува? Може да ме повика во 12,00 часот да се најдеме, да ме намести. Може ли тоа да се случи? Јас нема да се одзвам додека не добијам писмен документ, има налог од судот, треба да одам таму и таму и тоа кога ќе одам, ќе одам со адвокат, нема да одам вака. Членот 41 може максимално да се злоупотреби и сметам дека не е во ред. Дали ќе го бришете, дали ќе го модифицирате, не знам што ќе му правите, дали ќе го пеете, ќе го крстите, не знам, најдете му соодветно решение. Ме повикал некој началник од полициска станица Карпош, дојди Флоровски да се најдеме, но каде? Во 12,00 часот не знам во кое кафуле, а таму ме чекаат тројца батковци и едноставно чиста намештаљка, видени работи. Или го остава Флоровски сакото, па му ги бутнале парите. Се е можно, човек веќе во се се сомнева, за жал. Ве повикува полициски службеник, се претставува со име и презиме и верувате и ќе одите. Јас нема да одам, ако одам ќе одам со 10 души, нема да одам сам, нормално.

Членот 46, велите дека лицето во кое се сомневате дека сторило кривично дело може да се држи највеќе 24 часа. Има една лоша практика министре од минатото, не знам дали сеуште трае, наместо 24 часа вие да го држите 72 часа. По кој принцип? Доаѓа од полициска станица Бит Пазар, го собирате, го држите 6 часа, па го носите во Автокоманда, од Автокоманда го носите во Кисела Вода, 10 часа таму го држите, од Кисела Вода го носите во Бутел, од Бутел го носите во Ѓорче Петров и кога ќе соберете тоа се 72 часа. Човекот психички измрцварен потпишува изјава што апсолутно нема врска со вистината, вели само дај да си одам, овие ме изедоа. Таква работа постои и знаеме дека постои, тоа се правело во минатото, јас не знам дали сега се прави. Глупаво делува да се тормозат луѓето, ако постои дело викнете го, кажете му кои му се правата, држи вода, полицијата ќе открие ако не држи вода. Во законот пишувате 24 часа, а може да се држи три дена. Затоа што знам мал милион случаи кои не сакам да ги бројам за такви

злоупотреби, за кои вие можеби не знаете, затоа што никој не ве информирал, а треба да добивате сабајле извештаи. Верувам дека ги добивате, но ваквите работи не ги добивате, јас сум повеќе од убеден во таа работа.

Снимање на јавни места-ова е само озаконето, инаку постоело. Сум поминал многу митинзи, знам дека полицијата снима и добро е што снима за недај Боже нешто ако се случи или некој намести случка, да се види кој е и што е. Фаќате позици од покриви и снимате и тоа стоеше, но сега е ставено во глава 14 член 62. Сега е озаконето, не знам какво е старото решение затоа што го немам видено, но знам дека снимате и тоа стои. И да им кажете на сите пред митинзи јавно, господо, ние ќе ги снимаме сите митинзи, да не му текне на некого таму да дојде напиен да прави глупости и да знае дека полицијата го снима и дека нема веднаш да го прибере, кога ќе оди дома, кога ќе се отрезни, ќе си го прибере локалната полициска станица и ќе одговара. Преку медиумите тоа да се обелодени и да се каже господа, овој митинг ќе го снимаме, затоа што имаме сознание дека може да се злоупотреби или од партијата која прави или друга партија која ќе поднетне нешто, затоа што постојат и такви работи. Значи ова решение постоело, среќа, не видов решение дека и снајперисти ќе се ставаат на покрив како 1994 година што ми ставија на оној заеднички митинг со господинот Гошев и Демократската партија. Тоа е страшна работа да се види како стојат со снајпери и ги гледаш наредени. Да пукаат во сопствениот народ! Нешто невидено. Кој дал таква наредба не ми е јасно, навистина не ми е јасно.

Употреба на средства за присила спрема групи, наброени се во шест точки, но немате наброено седма точка која не знам на обичниот граѓанин како ќе му изгледа: употреба на гумени крушуми. На пример, Израел се справува со такви толпи со пукање со гумени куршуми. Дали кај нас тоа е возможно или не, незнам, не стои. Во членот 87 имате наброено се, шок бомби, димни бомби и тн., разни хемиски средства и тоа го имам осетено 1992 година лично на себе. Овде на господинот Фрчковски му обесив еден куп димни бомби, баш овде стоеја, на една друга стара говорница, а по повод настаните во Ѓорче Петров, каде што исто така имаше интенција да бидам наместен во таа толпа, но не е битно. Сепак јас сум дете од Чаир па се снаоѓам на некој начин да се извлечам од такви ситуации.

Е, членот 99 е доста интересен, министре и вели вака: полицискиот службеник може да извршува самостојно и дополнително стопанска или професионална дејност со претходна согласност од министерот, на начин и услови утврдени со посебен закон. Тоа значи 1000 припадници на МВР, поранешни лавови, тигри и не знам кои специјални единици ги имате таму, може да поднесат барање, вие тие барања мора да ги разгледувате. Нели се коси со полициската етика таа работа? Знам зошто го правите ова. Затоа што Владата и Министерството за финансии не ви даваат пари и малку се парите на полицајците. Мене ми е јасно дека мора да бара дополнителна дејност, а дополнителна дејност може да биде на полицаец обезбедување или од некаде да краде, а бидејќи полицаец не може да краде, ќе оди да обезбедува, а ќе обезбедува од 03 часот наутро, а од 06 часот е на работа и доаѓа мамурен, цела ноќ работел и цел ден треба да работи и да брка криминалци. Затоа говорев дека предусловот за донесување на еден ваков закон кој е во прва фаза и е добар со амандманите на тие два члена кои ќе ги дадам за зголемување на годините на работно искуство на раководителите, мора да им се зголемат платите на луѓето, нема друго решение. Ако треба министерот ќе го фатите, ќе го превртите вака на глава и ќе барате соодветен буџет за Министерството за внатрешни работи. Говорам за министерот за финансии. Треба да му се каже дека Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана се двата столба на оваа македонска држава. Ако ги немаме тие два столба, да си ги земеме торбичињата и да си одиме, како што велат Србите куд који мили мои. И во функција на членот 99 имаме сознанија кои се општо познати дека одредени припадници на Министерството за внатрешни работи се во одредени служби за обезбедување, да не кажам класично паравојска. Вие знаете за кого се работи, не сакам да говорам. И од таму имам доста познати, но тоа не е битно во моментот. И тоа се коси со таа професионална полициска етика. Затоа треба да се преиспита членот 99, да ги повикате експертите кои ги пишуваа. Јас веднаш би нашол решение, да ви кажам искрено, да сум на ваше место и ќе кренам халабука и во самата Влада и во јавноста ако не ми даваат пари, да кажете господинот Поповски е рестриктивен, не дека вие не давате пари, не ги дава министерот за финансии или таква е владината политика.

Јас немам сретнато никаде во светот, а имам поминато доста држави, полицајците да паднат на питачки стап, не видено нешто, не видено нешто. Полицаец да нема да закрпи од први до први, не можам да го објаснам поинаку освен како водење негрижа за еден од столбовите на македонската држава. Тоа е по вертикала одоздола па нагоре и сите ние заедно како чинители. (Во дискусијата му се меша Борис Кондарко) Кого ќе менувате? Ваш проблем, вие сте мнозинство, менувајте го, што сакате правете му, пејте го, незнам.

Имав уште нешто забележано, толку министре. Имав уште доста забелешки, но да отстапам малку време за следниот кој ќе говори, ова беше добронамерно, со добра волја, со добар дух од едноставна причина да ви се помогне. Знаеме на какви маки сте, пред се политички.

Благодарам.

(Во 17,43 часот со седницата продолжи да раководи Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието).

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Флоровски.

Господине Анастасовски дали ќе завршите до 18,00 часот? (Да).

Има збор пратеникот Иван Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Почитуван потпретседател, колеги пратеници, господине министер, ќе го почитувам времето и ќе оставам простор по мене за наредниот дискутант да каже тоа што има да го каже, бидејќи, верувајте, кога сте на ред после господинот Флоровски не ви останува многу од времето кое е предвидено за седницата по Деловникот, да кажете нешто, но добро тоа го почитувам кај господинот Флоровски, апсолутно добронамерно.

Денеска пред нас е законот за полиција кој всушност претставува обврска од потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација на Македонија со Европската унија и од тој аспект најпрвин ќе почнам со еден пасус од причините поради кои треба да се донесе овој закон, тие се наведени овде. Една од обврските на сложениот и обемен процес на европската интеграција ќе претставува дефинирање на основите за изградба на современ модел на полициска организација во која ќе бидат опфатени надлежностите на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и поместување на нивното тежиште согласно новите демократски процеси во Република Македонија. Тоа е навистина коректно и јас верувам дека предлагачот во овој дел се водел од законски решенија кои се претежно во нашето опкружување, а ги има наведено во своето образложение, меѓутоа, ќе поставам едно прашање дали во исто време се користени искуства на закони од земјите членки во Европска унија. За тоа најдобар одговор може да даде самиот министер, а верувам дека тоа така е направено.

Ова сакам да го поткрепам со еден податок кога пред година дена бевме во Стразбур и бевме на посета кај градоначалникот и на 100 метри од градската куќа се случи еден немил настан каде полицијата брутално приведе едно лице, најверојатно осомничено и за наша среќа ние успеавме како делегација да го документираме тој материјал. Со нас имавме и пишан и телевизиски медиум кои тоа го документираа. Мислам дека во пишаните медиуми одеше, а незнам дали на телевизискиот медиум тоа одеше, да видиме како всушност во срцето на Европа, значи во Советот на Европа каде се наоѓа се изврши една полициска акција. Од тоа можам да извлечам заклучок дека навистина покрај она што ние треба да ја направиме нашата полиција согласно демократските процеси, да и дадеме поголем квалитет на нашата полиција, од друга страна нормално треба да се води сметка и за тоа да има одредени структури во полицијата кои ќе имаат поагресивен настап. Она што го видовме навистина укажува дека и во земјите членки на Европска унија се работи на тој начин. Не можете секогаш во одредена полициска акција да одите да им давате слатки на луѓето кои се од другата страна на законот. Нормално дека во одреден момент во некоја акција мора да употребите малку повеќе сила. Од тоа нема бегање. Добро е што таквиот настан е аргументиран, случајно беше аргументиран од наша страна за да покажеме на нашата јавност.

Во изминатиот 15 годишен период на независност на Република Македонија сигурно нашата полиција се градеше како една авторитативна инситуција во Република Македонија и врз основа на сето тоа денешниот предложен закон може да се влече како едно искуство од работењето на нашата полиција, посебно говорам во периодот на независност на Република Македонија. Врз основа на тоа да се донесат вакви законски решенија кои ќе го уредат работењето на нашата полиција, бидејќи знаеме она што претходно го кажаа дискутантите, а многу беше кажано од оваа говорница, дека до сега полицијата работеше согласно Законот за внатрешни работи кој пред извесно време го носевме овде во Собранието на Република Македонија.

Исто така, позитивен податок е тоа што пред од прилика седум или осум месеци се случи на нашите медиуми од прилика 70% од граѓаните веруваат во нашата полиција. Значи, довербата, посебно после конфликтот во Република Македонија кај нашите граѓани во брз од се враќа кај граѓаните. Значи, околу 70% од граѓаните веќе имаат доверба во полицијата. Тоа е позитивен податок за самите луѓе кои го организираат Министерството за внатрешни работи понатаму да чекорат храбро кон целосна модернизација и реформа во полицијата.

На пример како реформи во полицијата она што значи полицаец на велосипед што во извесен период наназад ако се вратиме не беше замисливо полицаец на еден таков начин брка одреден вид на криминал. Меѓутоа, гледаме дека сега тоа професионално и совршено функционира кај нас во Република Македонија, а многу поодамна е вметнато како начин на бркање криминал во развиениот демократски свет.

Законите ги гледаме на тој начин по онаа општа расправа веднаш поминуваме на делот што значи законски решенија од самиот текст.

Јас ќе го направам истото, бидејќи ветив дека ќе оставам простор за мојот нареден колега и веднаш би тргнал со членот 3 од законот каде што кажува главна цел на полицијата е одржување на јавниот ред и мир и поредок во општеството, заштита и почитување на основните права и слободи на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот на Република Македонија, ратификуваните меѓународни договори, спречување и откривање и борба против криминалот.

Тука би сакал да коментирам дали е можно да се вметне после основни права и слободи на човекот и чување на дигнитетот и достоинството на граѓанинот. Понатаму ќе коментирам во членот 28 се јавува една таква формулација. Дали е можно да се вметне и тоа во членот 3.

Понатаму, сакам да прокоментирам за членот 15, претходниот дискутант говореше, меѓутоа, моите опции се тие да кажам нешто што го кажа и претходниот дискутант и да додадам некоја новина, ако имам да додадам.

Во членот 15 став 4 се кажува за оние услови кои треба да ги исполнува началникот кој треба да раководи со регионалните и тука под 1 се кажува да има завршено високо образование. Дали е можно да се врзе со некаков вид на образование или тоа Министерството ќе го прави со одредени подзаконски акти, бидејќи знаеме има разни профили на луѓе кои работат во полицијата. Дали е можно да се врзе со некаков вид кој е сроден на струката или тоа ќе се направи со одредени подзаконски акти. Тоа е како дилема која се јавува кај мене.

Понатаму, во членот 22 за кој исто така се говореше, значи командирот на полициската станица од членот 21 од овој закон редовно ги информира на барање на Советот на засегнатата општина. Тука веќе се работи за нешто што значи јавен ред и мир на граѓаните од локалните заедници. По мене тоа е нешто најбитно за граѓаните од општините, нормално е да се интересираат за она што значи нивна безбедност.

Од тој аспект терминот "редовно" во некои други закони сме вметнувале термин редовно, што според мене не е многу функцонално, па дали тоа може некако да се зацврсти, да се каже тоа да го прави на три месеци, да се каже тоа да го прави на шест месеци. Сега коментирам гласно, бидејќи според мене е многу поприфатливо тоа да се работи на три месеци да се информира Советот и со тоа самите граѓани ќе бидат на еден пократок временски период подобро запознаени со она што значи нивна јавна безбедност, а од друга страна комендирот ќе има обврска тоа да го прави на секои три месеци, а знаеме дека советите на општините одат јавно на локалните телевизии, така што според мене, подобро е да ги обврземе комендирите да го прават на период од три месеци.

Би коментирал за членот 28 став 2. Тука вели: во извршувањето на полициските овластувања, полицискиот службеник е должен да постапува хумано и да ги почитува достоинството, угледот и честа на лицата, како и основните слободи права на човекот и граѓанинот. Она што ви го напоменав во членот 3 го сретнав и во членот 28. Ова е навистина квалитетна одредба, меѓутоа, полицискиот службеник е должен да постапува хумано и да ги почитува достоиснтвото на граѓаните, честа и угледот. Тоа е многу важно не само за Република Македонија, туку во секоја држава се почитува честа и угледот на граѓаните како и достоинството. Меѓутоа, како граѓанинот или како ќе знаеме ние дека тој полицаец навистина хумано ќе постапи. Како до вас, до надлежните ќе стигне тоа дека одреден полицаец, полициски службеник постапувал хумано или непостапувал хумано. Значи треба контрола на сето ова. Имаме секојдневни примери каде одредени полициски службеници не го прават на хуман начин. Оној кој треба да се казни, граѓаните мислат дека тој не го прави на хуман начин. Каква би била контролата на ова што значи квалитетно решение во членот 28 став 2. Тоа продолжува и во членот 29 став 1, каде кажува дека полицискиот службеник во униформа при примена на полициските овластувања, должен е да се легитимира на барање на граѓанинот.

До сега лично немам позитивен број на примери каде полицискиот службеник решил или сака да се легитимира пред граѓанинот кој тоа го бара од него. Лично говорам, нормално вие ги имате тие показатели многу подецидно и квалитетно. Истото важи и за ова. Се работи за квалитетно решение каква ќе биде контролата на сето ова. Јас верувам дека граѓаните во одреден момент имат потреба да го легитимираат полицискиот службеник. Ако тоа не го направат останува само на тоа нема каде да се пожалат нема начин како нивниот глас да допре до ова.

Значи контрола на ова како ќе се спроведува.

Би сакал да коментирам за членот 53 каде се вели: предупредувањето и наредувањето се врши на јасен, недвосмислен и разбирлив начин. И толку. Како ве тој јасен, каков е тој недвосмислен и како ќе се докаже дека тој го напрвил на таков начин. Според мене е малку нејасно ова во членот 53 и би било добро сето тоа да се допрецизира и да можеме навистина да имаме увид во тоа дека полицаецот тоа го правел на таков и таков начин. Според некој полицаец може да биде на јасен, според тој што треба да се предупреди ќе тврди дека полицаецот бил брутален или незнам каков, па дали ова може да се контролира.

Добро, јас сакав и за членот 74, меѓутоа, ќе ги оставам трите минути кои ги бараше колегата после мене, само ќе кажам дека е позитивно тезите за подзаконските акти кои ги пропишувате и во еден дел од тезата кажувате за кодексот на полициската етика кој треба да следи и верувам дека во тој кодекс многу работи ќе бидат уредени како тоа што го бараат треба да се направи во полицијата.

Неспорно е дека се работи за квалитетно решение кое ќе има простор на јавната расправа дел да се корегира она на што има забелешки.

Апсолутно давам поддршка на ова.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Анастасовски.

Господине Мустафа до 18,00 часот има уште три четири минути.

Повелете има збор пратеникот Неждет Мустафа.

**Неждет Мустафа:** Благодарам почитуван потпретседателе, благодарам почитуван колега, што ги отстапивте овие вредни три четири минути.

Почитуван министре, сакам да ја искористам оваа можност по повод овој Предлог закон за полиција идејата на локалната самоуправа Шуто Оризари која е уште од времето на мојот мандат како градоначалник на општина Шуто Оризари, направивме елаборат во составот на локалната самоуправа Шуто Оризари односно во дел од таа локална самоуправа да има полициска станица.

Сметам дека токму сега во членот 17 вие можете да ја користите таа можност, верувам и коалицијата ќе даде целосна поддршка во вториот дел од расправата, мислам на амандманската да се прифати идејата за Сектор за внатрешни работи.

Значи, сите тие критериуми од членот 17 се исполнети во локалната самоуправа Шуто Оризари и токму покрај постоењето на полициските станици во Аеродром, Бит Пазар, Гази Баба, Драчево, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Центар и Чаир, сметам дека доста погодно време и доста погоден простор е токму сега да основаме една полициска станица во локалната самоуправа Шуто Оризари.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мустафа.

Овде ќе завршиме со денешната работа, утре ќе имаме седница за поставување пратенички прашања, а оваа седница ќе ја продолжиме во петок во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот).